Борис Мильовски
ИЛИНДЕН
И УРУГВАЈ
ОДЗИВИ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

БОРИС МИЉОВСКИ

ИЛИНДЕН И УРУГВАЈ

Рецензенти
Тодор Димитровски
Илија Корубин

Редактор
Мирко Миронски

Уредник
Евтим Манев

Ликовно-графичко уредување
Коста Бојациевски

Коректор
Благоја Гагалевски

БОРИС МИЉОВСКИ

ИЛИНДЕН И УРУГВАЈ

ОДЗИВИ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Што и како за Илинденското востание од 1903 година известувала француската агенција Авас и како дневниот весник „Ел дија“ ги информирал своите читатели во Уругвај.

СОВРЕМЕНОСТ
Скопје
1992

CIP — Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Климент Охридски“, Скопје

949.717.06:070(899)„1903“

МИЉОВСКИ, Борис

Илинден и Уругвај : одзиви од Илинденското востание : што и како за Илинденското востание од 1903 година известувала француската агенција Авас и како дневниот весник „Ел дија“ ги информирал своите читатели во Уругвај / Борис Миљовски ; [превод Евтим Манев]. — Скопје : Современост, 1992. — 116 стр., [4] стр. со факс. ; 20 см

Тираж 1000

УВОД

При крајот на 1976 година, кога стигнав во Уругвај, на должноста југословенски амбасадор, една од моите задачи беше и таа да ја запознаам културата на уругвајскиот народ. Затоа, меѓу другото, ја посетив и Националната библиотека во Монтевидео. Таа се наоѓа во една од главните улици и, како и другите национални библиотеки, покрај книги, располага и со периодика: со списанија и дневни весници. Мојата прва мисла беше да видам дали може тука да се научи нешто што е во врска со Македонија, објавено во 1903 година, во периодот на Илинденското востание. На мое големо изненадување дури најдов и многу нешта, пред сè во уругвајските дневни весници, кои пишуваат за таа година како година на Илинденското востание. Тука беа и разни аргентински весници, исто така полни со информации за ова востание.

Првото мое изненадување беше тоа што во врска со избувнувањето на Илинденското востание, најдов вести објавени уште во броевите на дневниот весник *„Ел дија“* („El dia“) од Монтевидео од 7 август 1903 година и дека овој весник секојдневно донесувал вести и пошироки информации од Македонија, кои зборувале за борбите на македонските востаници против турската војска, за политиката на големите сили, првенствено на Русија и на Австро-Унгарија, како и за акциите на балканските земји, особено на Бугарија.

Сите овие написи, објавени во *„Ел дија“* и другите весници што во тоа време излегувале во Монтевидео, биле всушност засновани врз вестите, информациите и коментарите на француската новинска агенција Авас

(Havas), тукуречи единствената европска новинска агенција чиишто материјали стигнувале на латинскоамериканскиот пазар на информации. Веста за Македонија е објавена во првата или втората страница на „*Ел дија*“ и во други весници од Монтевидео.

На овие весници, имено, треба да им заблагодариме што се пишувало за македонското востание, и тоа објективно и со полно симпатии, дури и во далечното Монтевидео. Пишувајќи така, тие му давале поддршка на македонскиот народ во неговата борба за слобода, а против турската тиранија. Зашто, не се работело само за пренос на агенциски вести. Самата редакција на весникот, „*Ел дија*“ била на такво професионално ниво, што можела да ги разликува повремените престрелки од една револуција, од востанието на еден народ што ја бара својата слобода.

Кога решив на читателот да му ја понудам оваа книга, имав намера, пред сè, да пишувам за Македонија, и тоа за Македонија од 1903 година, т. е. за Илинденското востание. Сакав, исто така, да пишувам за улогата на средствата за информирање во запознавањето на светската јавност со ова востание, што подразбира осврт врз известувањето на тогашната француска новинска агенција Авас (денес: АФП) за тој настан, како и за работата на еден од тогашните јужноамерикански весници, конкретно за уругвајскиот весник „*Ел дија*“.

Оваа книга содржи, според тоа, две главни теми: едната од Илинденското востание 1903 година, а другата — известување за тоа востание на агенцијата Авас, односно весникот „*Ел дија*“.

Зошто на читателот му е потребна една книга за Илинденското востание?

Пред сè, Македонија е поделена во четири држави — тоа е нејзината судбина: делови од Македонија се наоѓаат во составот на СФРЈ, НР Бугарија, Република Грција и НСР Албанија. Само во СФРЈ Македонија е призната како полноправен член.

Зборувајќи за Илинденското востание, во врска со тоа, како агенцијата Авас, односно весникот „*Ел дија*“ пишувале за Македонците како за посебна нација, дека така зборувал целиот свет, а дека само Турција и Грција и, се разбира, Бугарија ги третирале Македонците како Бугари. Зошто Турција и Грција зборувале за Македонците како за Бугари — ќе видиме подоцна. Впрочем, на соодветно место ќе биде објавен еден цел текст од агенцијата Авас, односно весникот „*Ел дија*“ на шпански и во превод на македонски јазик, па читателот ќе може самиот да заклучи кој народ го подигнал Илинденското востание, дали се тоа Македонци или Бугари.

Второто прашање е во врска со известувањето на француската новинска агенција Авас и уругвајскиот дневен весник „*Ел дија*“, т. е. средствата за масовна комуникација, благодарение на кои светот се информира за важните прашања и настани што се случувале во земјата и надвор од неа.

Не би било отповеќе нашиот читател да се запознае со тоа како дејствувале овие средства за масовни комуникации во тој период и на толкава раздалечина од нас, како и Авас и „*Ел дија*“ точно ја процениле стварноста за која пишувале и објавувале свои извештаи; потоа, дека објективно известувале за она што се случило во 1903 година и во Македонија, за Илинденското востание на македонскиот народ.

Според тоа, треба да се согледаат две работи: прво, како овие средства за информирање дејствувале за време на Илинденското востание и, второ, како нивните редакции биле организирани во тоа време.

*

* *

Илинденското востание на македонскиот народ од август 1903 година предизвикало изненадување во светската јавност, зашто таа не знаела дека нешто такво се подготвува и не била запозната со причините за тоа востание. Голем дел од таа јавност и не знаела дека постои македонско прашање, мислела дека турското владеење над македонските земји — кои денес ги викаме Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија — е

свршен факт, дека тие природно припаѓаат кон Отоманското царство. Верувала дека на Балканот, преку извојување на слободата на српскиот, грчкиот и бугарскиот народ, се решени сите прашања. Со други зборови, сметала дека на Балканскиот Полуостров постојат, вистина, Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија, како дел од Турција, но дека не постои македонска нација на територијата на Турското царство, кое ја опфаќало и територијата на Македонија.

Дури и оние што биле упатени во овие работи биле изненадени од востанието, од неговата сила и широчина, од подготовките за востанието извршени пред август 1903 година. Членовите на турската влада, потоа — пратениците на странските земји во Истанбул, дипломатите во разни градови на Македонија, како во Солун, Битола, Скопје и луѓето блиски до нивните влади, биле изненадени од стравотната ерупција на востанието.

Споменативе новинска агенција и дневен весник редовно ги известувале своите читатели, кои секојдневно очекувале вести за балканското бојиште, за борбата на една релативно мала, во споредба со турската војска, група луѓе, слабо вооружена; зашто, се работело за големи сили кои на некој начин биле вплеткани во таа војна и сакале од неа да извлечат определени користи; се работело за соседните земји, за Србија, Бугарија и Грција, кои исто така сакале да ја искористат таа војна.

Тоа што сè јавувал Авас и што пишувал „*Ел дија*“ го дознав во Монтевидео, во прекрасната зграда на Националната библиотека каде што токму за време на мојот престој во Уругвај ми дадоа да ги користам старите броеви на весниците, покрај другите и весникот „*Ел дија*“.

На чело на таа установа тогаш беше Серџо Виска, кој, инаку како познат писател, беше претседател на Академијата за книжевност, установа што во Уругвај има голема традиција. Тој брзо ми даде писмено одобрување дека можам да ги користам „*Ел дија*“ и целокупниот фонд книги и весници што ги поседуваше Народната библиотека.

Воспоставив одлична соработка во Монтевидео, не само во Националната библиотека, туку и на други места во тој убав град. На пример, помош даваше редакцијата на Радио Саранди, и тоа токму оној дел од редакцијата чиишто новинари, кога слушнаа за што се работи, дека се работи за македонскиот народ, кој во Југославија ги ужива сите национални права и кој таму оформи своја држава, додека другите два негови дела — оној во Бугарија и оној во Грција — се наоѓаат во незавидна положба — веднаш се заинтересираа и почнаа да ми поставуваат прашања.

Кога во весниците што излегувале во Монтевидео во месец август 1903 година пронајдов толку многу нешта за Македонија и за Илинденското востание и видов дека тие вести толку брзо стигнале и биле објавени во дневните весници на овој град, бев моќно изненаден, зашто не била во прашање само брзината, туку и оддалеченоста од околу 10.000 км.

Побарав објаснување од редакцијата на Радио Саранди, и добив неколку одговори: прво, дека тоа востание било навистина големо, дека во тоа време немало ниедна таква борба. Освен тоа, ми укажаа на некои локални прилики, имено — дека тогаш постоело нешто како натпревар меѓу земјите од тој регион, особено меѓу Аргентина и Уругвај, кој прв ќе објави вести за далечните земји, кој поинтересно ќе ги претстави итн.

Што се однесува до брзината за доставување вести од Европа во Латинска Америка, не треба да се заборави фактот дека телефонот преку океанот е воведен некаде по 1850-тите години, па според тоа било можно да се одржува врска за пренос на вести и таа врска да се воспостави уште истиот ден. Тоа што веста за објавувањето на востанието е публикувана дури на 7 август, треба да им се припише на Турците, кои објавуваните вести ги задржувале или на фактот дека турската влада не можела да се снајде и се двоумела во врска со тоа дали да ја прогласи за востание борбата на довчерашните „акцијаши“, кои вакви или слични акции веќе имале преземено, или пак можеби

востаниците ги прекинале сите врски на телефонските линии, па не можел никој да се снајде и да докаже дали се работи за востание или не. Во секој случај, тој период од два-три дена не претставувал никакво значително доцнење во информирањето за Илинденското востание.

Друго е прашањето кој ги доставувал тие вести до редакциите, т. е. дали тие имале некој дописник што од самото место, значи од боиштето, ги праќал своите извештаи, а кои потоа овде печатот ги објавувал. Таков новинар, меѓутоа, весниците од овој дел на светот не можеле да испратат, зашто тоа било скапо, па тогаш се потпреле врз извештаите што ги добивале од француската новинска агенција Авас, која во овој регион веќе имала бројни весници како свои претплатници, покрај другите и „*Ел дија*".

Морам веднаш да истакнам дека информативниот материјал во броевите на весникот „*Ел дија*" што го прегледав, е користен сосем зналечки. Сите вести за Илинденското востание што ги прегледав се објавени на првата или на втората страница, при што е наведена новинската агенција Авас, како извор на информациите. Извештаите се добро составени и со наслови што веднаш привлекуваат внимание, во врска со тоа дека се работи за востание во Македонија. („Востание во Македонија", „Македонски револуционери", „Област на Турција" — тоа се некои од заедничките наслови за групата вести од Македонија.) Сето тоа значи дека редакцијата на весникот „*Ел дија*" имала добри новинари, такви што востанието во Македонија не го гледале изолирано, како акција на десетина револуционери, туку како револуција на еден народ. Редакцијата на весникот им дала достојно место на извештаите за овие борби. Можеби во таквиот став на весникот „*Ел дија*" треба да се гледа и ставот на целиот уругвајски народ, кој бил на страната на малите, поробени и измачени народи, каков што бил македонскиот народ. Во пишувањето на весникот „*Ел дија*" — и не само на „*Ел дија*" — и во ставот на уругвајскиот народ, треба да се гледа поддршка за борбата на македонскиот народ, за негова слобода и независност. Денес, потпирајќи се врз пишувањето на весникот „*Ел дија*", сметаме дека е тоа важно и поради фактот што покажува дека македонскиот народ се борел како посебен народ, како нација, а не како некоја група од оваа или онаа нација — бугарска, српска или грчка. Она што е објавено во весникот „*Ел дија*" наполно се сложува со она што нашите историчари го напишале за тој момент од историјата на македонскиот народ, за настаните во овој дел на Балканот во почетокот на XX век.

Но, за овие прашања ќе стане збор натаму, во посебен оддел. Засега, ќе се задоволиме со тоа што знаеме дека тие вести, информации и коментари, ги пишувале новинари на агенциите Авас и на весникот „*Ел дија*", чиишто редакции немаат ништо заедничко со македонскиот народ, а спрема судирот со бугарската, српската и грчката буржоазија се однесуваат како неутрална страна, на која ѝ е сеедно дали се Македонците посебна нација или не.

Објавувањето на извештаите од новинската агенција Авас на колоните од весникот „*Ел дија*" е важно како доказ дека Илинденското востание навистина постоело, дека не е измислено, дека не може да се помине преку него. Постоеле, имено, обиди да се премолчи она што се случило, она што и печатот и новинските агенции, го забележале, дека, просто речено, работите се прикажуваат како да не се случило ништо. Други, пак, си го припишале себеси Илинденското востание. Овде се мисли на оние Бугари кои и денес сонуваат за велика Бугарија, создадена некогаш врз Санстефанскиот мировен договор, по победата на царска Русија над Турција во 1878 година. Меѓутоа, извештаите на новинската агенција Авас, и во весникот „*Ел дија*" покажуваат дека Илинденското востание немало никаква врска со Бугарите. И за тоа ќе стане збор во посебен оддел.

Сега ќе го прикажеме известувањето на новинската агенција Авас. Затоа, да поминеме од Уругвај, од Јужна Америка во Европа, во Југославија и во Франција, каде што да побараме некој што ќе може повеќе да ни каже за тоа како работела новинската агенција Авас за време на Илинденското востание, како била

организирана нејзината работа и како дописниците од разни места, па и од боиштата, праќале извештаи до својата редакција за сè, па и за Илинденското востание.

Првото што го сторив по враќањето во Белград, некаде кон средината на 1980 година, беше да стапам во врска со мојот пријател Павле Јанковиќ, дописник на францускиот весник „*Л монд*". Тоа беше во 1983, и тогаш П. Јанковиќ ми рече дека негов роднина во Франција работел нешто за Авас, но дека тој умрел, па дека с најдобро да се јавам кај белградскиот дописник на агенцијата Франс прес, г. Клод Живенал и дека од него ќе го добијам, ако не сите барани работи, барем она што е основно.

И не згрешив во тоа. Му се јавив на г. К. Живенал и со него почнав разговор во врска со тоа како некогашната новинска агенција Авас, денешната агенција Франс прес, успеала да го „покрива" Илинденското востание, па во врска со тоа пратив писмо во кое ги образложив моите прашања и дилеми. Писмото, упатено на 28 октомври 1983 година, ги содржеше следниве прашања:

1. Каде било седиштето на постојаниот или повремен дописник на Авас — во Истанбул или во некоја балканска престолнина, или можеби во самата Македонија (Солун, Битола, Скопје)? Како се викал тој дописник?

2. Дали дописникот на Авас во Македонија имал своја мрежа соработници, кои го информирале за тоа што се случува во овој регион, или пак информациите ги добивал од надлежниот орган за информации при турската влада, од француската амбасада или од амбасадите и конзулатите на други држави?

3. Во колкава мера редакцијата на агенцијата Авас, во Париз, ги користела извештаите од француската амбасада во Истанбул? Во случај редакцијата да ги користела тие извештаи, па тие и да претставувале единствен извор на информации за работата на нејзините новинари, со тоа никако не се намалуваат улогата и придонесот на Авас. Тоа само значи дека кон

информирањето на јавноста се придружил уште еден позитивен фактор, француската дипломатија, која со тоа покажува дека и самата била добро информирана и дека нејзините заклучоци и оценки биле точни и објективни. Ова, пак, позитивно се одразило и врз правилното информирање на француската влада и на француската јавност, а преку Авас — и на светската јавност.

4. Дали во редакцијата на агенцијата Авас постоела група за следење на настаните во Македонија, или пак тоа бил уредник што бил специјализиран за таа проблематика?

5. Дали се издадени и во архивите на агенцијата зачувани некои инструкции на редакцијата за известувањето во врска со востанието во Македонија?

6. Постои ли увид за тоа како претплатниците на Авас ги користеле извештаите за македонското востание, дали тие извештаи се скратувани или пак некои во целост се користени?

7. Постојат ли податоци за тоа колку весници и во кои земји биле претплатени кај сервисите на Авас во Европа, а посебно во Америка?

8. Како редакцијата во Париз одржувала врски со своите дописници во Македонија, дали постоеле телефонски или телеграфски или некои други (курирски и сл.) врски и како извештаите биле доставувани до претплатниците, т. е. весниците во Европа, а особено во Јужна Америка (Уругвај)?

Уште на 19 декември добив одговор од г. К. Живенал, на моето писмо:

„Г. Борис Миљовски, амбасадор во Секретаријатот за надворешни работи — Белград.

Драги господине Миљовски, простете најпрвин поради моето долго молчење, но бев мошне зафатен околу посетата на г. Митеран. Меѓутоа, јас не Ве заборавив и дури и се занимавав со Вашата работа кога при крајот на ноември бев во Париз, во текот на мојот краток престој во Франција. Еве го одговорот што можам да Ви го дадам со оглед на тоа дека постојат

сите архиви и дека, како што и претпоставував, се наоѓаат во Националната библиотека. Меѓутоа, немав време да ги разгледам.

1. Седиштето на дописникот на агенцијата Авас се наоѓало во Истанбул. Но, овие настани исто така ги покривал специјален дописник од Париз, по име Ж. П. (Жан Пјер или Жан Пол?) Сегањел.

2. Дописникот на агенцијата Авас секако имал контакти на самото место. Меѓутоа, во основа, тој ги користел и информациите што ги добивал од француската амбасада во Истанбул.

3. Одговорот е содржан под 2.

4. Не постоела никаква посебна група што ги следела овие настани.

5. Сите архиви на Авас се наоѓаат во Националната библиотека.

6. Ова се евидентирало секојдневно, како и денес во АФП. Документацијата за тоа би требало да се наоѓа во Националната библиотека.

7. Би требало точниот број да се наоѓа во Националната библиотека. Всушност, основано е да се претпостави дека повеќето весници во тоа време биле претплатени на Авас.

8. Изгледа дека во тоа време врските се одржувале претежно по телеграфски пат. И телефонската мрежа во тоа време била развиена, особено меѓу Париз и Истанбул.

Ете тоа е сè. Се надевам дека овие одговори, иако не се мошнѐ прецизни, ќе Ви овозможат да ја продолжите Вашата интересна работа, и натаму Ви останувам на располагање. Срдечно — К. Живенал."

Тоа се одговорите на Клод Живенал на моите прашања за работата на дописникот на Авас во Истанбул за време на Илинденското востание. Во писмото до Клод Живенал, јас истакнав дека сметам оти работата на Авас била значајна за делото на востанието, зашто таквата работа, колку и да била оптоварена со разни споредни извештаи, била всушност голем споменик за востаниците, кои тоа и не го знаеле.

2. УЛОГАТА НА АГЕНЦИЈАТА АВАС (ДЕНЕС: АГЕНЦИЈА ФРАНС ПРЕС) И НА ВЕСНИКОТ *„ЕЛ ДИЈА"*, ДНЕВНИК ОД МОНТЕВИДЕО, УРУГВАЈ

Првата вест за тоа дека пламнало востанието во Македонија ја наоѓаме во бројот на *„Ел дија"* од 7 август 1903 година. Оваа вест ја пратила француската агенција Авас, на 6 август 1903 година од Истанбул, а ја објавил *„Ел дија"*. Веста гласи:

„Ситуацијата во Македонија

Истанбул, 6 август. — Владата одлучи енергично да го совлада востанието што изби во Македонија. За таа цел, министерот за војна издаде наредба многубројни трупи да се упатат во овој регион."

Оваа вест на Авас, односно на *„Ел дија"*, сигурно доаѓа со извесно задоцнување, бидејќи востанието изби на 2 август 1903. Би можеле да претпоставиме дека се случила некоја диверзија, т. е. дека биле прекинати телефонските врски од страна на востаниците. А можеби и Министерството за војна на Турција нејќело веста за востанието да ја распрати во јавноста откако ја добило.

Но, вестите што зборуваат за тоа дека се влошува ситуацијата во Македонија, како и за појавата на т. н. „динамиташи", се објавени два дена порано, на 4 август. Тоа биле две вести, од кои едната од Виена и другата од Истанбул. И овие вести на Авас се објавени во *„Ел дија"*. Првата вест гласи:

„Ситуацијата во Македонија

Виена, 4 август. — Овде почнува да предизвикува вознемиреност ситуацијата во Македонија, која од ден

на ден се влошува. Се носат гласови дека амбасадорите на Австро-Унгарија, Германија и Русија во Истанбул упатиле апел до Високата порта, во која инсистираат на потребата да се воведат мерки за нормализирање на ситуацијата во оваа отоманска провинција."

Втората вест гласи:

„Солунски динамиташи

Истанбул, 4 август. — Мостот во Екши Су, близу до Битола, со динамит е дигнат во воздух. Во Солун владее вознемиреност поради присуството на динамиташи и во овој реон."

Двете овие вести, што ги објавил весникот *„Ел дија"*, потекнуваат од агенцијата Авас и доаѓаат од Истанбул, бидејќи главниот град на Турција имал можност веднаш да ја дознае работата, уште истиот ден кога се случила. Тоа е и разбирливо, со оглед на фактот дека настаните се одиграле на едно подрачје што турските воени и цивилни власти веќе внимателно го следеле: во прашање бил, имено, невралгичен регион — македонскиот.

Сепак, денес можеме да кажеме дека тоа била голема брзина во пренесувањето информации, и тоа благодарение на фактот дека седиштето на дописникот на Авас се наоѓало во Истанбул, дека територијата на Македонија и на Турската империја ја покривал специјален дописник од Париз, по име Ж. П. (веројатно Жан Пјер или Жан Пол) Сегањел, како што вели во продолжението на своето писмо сегашниот дописник на АФП во Белград, г. Живенал.

Од друга страна, треба да му заблагодариме на весникот од Монтевидео (како и на многубројните други весници во овој дел од светот што биле претплатени на Авас) дека овие вести, информации и коментари биле објавени и со самото тоа добиле третман на настани од историско значење, кои подоцна ги забележала и историографијата.

Потребно е, според тоа, да им заблагодариме на новинската агенција Авас и на весникот *„Ел дија"* дека овие настани биле и останале забележани и препуштени на историографијата да ги проучува. Редакциите

на агенцијата Авас и на весникот *„Ел дија"* го сфатиле големото значење на овие настани што се одиграле во Европа, односно на југот од Балканот. Со други зборови, не ги оцениле како „изживување" на одделни „бунтовници", „динамиташи", „анархисти", туку како револуција, сенародно востание на еден народ кој со векови се бори за својата независност и слобода, така што агенцијата Авас пратила специјален дописник, а весникот *„Ел дија"* вовел посебна рубрика посветена на овие настани. Така е лишена можноста да врши шпекулации онаа страна што просто го игнорирала Илинденското востание и спрема него се однесувала така како и да не постоело такво востание. Исто така, онесвозможени се оние што го искривоколчувале ова востание едноставно од империјалистички побуди. На тој начин, информирањето на Авас и на *„Ел дија"* претставува вистински споменик на едно востание и на неговите борци. Со други зборови, тоа значи очигледно демантирање на гледиштата на оние што искривоколчувале, при што и едните и другите се обидувале од својот став да извлечат некоја корист.

На Авас биле претплатени речиси сите весници од ова подрачје. Весникот *„Ел дија"*, во тоа време, како што ми рече во Монтевидео еден уругвајски историчар, на некој начин се натпреварувал со другите уругвајски, па и со аргентинските весници, чијашто општа желба била да објавуваат што повеќе информации за Македонија, каде што востаниците се бореле против многу посилна восна ефектива на Отоманското царство и тие вести да бидат што поактуелни.

Каков став човек да заземе спрема една новинска агенција што ги објавува сите информации што ги прима, пренесувајќи за истото прашање и изјава и контраизјава, како и пишувањето на еден весник, но и на друг што застапува наполно спротивно гледиште? Би можело тука да се читаат изјави во кои се изнесени спротивни мислења на разни државници и министри, поединци од движењето на отпорот и борбата против Турците, како и на поединци што биле подмитени од оваа или онаа влада.

Досегашното искуство покажува дека новинарите од новинските агенции, кои ги сметаме за државни — тие се и такви — мораат речиси да се борат на три фронта, настојувајќи да ги смират спротивните ставови што се јавуваат во текот на нивната работа. Затоа, работата на еден дописник на новинска агенција не е ни малку лесна и бара многу напори со цел ставовите некако да се усогласат. Во случајот на агенцијата Авас тоа изгледало вака: прво, Авас морал да ги брани интересите на Франција, а тоа се гледа од цитираното писмо на дописникот на АФП од 19 декември 1983 година, во кое тој вели: „Тој (дописникот), меѓутоа, морал пред сè да ги користи вестите добиени преку амбасадата на Франција во Истанбул. Настаните би можеле да бидат едно, а нивното видување од страна на француската амбасада да биде нешто друго. Но, согледувањето на настаните од страна на француската амбасада и од страна на оваа агенција се совпаѓало или било слично. Второ, дописникот на Авас од Истанбул морал да добие и согласност од својата централа во Париз, за да ги задоволи нејзините барања. Трето, заземајќи став спрема определено прашање, тој морал да расчисти со себеси, со својата совест, па така можел работата да ја изврши како што треба.

Сега треба да се разгледа прашањето за изборот што го користел Авас во својата секојдневна работа, т. е. да се види кои установи ѝ давале материјал на агенцијата Авас што можела да ги користи во своето известување, информирање и коментирање. Еве ги тие извори:

„Пред сè, тоа биле органи на турската влада, т. е. органи на Високата порта, кои ги давале односните податоци и материјали. Какви биле всушност тие информации, можеме само да замислиме. Турција била заинтересираната страна и нејзината задача била целокупната вина да ја фрли врз востаниците, тврдејќи дека се тие всушност виновни за положбата во Македонија (инаку, сè би било добро). Турците, меѓу другото, тврделе дека востаниците претставуваат потенцијална опасност за животот на амбасадорите на големите сили,

кои ќе бидат убиени исто онака како и амбасадорите во некои други земји во кои постојат анархисти и други терористички елементи; дека ќе бидат убиени и конзулите и нивните семејства и дека официјална Турција не може тука ништо да стори и да ги заштити овие невини луѓе. Каква лага, каква невистина ширела официјална Турција! Зашто, востаниците ниту сакале, ниту пак се обидувале да ги гибаат странските претставништва, а Турција тоа мошне добро го знаела. Она што го тврдела Турција било на линија на ликвидирање на востанието, тоа било мотивирано од нејзиното настојување востанието да се лиши од евентуална поддршка. Воопшто, Турција се обидувала за ликвидирањето на востанието да придобие помош од големите сили или, подобро речено, нивната благонаклоност и разбирање за сверствата што ги извршила или имала намера да ги изврши спрема востаниците и македонскиот народ. На Турција ѝ било потребно да ѝ погледнат низ прсти за злосторствата што ги вршеле нејзините официјални државни органи. Од друга страна, Турција барала помош и од печатот. Таа настојувала да не ги загуби симпатиите на големите сили и затоа била внимателна спрема нив и спрема новинарите што доаѓале од односните земји. Таа ширела слухови дека со македонското востание се загрозени интересите на големите сили и на нивните граѓани што живеат во Турција. Во однос на новинарите, а особено оние што ги претставувале големите сили, како што бил случајот со Авас, турските функционери биле мошне пресретливи.

Друг извор на податоци и материјали биле големите сили. Од една страна, тие покажувале симпатии спрема востаниците, зашто Турција не ја сакале, а востаниците биле христијани. Сите големи сили биле составен дел од тогашниот христијански свет. Но, од друга страна, нивните интереси барале да се ликвидираат немирите во Македонија, со тоа што Турција да преземе обврска за спроведување реформи за кои тогаш се зборувало. Таквиот став на големите сили бил резултат од барањето на востаниците, на македонскиот народ, кој таквото прашање постојано го поставувал,

барајќи реформи што би му го сториле животот поподнослив и би ѝ дале на Македонија нејзини основни права, а на нејзините жители — истите оние права што веќе ги уживале граѓаните на цивилизираните држави. Големите сили не можеле да не видат дека со македонскиот народ во Турција се постапува како со вистински роб. Според тоа, големите сили, борејќи се за реформи во Македонија, всушност ги поддржувале оние барања што значеле зачувување на целината на македонскиот народ на тој начин, што овој народ би добил комесар — христијанин и што би се создала автономна македонска држава, во рамките на Турција или надвор од неа.

На големите сили, во тој момент, повеќе им одговарало статус-кво во Македонија одошто менување на ситуацијата во Македонија. Истовремено, желбата на големите сили била на Македонија да ѝ се даде автономија: тие биле за реформи и за определени промени — што на Македонците им давало извесни надежи и им нудело изгледи дека работите ќе тргнат во правец кон решавање на основните проблеми на нивниот национален опстанок. Но, од друга страна, интересите на големите сили им наложувале тие де факто да бидат за ликвидирање на востанието, па поради тоа им попуштале на Турците и на нивните сосем спротивни барања. Големите сили, преку своите амбасадори и преку Истанбул, тоа и јавно го истакнувале. Амбасадорите изјавувале дека „немирите" во Македонија треба да се прекратат со најдрастични мерки. Последново често го подвлекувале во разговорите со султанот. Тоа, нема сомневање, била антимакедонска политика.

Во врска со тоа дека големите сили биле заинтересирани за статус-кво зборува и фактот дека Европа тогаш не била готова за војна каде било во светот, а особено за војна во Македонија. Русија, инаку најмногу заинтересирана за Босфор, во тоа време и не се осудувала да почне војна против Турција. Истово важело и за другите европски земји. Имено, јасно било дека каква било акција на агресори против Балканот, па и каде било во Европа, а особено на Босфорот, би ја сменила географската карта на Европа. Русите

имаат еден проблем повеќе: Јапонија само го чека моментот Русија да започне акција во регионот на Босфорот, а тоа значи — војна со Турција, па да завојува против Русија, да ги нападне нејзините територии на Далечниот Исток. Овој јапонски напад навистина и ќе уследи две години подоцна, во 1905, кога Јапонија ќе почне офанзивна операција на Далечниот Исток и ќе ги заземе тамошните руски територии. Поради тоа, Русија за време на Илинденското востание, не е за тоа да почне војна против Турција, ниту пак што било суштински да се менува во ситуацијата со Македонија Ист став тогаш имаат и Австро-Унгарија и другите големи сили.

Ваквата состојба, во која не доаѓало ниту до војна, ниту до мир, морало да се одрази и врз печатот, кој бил исполнет со противречни ставови и изјави. Состојбата ни војна ни мир, изгледа, најмногу им годела на Турците, на кои им било дадено време малку да размислат, да се организираат, да го ликвидираат Илинденското востание, за што печатот и известувал. Ваквата состојба им дала време на Турците не само да размислуваат, туку и да преземаат одделни акции, сè до 1912 година, кога во Турција, по големите внатрешни превирања, се извршени крупни промени. Тие промени потоа ќе ја зафатат и Македонија, која е поделена на три дела, меѓу кои едниот ќе ѝ припадне на Србија, другиот на Бугарија, а третиот на Грција.

Трет извор на податоци и материјали за новинарите-дописници претставувале соседните држави на Македонија, т. е. претставниците на буржоазијата што биле на чело на тие држави, кои немале интерес Македонија да биде самостојна и независна. Поради тоа, овие држави и нивните буржоазии, иако увидувале дека Македонија навистина страда, сметале дека Македонија, ако се ослободи од турската власт, треба да припадне на некоја од соседните балкански држави, односно на Србија, Бугарија или Грција. Српската буржоазија, сакала Македонија да ѝ припадне на Србија, бугарската — да стане дел од Бугарија, додека грчката буржоазија настојувала Македонија да влезе во соста-

вот на Грција. Таа своја желба буржоазиите на овие балкански држави, меѓутоа, не ја изразувале отворено, иако секоја од нив настојувала да ја приграби Македонија, што не може денес да се крие. За остварувањето на овие свои замисли, тие се подготвувале уште додека Македонија била во составот на Турција, развивајќи голема активност на културно и верско поле. Таквите ставови на владејачките буржоазии во овие балкански земји се одразувале и во известувањето на Авас и на другите агенции и весници што објавувале информации за Македонија. Овие буржоазии, се разбира, имале и други методи. Тие методи се движеле од објаснување на своите ставови кај владите на големите сили, директно или преку нивните амбасадори, преку обиди за подмитување на новинарите — дописници на агенции и весници — па сè до обиди за уфрлање вооружени групи на територијата на Македонија.

Кога зборуваме за владејачките буржоазии во балканските земји, ќе ја издвоиме бугарската буржоазија, бидејќи таа била најактивна во Македонија. Бугарската буржоазија, претендирајќи најагресивно над Македонија, низ вести и информации што доаѓале од Бугарија, ги уфрлала своите ставови дека се Македонците всушност Бугари. Вистина, Бугарите не ја нарекуваат Македонија бугарска, ниту пак отворено ја изрекуваат својата замисла Македонија да ја припојат кон Бугарија. Но, во многубројни информации, апели и други материјали тие постојано истакнуваат дека се „мошне загрижени" за македонските Бугари, и во своите информации, во кои ги спомнуваат Македонците, овие секогаш ги викаат Бугари. Сето тоа зборува дека нивниот план, за кој жестоко се бореле, бил еден ден Македонија да потпадне под власта на Бугарија.

*

* *

Врз основа на известувањата на Авас, може да се види дека Турците, Грците и, се разбира, Бугарите, Македонците ги викале Бугари. Меѓутоа, големите сили

— како што се гледа од извештајот на истава агенција — Македонците не ги викале Бугари, ниту пак и Авас ги викал така, туку, според оваа агенција, тие биле „Македонци", или „револуционери", или „христијани", односно „герилци", „динамиташи", „бомбаши" или, просто, „население на Македонија".

Условно речено, „грешка" на агенцијата Авас била што не влегла во директен контакт со самите македонски востаници, со движењето што ја потресло и самата турска држава. Меѓутоа, Авас не можел да го интервјуира Гоце Делчев, па од него да дознае кои се целите на движењето — дека е тоа ослободување на Македонија — поради простата причина што Делчев, за време на Илинденското востание, веќе не бил жив (убиен е на 4 мај 1903 година). (Нашето прикажување за известувањето на Авас и на весникот *„Ел дија"* почнува од 4 август 1903 година, откога располагаме со броевите на овој уругвајски весник и бележиме кои вести на Авас ги објавил.) Авас не можел да ги интервјуира ни востаниците, кои биле по планини и села, или илегално работеле во градовите, за да не ги откријат Турците. Меѓутоа, Авас не го интервјуирал ниту Даме Груев, кој се наоѓал во битолскиот крај, ниту Питу Гули, кој бил во првите редови на македонските револуционери, некаде во Крушево, не ги интервјуирал ниту Ѓорче Петров, Пере Тошев, ниту цела низа македонски револуционери, кои можел да ги најде зашто биле во Македонија или во Бугарија. Наместо тоа, дописникот на Авас, интервјуирал луѓе што вешто му ги подметнувала бугарската влада. На пример, таа придонела со дописникот на Авас да разговара генералот Цончев, кој живеел во Софија, кому таа му дала задача да зборува за македонското прашање. Исто така, бугарската влада се погрижила дописникот на Авас да ги најде, како соговорници за темата Македонија, Христо Матов и Татарчев, луѓе пробугарски ориентирани, му го подметнала Иван Гарванов како командант на „Врховниот комитет", итн. Сите тие луѓе од бугарската влада добиле инструкции како да се држат и што да зборуваат, имено дека се тие вистина Македонци, но македонски Бугари и дека е Македонија бу-

гарска. За среќа, нашето движење нашло можности своите апели и декларации да ги достави до владите на големите сили, така што тие биле информирани за вистинската состојба на нештата. Оттука и Авас во своите извештаи ги споменува „Македонците", „македонските револуционери" и „македонската борба".

Мораме да истакнеме дека во тоа време уште не доаѓал до посилен израз фактот дека Македонците се посебна нација, дека тие не се ниту Бугари, ниту Срби, туку дека ја составуваат македонската нација, која сака слобода и во територијална смисла претставува една целина, па поради тоа сака да има своја автономија во рамките на Турското царство, ако не може веќе да биде самостојна.

Според тоа, благодарение на големите сили, Македонците можеле да се наречат Македонци, а нивната земја како територија — Македонија. Како што може да се заклучи од изложеново, за ваквото сфаќање не придонеле многу Русија и Австро-Унгарија, зашто во тој момент биле заинтересирани на други страни и зафатени — првата со тоа да го заземе Босфор, а втората — да ги заземе бившите турски територии. Сепак, и Русија и Австро-Унгарија биле за промени во Македонија, т. е. за реформи. На тие реформи, се разбира, се спротивставувала Турција, зашто со тоа, а и со другите мерки, ѝ се одземал голем дел од територијата; донекаде се спротивставувале и големите сили, а со оглед на тоа дека реформите го нарушувале статусквото на тоа подрачје.

Се смета дека македонското ослободително движење било одлично организирано што се однесува до конспирацијата, до снабдувањето на востаниците и селаните со храна, до распоредот на кадрите итн. Но, исто така, се смета дека пропагандата на ова движење била слаба, па дури и мошне слаба.

Според тоа, на Македонците за време на Илинденското востание им била потребна влада или некое политичко тело слично на влада, што би можело да се обраќа до јавноста и да ги изнесува целите на борбата на македонскиот народ, а не тоа да ѝ го препушти на бугарската влада. На Македонците им бил потребен

сопствен министер за надворешни работи или политички раководител со функции на таков министер што би можел да ги објаснува целите на македонската борба; им биле потребни и политички органи што би овозможиле, од името на македонскиот народ, да зборуваат разни пробугарски ориентирани лица како што биле Цончев, Гарванов, Матов и уште некои други, кои создавале впечаток дека божем ги застапуваат македонските интереси. На Македонците не им биле потребни ниту бугарска влада, ниту бугарски министер за надворешни работи, кои зборувале од името на Бугарија, но наедно ги присвојувале македонското востание и Македонија. На Македонците им била потребна македонска влада, македонски министер и македонски органи за агитација и пропаганда.

На крајот од овој дел на излагањево можеме да изнесеме неколку заклучоци што се однесуваат до агенцијата Авас и до весникот *„Ел дија"*.

1 Благодарение на оваа агенција и на овој дневен весник, останале запишани и зачувани за историјата настаните во врска со Илинденското востание. Во нивното известување доста вистинито се отсликува целокупното движење, а македонскиот народ се прикажува како протагонист на оваа борба против турското царство.

2. Благодарение на Авас, целиот свет бил запознат со Илинденското востание, и тоа мошне брзо за она време. Востанието пламнало на 2 август 1903 година Авас ја објавил веста за тоа на 6 август, а *„Ел дија"* таа вест ја објавил уште следниот ден, така што и јавноста на една територијално толку оддалечена земја од местото на збиднувањето, како што е Уругвај, била известена за востанието во срок од неколку дена.

3. И агенцијата Авас, испраќајќи на самото место свој специјален дописник, и *„Ел дија"*, посветувајќи ѝ посебна рубрика на Македонија, многу помогнале за популаризација на Македонија, за запознавање на светот со тешкиот живот на нејзиното население и за известувањето на светската јавност за целите на бор-

бата на македонскиот народ, за целите на Илинденското востание.

4. И агенцијата Авас и весникот „*Ел дија*“ со своето известување ќе покажат како дошло до Илинденското востание и како македонскиот народ се борел против Турското царство.

5. Целата збрка околу Македонија и Македонците, всушност, ја создале Турците, Грците и, се разбира, Бугарите, така што не се знаело со сигурност кому припаѓаат Македонците и дали се тие посебна нација. Авас и „*Ел дија*“ не наседнале на таквата игра на овие балкански држави, чијашто цел не била да ги расчистат работите и да обелоденат дека се Македонците посебна нација, туку сфатиле дека е во интерес на владејачките кругови на тие земји уште повеќе да ги замрсат работите, за да се создаде збрка околу тоа кои се всушност Македонците, за што тие се борат итн. Таквата нејасност околу Македонија и Македонците, за жал, и до ден-денес владее во некои балкански средини.

3. ПРИЧИНИ ЗА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

И на ова прашање Авас и „*Ел дија*“ му посветиле доста големо внимание. Ќе издвоиме овде три телеграми, од кои две од Софија и една од Лондон.

Телеграмите од Софија ги издвојуваме поради тоа што Бугарија спрема тоа прашање зазела значајно внимание и што дала целосни, иако не и точни одговори на прашањето за причините на Илинденското востание. Бугарија најмногу се мешала во прашањето на Македонија и, преку своите конзули и агенти, доаѓала до податоци за тоа дека Турците го малтретирале македонскиот народ, дека ги убивале Македонците, дека ги ограбувале и палеле македонските села.

Во првата телеграма на Авас, Бугарите не ја споменуваат отворено Македонија, како „дел од бугарскиот народ“, додека во втората на неколку места ги изедначуваат бугарскиот и македонскиот народ.

Во известувањето од Софија за причините на Илинденското востание, бугарската пропаганда нема да изостане: таа како да се смета за повикана да дава објаснувања, меѓу другото, и за тоа што е тоа што го предизвикало Илинденското востание. Бугарите, воопшто, пишувале за сето она што барало некакво објаснување и толкување во врска со настаните за време на Илинденското востание, како и пред и по него, на начин што им одговарал. Впрочем, Бугарите така пишувале и за сè друго што се однесувало до Македонија, поради тоа што недостигала македонска пропаганда, што во Македонија немало некој задолжен за пропаганда, што никој од родољубивите Македонци со тоа не се занимавал.

Затоа бугарската пропаганда речиси секогаш и на секое место кога требало се појавувала нешто да објасни за Македонија. Бугарите, на пример, пишувале за тоа кои сè биле причините што довеле до Илинденското востание од 1903 година. Еве ги тие причини, како што ги гледала бугарската пропаганда:

„Софија, 13 август. Економската ситуација во земјата е мошне критична. Трговците веќе не уживаат никаква доверба во странство и се принудени сè да плаќаат во готово. Уште потешка е ситуацијата во која се наоѓа работничката класа, зашто нема работа. Во трговските кругови се зборува дека постојната ситуација не може веќе долго да трае и дека дури би било подобро да избие војна, зашто би се расчистила ситуацијата, наместо да продолжува неизвесноста во која денес живее земјата. Веројатно принцот ќе изврши инспекција на трупите на границата пред да се упати кон престолнината на земјата и дека тогаш владата ќе може да донесе дефинитивна одлука за прашањето на Македонците. Некои изразуваат страхување дека веќе за неколку дена ќе почне убивање, а други мислат дека до тоа ќе дојде по 15 дена, додека вознемиреноста што владее меѓу муслиманското население во Македонија зборува дека такво нешто во секој случај се очекува. Во случај да дојде до крвопролевање, владата не би можела да истрае во своето сегашно воздржано поведение, туку би морала да интервенира во корист на револуционерите.

Во официјалните кругови, сегашниот развој на настаните ѝ се припишува на отоманската влада, која ги огорчила Македонците со острите мерки преземени против нив. Нив ги притирало, пред сè, секвестирањето на оружјето. Со оглед дека се плашеле да останат апсолутно без одбрана, тие не се колебале да станат против отоманската власт, пред да им биде запленето целокупното оружје што го поседувале."

Оваа информација покажува и зборува, од една страна, за „големата грижа" на бугарската влада за македонскиот народ, за македонската работничка класа и за трговците. Од друга страна, се опишува состојбата

— веројатно во Бугарија — состојба на бременито восна експлозија; многу се зборува и за убивање на Македонци од страна на Турците.

Сепак, во цитираниов текст никаде директно не се кажува дека се Македонците Бугари, што претставува позитивен елемент. Меѓутоа, ова само ја потврдува тезата дека бугарската буржоазија и порано Македонците не ги викала Бугари, туку Македонци, а дека само во ретки случаи, кога тоа ѝ одговарало, за Македонците се изразувала како за Бугари.

Бугарската влада им презентирала на странските мисии една нота за ова прашање. Од неа се гледа дека бугарската влада знаела сè, но не знаела една основна работа, имено — дека на Македонците ниту пред Илинденското востание, како ни по него, Турците не им давале на располагање оружје. Овде веројатно се работи за Бугарите што живееле во Истанбул или на територииге што ги држеле Турците, каде што на населението му е одземено оружјето, а бугарската влада ги измешала Бугарите со Македонците, па Македонците ги сметала за Бугари.

Меѓутоа, кон оваа информација бугарската влада составила и нота со иста содржина како и во информацијата, но таа нота ја упатила до големите сили. Оттука меѓу информацијата и нотата постојат разлики што не се мали. Затоа е веројатно во информацијата за печатот, т. е. за широката јавност, бугарската влада да го кажала она што не требало оваа да го знае, додека во нотата до големите сили има и поединости што смееле да ги знаат само нивните влади. Новинарот на Авас го објавил и едното и другото, така што јавноста, но не онаа во Бугарија, го дознала и она другото, што бугарската влада сакала да го скрие од јавноста.

Таа нота, прераскажана во информацијата на Авас, гласи:

„Софија, 18 август. — Нотата што бугарската влада ја упати до странските дипломатски мисии во овој град ја образложува ситуацијата што владее во Македонија, т. е. од денот кога Високата порта се обврза да ја реформира администрацијата во оваа провинција.

Нотата содржи детали и покажува датуми и места на свирепи дела сторени во Македонија, како и имиња на многубројни лица што станале жртва на турските прогони. Изнесена е долга листа на убиства, палежи на македонски куќи и грабежи од страна на турски функционери и војници. Сите детали се земени од официјални извори, од извештаи што се пратени од бугарски конзули и мисии во Македонија; дури и од извештаи на самите отомански власти. Бугарската влада ја гарантира точноста на фактите изнесени во нејзината нота и ја повикува Високата порта да демантира, ако може, барем дел од овој документ.

Во нотата се вели дека во текот на последните три месеци турската влада, која во практика не ги спроведува ветените реформи, донела низа мерки, под изговор за одржување на мирот и редот во земјата, но дека таквите мерки не постигнале никаков ефект, зашто уште повеќе го огорчиле населението и го предизвикале сегашното востание.

Наместо да ги прогонуваат само виновниците за нарушување на редот, отоманските власти, како воени така и цивилни, го користат секој и најмал повод да удрат врз Бугарите.

Како во најважните градови на Македонија, така и во најзафрлените села, Турците убивале христијани и правеле други варварства. Палеле и ограбувале цели села, а луѓето што самоволно ги апселе, биле подложувани на страшни мачења. Прогониле многу христијани. Затвориле бројни училишта и цркви и упропастиле многубројни трговци, принудувајќи ги да плаќаат даноци однапред и за повеќе години. Сето тоа се случувало во провинциите околу Солун, Битола, Скопје и Адријанополис.

Во провинцијата Битола, турската артилерија го срамнила со земјата богатиот град Смрдеш, од чиишто некогашни повеќе од 300 куќи останале само урнатини. Бугарското население во провинцијата Скопје е систематски прогонувано, почнувајќи од месец мај. Во околиите Паланка, Кочани, Куманово и Гостивар се уапсени сите бугарски учители и трговци. Во нотата

се наведуваат 131 конкретен случај на варварства, а голем број од овие случаи се однесуваат до повеќе групи Бугари, а не до изолирани поединци.

Турските регуларни војници и башибозуци извршиле масовни убиства во Солун, Валево, Баница, Тесерилово, Карбуница, Могила, Енице и Смрдеш. Во Смрдеш се убиени повеќе од 200 Бугари, а голем број куќи, цркви и јавни згради се опожарени. Ограбените предмети војниците и башибозуците ги распродавале по соседните села. Слични нешта се случувале и во Горна Рибница, Игуменец, Дебрулакија и Воден. Жителите на овие места се разбегале по планините. На трговците во Истанбул им е наредено да се вратат во своите родни места, при што не им е даден рок да ги ликвидираат своите трговски работи. Меѓу протераните има и такви што живееле таму со своите фамилии повеќе од 20 години. Истава наредба се однесувала и до бугарските свештеници и учители настанети во Истанбул. Бугарските училишта се затворени пред да заврши учебната година. Турците ги гонат и бугарските свештеници, оневозможувајќи ја верската настава, а се обидуваат да го принудат народот да ја признае власта на грчкиот патријарх.

Владиките и архимандритите, поттикнати од отоманските власти, ставиле под своја контрола многубројни бугарски цркви, обидувајќи се верниците да ги одвратат од влијанието на егзархот. Турците ги палат литургиските книги. Се обидуваат да го потурчат населението по селата.

Ситуацијата е посериозна за оние бугарски селани што работат на земјата на муслиманите, зашто тие им се како робови на своите газди. Одговорноста паѓа исклучително врз Високата порта. И не може веќе да се обвинува бугарската влада дека ја поттикнува револуцијата.

Бугарското население во Македонија, чиишто животи се загрозени, е просто упропастено од даноци, чијшто товар паѓа врз него со целата тежина, па било принудено да земе оружје за да се ослободи од деспотската власт и да го отфрли ропството.

Во нотата се додава дека фактите што се изнесени во неа претставуваат нов доказ дека илјадници луѓе се затворени од страна на отоманската администрација. Нотата завршува со следниве зборови: Од пред извесно време отоманската влада тврди дека сегашното револуционерно движење е поттикнато од Бугарија. Меѓутоа, секој мора да признае дека одговорноста за сегашните настани не паѓа врз ова кнежество, туку врз турската администрација. Таа е единствената причина за немирите. Високата порта треба да знае од сопственото искуство дека прогонствата, суровите неправди и крвопролевањата не се доволни да се воведе ред и мир во земјата. Отоманската влада, во принцип, ги прифати предложените реформи, но не ги примени во практика.

Од друга страна, отоманската влада ѝ ветила на бугарската дека ќе престане со агресијата над свештениците и учителите од бугарските училишта, дека ќе отвора цркви и училишта, дека ќе ги пушти на слобода затворениците, дека ќе ги казни оние свои чиновници што се виновни за насилствата, а ќе ја прифати праведната политика, така што ќе исчезнат причините што доведоа до сегашната револуција. Меѓутоа, ништо од тоа таа не спроведе. Одговорноста за тоа што се случува паѓа исклучително врз Високата порта.

Бугарската нота предизвика длабок немир во дипломатските кругови во Софија. Дипломатскиот претставник на Австро-Унгарија разговараше, изутринава, со претседателот на владата Петров, обрнувајќи му внимание за последиците што може да ги има објавувањето на оваа нота. Претставниците на Франција и на Италија покажаа извесна вознемиреност, но не го делат песимистичкото мислење на својот австро-унгарски колега."

Она што не било за јавноста, бугарската влада го изнесла во нотата до големите сили, сметајќи дека тоа ќе остане тајна, зашто нотата е упатена до мисиите на големите сили кои знаат да чуваат тајна. Така барем мислела бугарската влада. Но големите сили им ја дале оваа нота на дописниците на странските агенции, така што содржината на нотата го видела светлото на денот и стигнала до јавноста.

Мошне с симптоматично зошто бугарската влада имала два става, и тоа едниот спрема големите сили, а другиот — спрема својата и другата јавност. Бугарската влада како да сакала нешто да скрие од јавноста, па искрено настапува само спрема мисиите на големите сили. Што е она што бугарската влада го криела од јавноста? Бугарската влада сакала да го скрие фактот дека Македонците ги нарекла Бугари, а тоа се коселе со општото уверување дека се Македонците одделна нација, која нема врска со Бугарите, дека Македонците не се Бугари. Тоа сакала да го скрие тогашната бугарска влада, и тоа да го скрие како од Македонците и особено од востаниците, така и од другите претенденти над Македонија. Од српската и грчката буржоазија сакала да скрие дека се во прашање Македонци што се наречени „Бугари".

Бугарската влада сметала и на извесната неупатеност на големите сили во врска со тоа кои се всушност Македонците, кои народи ја населуваат Македонија, што овозможува на големите сили да им се каже дека Македонија ја населуваат бугарски Македонци — а што би било опасно да се рече пред Македонците или пред српската или грчката буржоазија.

Покрај таквата конфузија, која владеела кај големите сили во поглед на тоа кои се всушност Македонците, бугарската влада сметала и на фактот дека некои од уапсените чиновници (учители и свештеници) навистина биле Бугари или под силно бугарско влијание, а други — Македонци кои сметале дека е подобро да се декларираат како Бугари отколку како Грци, за да не мораат да одат во грчки цркви, чиишто јазик не го разбираат. Така, бугарската влада можела да каже дека се работи за вистински Бугари или за побугарени Македонци доколку станувало збор за Македонците што се декларирале како Бугари. Не смее да се заборави дека Македонија, во тоа време, била објект како на великобугарската, така и на великосрпската и великогрчката пропаганда, и дека и бугарската, и српската и грчката буржоазија праќале свои учители и свештеници од својата земја во Македонија или пак

такви чиновници наоѓале во Македонија што не се противеле на националната асимилација.

Освен тоа, еден дел од оние учители и свештеници за кои станува збор во односнава нота никогаш не живееле. ниту работеле на територијата на Македонија, туку во чисто турски краишта, поточно — во Истанбул и на територии што ѝ припаѓале на Турција, но не биле македонски.

Но, друга работа е кога Бугари се викаат Македонците настанети во околиите на Скопје, Кочани, Куманово, Гостивар и нивната околина. Тоа е, се разбира, обична лага и таквите тврдења се неосновани и, како такви, секогаш напаѓани од нашата историографија. Бугарската влада очекувала дека тие тврдења ќе „поминат" кај големите сили, но се покажало дека таквата политика таа ја градела врз заблуди.

Во истата информација од Софија, во која е објавена нотата на бугарската влада до големите сили, новинската агенција Авас и весникот *„Ел дија"* објавуваат и една друга телеграма, онаа од Лондон од 11 август. Тоа е одговор на телеграмата во која Бугарите едноставно ги пресиначуваат Македонците во Бугари, што е сторено на неколку места во споменатата нота. Ние сметаме дека тврдењето на бугарската пропаганда, дека станува збор за Бугари во Македонија, претставува проста измислица. Во овој случај Англичаните ги исправаат Бугарите, констатирајќи дека станува збор за Македонци а не за Бугари во Македонија. Телеграмата од Лондон, од 11 август, вреди да се цитира, зашто се однесува до истата тема. Таа телеграма гласи:

„Лондон, 11 август. — „Тајмс" објавува една телеграма од Софија што зборува дека востанието во Македонија го предизвикала турската влада, која со своите прогонства ги фрлила Македонците во очај."

Меѓутоа, како дошло до тоа Бугарите да ги викаат Македонците Бугари, ќе видиме и на друго место. Засега, да се задоволиме со телеграмата што ни стигнува од Лондон, во која Македонците се викаат Македонци а не Бугари.

Правејќи вакви кардинални грешки, кога ги викаат Македонците Бугари, бугарската пропаганда —

тоа мораме да го истакнеме — сепак изрекла извесни вистини, што може денес да ги користи и нашата историографија. Тие вистини за настаните од минатото, инаку би биле заборавени и за Бугарите и за Македонците. Станува збор за факти што се точни и што ги има преземено нашата историографија, а на Бугарија, во тоа време ѝ биле потребни.

Од тврдењето на Бугарите дека станува збор за Бугари во Македонија, што е повеќепати речено во нотата од бугарската влада до странските претставници во Софија, јасно се гледа дека Бугарија ја прижелкува Македонија, што и било вистинска причина од Македонците да се прават Бугари и, со тоа, да се задоволат своите освојувачки апетити.

Бугарските обвинувања на адреса на Турција биле пресметани така двете големи сили — Русија и Австро-Унгарија — да можат да ѝ објават војна на Турција или, евентуално, Турција да се уплаши, па Македонија да ѝ ја понуди на Бугарија. Постоела, од бугарска страна, и погрешна сметка дека големите сили би можеле да дојдат до заклучок дека Бугарија има право, дека Македонците се навистина Бугари и дека сакаат присоединување со „мајката татковина", со Бугарија. Меѓутоа, ништо од тоа нема да се случи, а Бугарија само појасно ги покажала своите аспирации спрема Македонија, што е јасно сугерирано во нотата.

Дека Македонија треба да ѝ припадне на Бугарија, тоа е дамнешен сон на Бугарија, тоа е сон од Сан Стефано, каде што е создадена велика Бугарија, а по неколку месеци, со Берлинскиот конгрес, Македонија ѝ е вратена на Турција. „Имено, не е потребно царот да го замениме со кнез, туку наполно да се ослободиме" — тоа ќе биде принципот и геслото на Македонците. тоа ќе биде мотото на сите раководители на Македонија и желба на сите Македонци. Но, и кај Бугарите постоела желба да ја посседуваат Македонија.

Порано, во остварувањето на таквата своја идеја, Бугарите ја имале како соперник буржоаска Србија, која пак себеси исто така се сметала повикана да решава за Македонија. Порано тие имале соперник и во грчката буржоазија.

Но, за ова прашање — другпат. Засега да се ограничиме на причините за револуцијата, за востанието во Македонија. Во бугарската нота до големите сили овие причини се наведени нецелосно и погрешно. Сите причини ни оддалеку не биле наброени во бугарската нота, иако некои од нив се наведени. На вистинските причини за ова востание ние нема овде да се задржуваме, зашто за тоа и за тие причини доста е пишувано, особено од страна на македонската и југословенската историографија. Уште самото бугарско тврдење дека Македонците подигнале востание поради тоа што Турците затворале некои бугарски учители и свештеници — претставува бесмислица! Се разбира, тие причини се мошне подлабоки отколку што ги прикажува бугарската нота, и затоа нема во тоа да завлегуваме.

4. ЦЕЛИ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Целите на Илинденското востание биле, од една страна, да се извршат реформите што ги ветила Турција, а од друга страна — да се ослободи цела Македонија и нејзиниот народ да почне да живее во слобода, да има сопствена територија, да поседува сопствена држава и сè друго што следува. Тоа би било крајната цел. На ова прашање му посветиле доста место и му придавале значење и агенцијата Авас и весникот *„Ел дија“*. Така, агенцијата Авас ја донесува од Лондон следнава вест:

„Лондон, 10 август. — Македонскиот комитет упати еден циркулар до европските големи сили, барајќи од нив да ја принудат Турција да именува еден христијанин што ќе ја управува Македонија, како и надзорен совет, кој исто така би бил составен од христијани.“

Белгискиот весник „Л'индепанданс Белж“, во бројот од 20 август 1903 година, пишува за прашањето на идното уредување на Македонија. Во информацијата од Брисел овој весник соопштува дека „големите сили заклучиле спогодба за запирање на бунтот во Македонија и за спроведување реформи што ги бара нејзиното население. Русија би ги окупирала протоците Дарданели и Босфор, Австрија би ја окупирала територијата на Македонија, а Италија би ги контролирала бреговите на Албанија“.

Меѓутоа, на 28 август 1903 весниците објавиле една друга вест, која се однесува до судбината на Македонија. И оваа вест доаѓа од Лондон и гласи:

„Лондон, 28 август. — Весниците, во своите денешни изданија, објавуваат нови барања што ги формулирале Македонците. Тие бараат поделба на Македонија на четири провинции, на чело на кои би стоеле гувернери под надзор на висок европски комесар.“

Од друга страна, и Бугарија и Русија се незадоволни од она што е сторено во врска со примената на реформи во Македонија. Бугарија, во таа смисла, и упати нота до големите сили, а Русија — директно до Портата. Тие ноти гласат:

„Софија, 15 август. — Министерството за надворешни работи на Бугарија упатува нота до големите сили со цел да докаже дека реформите што ѝ се ветени на Македонија се наполно неефикасни и не ги задоволуваат нејзините аспирации, да се ослободи од турското ропство.“

Содржината на руската нота ја добиваме во информација од Лондон, прераскажана. Оваа информација гласи:

„Лондон, 15 август. — Според телеграмите што се примени денес, руската влада упатила нота до Високата порта, барајќи од неа неодложно да спроведе реформи во Македонија и да ги прекрати крвавите настани што се одигруваат таму.“

Овие две телеграми зборуваат за напорите што се вложувани кога требало турската влада да спроведе реформи во Македонија. Од една страна, се констатира дека тие не се спроведуваат, а од друга — дека односниве реформи мора да се спроведат за да се прекратат крвавите настани во Македонија.

Подоцна ќе видиме дека Бугарија својата нота не ја пратила до големите сили затоа што многу ги „сакала“ Македонија и Македонците, туку затоа дека сметала еден ден да ги приграби. Бугарија оваа, а и другите ноти ги праќала за да го покаже своето интересирање за Македонија, со оглед на тоа дека таму живеат „Бугари“. Всушност, тоа Бугарија и сакала да го покаже. Нејзиниот интерес ќе биде Турција и големите сили да ги убеди и да ги наведе самите да заклучат дека во Македонија живеат Бугари и дека Бугарија ја организира револуцијата во Македонија — иако, се разбира, го тврди спротивното — па да може и да го запре востанието кога тоа ќе го посака итн. Бугарија, значи, тврдела дека се интересира за Македонија само од „хумани“ причини, а не од империјалистички побуди. Мораме овде да забележиме дека Бугарија праќала во Македонија свои чети кои, како божемни „ослободители“ на своите браќа во оваа земја, се однесувале кабадахиски. Четите, составени од бугарски офицери и од разни авантуристи, задоени со желбата да ги „ослободат своите браќа“, му нанесле големи зла на македонскиот народ. Но, бугарските чети биле тука и морало на нив да се смета

Од друга страна, Бугарите влијаеле и врз самите Македонци, на кои им зборувале: тие, Македонците, само нека го почнат востанието“, па тогаш „целокупната Бугарија ќе ѝ притекне на помош на Македонија“.

Всушност, Бугарите сакале да избие и да се распламти востание, но не такво што би имало успешен излез, а немале намера да пролеат ни капка крв за Македонија; значи, Македонците да крваваат за Бугарија, која, без никакви напори, од тоа ќе извлече голема корист за себеси.

Меѓутоа, погрешно би било да се заклучи дека востанието го организирале Бугарите, кои немаат никаква врска со Илинденското востание, ниту пак учествувале во борбите. Бугарите имале врски само со оние водачи кои востанието го испровоцирале предвреме. Тоа била онаа пробугарска струја во движењето на Македонците, со врховистите, со Гарванов итн., кои го подигнале востанието и покрај јасно изразеното мислење на Гоце Делчев и на другите дека времето не е погодно за востание.

Според тоа, било потребно големите сили да ја убедат Турција дека во Македонија, всушност, се работи за Бугари, дека востанието е „бугарско“, дека Бугарите можат да го прекратат тоа востание кога ќе решат, но дека Бугарите не се „замешани“ во настаните во Македонија. Македонците требало да се убедат дека

се тие токму оние што треба да дигнат востание, но, исто така, би требало да се убедат дека се тие всушност Бугари и дека Бугарите ќе го помогнат тоа востание како бугарско.

Ете како Бугарија имала намера да го искористи Илинденското востание, тоа било сосем јасно. Со низа фалсификати, бугарската пропаганда настојувала да ги постигне своите цели.

Всушност, целите на македонското движење, и, особено на Илинденското востание, биле сосем јасни. Македонското ослободително движење се борело за ослободување на Македонија, а не за доведување на некој бугарски кнез на чело на својата земја. Македонското движење било определено за тоа Македонија да остане во составот на турската држава, со тоа што оваа на македонскиот народ би му ги гарантирала слободата и целоста на нејзината територија. Поради тоа, македонското ослободително движење барало христијански комесар, кој би бил гарант за слободата на македонскиот народ.

Како натаму се одвивала ситуацијата, ние добро знаеме. Го знаеме и тоа дека во текот на натамошниот развој на настаните Македонија е поделена на три дела, од кои едниот ќе ѝ припадне на Србија, другиот на Бугарија, а третиот на Грција. Тоа ќе се случи во 1912 година, а во 1918 да биде потврдено, додека во 1945 година само еден дел од Македонија ќе добие своја држава, Социјалистичка Република Македонија, додека другите два дела се подложени на асимилација, а пред сè на негирање на македонската нација.

5. НЕКОИ ВОЕНИ АСПЕКТИ ОД БОРБАТА НА ТУРСКАТА ВОЈСКА ПРОТИВ ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Со оглед дека ова не е исцрпна студија за воените аспекти на Илинденското востание, разгледани се само оние аспекти од борбата на турската војска против Илинденското востание што дописникот на Авас ги наоѓал во турските воени извештаи или во кои било други информации од боиштата во Македонија.

Ова е пригода да се кажат неколку збора за улогата на дописникот на која било новинска агенција или весник. Неговата задача и не е да го проучува она што е во стварноста, туку да известува за она што навистина се случило, за што зборуваат луѓето и пишуваат весниците. Во даденов случај — за воените аспекти на Илинденското востание. Дописникот не е исто како и научникот, тој не изработува анализи и не испитува дали е нешто правилно или не, т. е. не онака како што би постапувал научникот. За таква работа дописникот нема ниту време, а има и едночудо ограничувања (видовме дека дописникот на Авас ги имал над себеси француската амбасада, својата централа во Париз итн.). Значи, тој не треба да биде научник, зашто кога би работел како научник, настаните за кои треба да пишува би биле веќе застарени. Освен тоа, тој не е арбитер за сите настани. Тој мора да поаѓа од утврдени факти, од изјавите на некоја официјална личност, од извештаите на некоја установа, од пишувањето на некој весник итн. Дописникот, значи, треба да го објави и она со што се сложува

и она со што не се сложува, ако е во прашање изјава на некоја мериторна личност или установа.

Од друга страна, дописникот на новинската агенција не е обичен записничар на она што го слуша Уште самиот факт дека тој не објавува сè што ќе дознае и што се одигрува, претставува израз на политиката што ја води самиот. Тој, значи, врши избор меѓу она што го слушнал и видел, и тоа е веќе творечка работа. Освен тоа, тој може да им даде предност на некои вести, а на некои да им ја скрати таа предност. Најпосле, дописникот може да се „врзе" за оние луѓе и установи чиишто информации му изгледаат веродостојни. Не треба да се заборави ни тоа дека во главите на не многу мудри луѓе живеат и заблуди, и дека тие заблуди се шират, а човекот со заблуди ги шири истите тие заблуди во својата средина. Меѓутоа, критичкиот пристап на еден дописник е всушност негова ориентација кон објективните луѓе и установи. Дописникот мора, во крајна линија, да реши дали е вистинито ова или она. Вистината за дописникот е нешто најважно, а до неа се доаѓа преку спротивставување на ставовите меѓу две страни. Според тоа, дописникот го објавува ставот не само на едната, туку и на спротивната страна, па така читателот ќе може да се ориентира ако има извесна претходна претстава за проблемот за кој станува збор. Нашето искуство покажува дека дури и во оние случаи кога се изнесени само невистини, на мудриот читател нема да му избегне вистината, која доаѓа до израз порано или подоцна, зашто тој може да ја прочита и „меѓу редовите".

Сега ние не знаеме многу поединости и услови во врска со работата на дописникот на Авас од Истанбул, па не можеме ни да судиме за неговото известување. Единствено можеме да го искажеме своето мислење за она што го објавил — а во тоа е и неговиот голем придонес во полза на македонското дело — потребно е само внимателно да се читаат неговите текстови.

Сепак, она што нам ни пречи, претставува фактот дека денес, по толку пишување од дописникот на Авас, уште не располагаме со бројни факти што се однесуваат до борбата меѓу турската и востаничката војска. Не располагаме со податоци за тоа кој од страна на востаниците учествувал во борбата, кој бил водач на востанието, кој ја предводел оваа борба по окрузите, градовите и селата, каков бил составот на борците, не знаеме ниту каква била „содржината" на оваа борба. Со други зборови, дописникот на Авас ни приближно не ја дал структурата на востанието, т. е. не навел кои биле водачите на востанието. Врз основа на известувањата од Авас, може да се заклучи дека тоа биле пробугарски елементи. Дописникот на Авас можел да консултира барем некои конзули или чиновници што живееле или работеле во Македонија за да добие податоци за два-три округа; тоа би било веќе добро и би ја олеснило работата околу утврдувањето на вистината за Илинденското востание.

Но, задачата на дописникот на Авас, се состоела само во тоа да ги пренесува извештаите на турските команди за текот на самото востание и да пишува сè што во врска со тоа изјавил овој или оној турски висок службеник. А тоа Авас успешно го извршил. А она што му недостига на ваквото известување за борбите, ние ќе го дополниме со податоци од нашата историографија и со наши коментари. Она што е важно за секој дописник, па и за дописникот на Авас, е тоа што го изучил новинарскиот занает, дека е привржан кон мирот, дека е донекаде идеолошки „обоен", но дека таа идеологија не пречи да биде објективен и вистинољубив, дека вистината му е првата и најважна работа и дека е толерантен спрема ставовите и мислењата што не ги застапува лично. Голем број од овие квалитети покажал дописникот на Авас од Истанбул.

Кога се зборува за самите борби, за восните аспекти на борбата на турската војска против востанието, тогаш треба секако да се имаат предвид неколку прашања. Пред сè, колку војници биле ангажирани од едната и од другата страна и како биле тие вооружени? Второ, каде се водени борбите, т. е. во кои региони, на кои места? Трето, кои биле сојузници на едната и на другата страна, т. е. во какви меѓународни услови се водело ова востание, каква била улогата на голе-

мите сили, а каква на соседните земји и народи, какво било учеството на соседните балкански земји, дали и тие имале свои чети? Четврто, дали е издаден некаков проглас или е објавено некакво гласило, и каква била нивната содржина? Петто, дали востаниците имале некоја влада или некое политичко тело што би ја насочувало нивната борба и би воспоставило односи со големите сили и со соседните балкански држави?

Вестите, информациите и коментарите на новинската агенција Авас и на дневникот „*Ел дија*" ни даваат некои одговори на поставените прашања, но тие одговори се неполни и недоволни. Последново, во прв ред, се однесува до бројот на ангажираните војници. Податоците изнесени во периодот од 4 август до 9 септември не даваат точен увид, зашто се изнесуваат податоци онака како што одговарале на одделните фази на борбата, а некои воопшто не се споменати. Треба да се истакне дека се тоа главно турски и поради тоа несигурни податоци, а можеби некои се и искривоколчени од страна на новинските агенции или весници и погрешно пренесени поради извесна грешка на преведувачите. Понатаму, како извор на ваквите податоци, воопшто не се цитираат македонски, односно востанички извори. Се цитираат, вистина, податоци добиени од Македонци, но кои биле пробугарски ориентирани.

Поради тоа, ќе бидеме принудени да ги користиме сите податоци што ги дава агенцијата Авас, односно весникот „*Ел дија*", дополнети со податоци што ги дава повоената македонска историографија и со наши коментари.

1. Да почнеме од бројот на ангажираните војници и од другите аспекти на оваа борба, па ќе видиме дека бројните податоци се несигурни и дека тоа ги потврдува нашите претходни сомневања во вистинитоста и веродостојноста на податоците во врска со бројот на ангажираните трупи додека траело востанието. Сепак, нам не ни останува ништо друго освен тие податоци да ги земеме како приближно точни.

Така, на пример, уште на 6 август е објавена вест дека „силни одреди на турските трупи се упатиле кон Битола, со цел да се избегнат атентати на динамиташите . . ." И оваа вест не зборува речиси ништо за бројот на ангажираните турски единици, зашто ако станува збор за „силни одреди", тоа уште не покажува колкав е бројот на воените ефективи.

Следната вест, објавена на 7 август, дека од Косово кон Битола тргнале „три баталјони" и дека во Битола веќе се наоѓаат „осум" (баталјони), зборува, вистина, нешто повеќе, но и од неа не се гледа дека е во прашање востание во кое се ангажирани големи воени ефективи.

Во веста од 14 август може донекаде да се види колкави се размерите на воените акции од страна на турската војска против востаниците. Во прашање е Крушево, каде што востаниците ќе ја прогласат Крушевската република и каде што ќе го издадат прогласот, оној прочуен Манифест на Крушевската република. Според турски податоци, што ги има објавено Авас, не може да се заклучи дека градот Крушево е преземен, но во веста од Истанбул од 13 август, меѓу другото, се вели и следново:

„ . . . Градот Крушево и натаму го држат револуционерите, меѓутоа, опколен е од 4.000 војници со артилерија, со цел на јуриш да го заземат . . ."

Тоа се првите информации што зборуваат за размерите на борбата и за ангажираноста на турски трупи, кои морале да ги довлечат, како и артилерија, некако да го заземат градот. Во веста не се зборува колкумина востаници се бореле против четириилјадната турска војска, за да го задржат освоениот град Крушево, ниту пак со какво оружје се бранеле за да го одбранат градот.

Меѓутоа, според информациите од македонската историографија, Крушево паднало во рацете на востаниците уште на 2 август, а Турците го зазеле на 12 август, и тоа не со 4.000 војници и со артилерија, туку со над 20.000 војници, кои марширале накај Крушево од неколку страни, така што немало време востаниците

да се засолнат во ридиштата околу градот Крушево. Таму, кај Крушево, загинале многу востаници, меѓу кои и легендарниот Питу Гули. Сите востаници тогаш биле готови да се жртвуваат себеси за слободата на Македонија, а Турците, откако влегле во градот, извршиле вистински масакр меѓу населението.

Во следната вест (од 17 август) се вели нешто повеќе за бројот на турските учесници во борбата против востаниците. Во веста на Авас се вели:

„Истанбул, 17 август. — Во добро известени кругови се тврди дека од резервите се повикани под оружје 52 нови баталјони пешадија."

Во друга телеграма станува збор за една битка и за жртвите на македонските востаници, што, на некој начин, зборува за размерите на борбите што се водени и за жртвите што паднале за слободата на Македонија. Веста гласи:

„Виена, 18 август. — Од Битола телеграфираат дека 1.000 востаници близу до овој град одбиле три турски баталјони и дека во оваа крвава борба имало 210 мртви. Не е познат бројот на ранетите, но се верува дека е мошне голем."

Размавот на борбата го илустрира и следниов податок од една вест што ја објавува Авас:

„Истанбул, 18 август. — Дваесет и четири баталјони пешадија од Анадолија дојдоа во престолнината. Ќе бидат снабдени со муниција и веднаш упатени во Македонија."

Од Истанбул потекнува уште една вест, која уште појасно зборува за ширината на преземените мерки и за нараснувањето на востанието. Таа гласи:

„Истанбул, 26 август. — Турција во овој момент мобилизира многубројни трупи, за да го задуши востанието во Македонија. Според податоците од Министерството за војна, вкупниот број на силите што наскоро ќе се најдат во операциите во Македонија ќе ја достигнат цифрата од 350 баталјони."

За да се согледа ширината на борбите што се водени меѓу редовната турска војска и востаниците, доволно е да се наведе информацијата што зборува за една поединечна борба (кај селото Смилево), а е стигната од Солун (па поради тоа Македонците се наречени Бугари). Веста гласи:

„Солун, 31 август. — Бугарските востаници минатиот петок претрпеа големи загуби кај Смилево, каде што паднаа мртви околу 1.000 востаници. Четири илјади Бугари имаа заземено позиции на една височина, но два турски баталјона ги уништија под командата на Зерват-паша. Откако ја видоа гибелта на илјада борци од своите редови, Бугарите побегнаа. Во споредба со овој огромен број мртви, кои настрадаа од турската артилерија, турските загуби се незначителни."

Уште една информација што ја објавил Авас, односно *„Ел дија"*, зборува за големите размери на борбите меѓу Турците и востаниците, односно за мобилизацијата на турската војска, а и за однесувањето на Албанците. Таа информација гласи:

„Истанбул, 31 август. — Објавен е декрет за мобилизација на 70.000 луѓе во округот Косово, во Румелија, оддалечена околу 50 милји од Скопје. Владее голема вознемиреност во Албанија, каде што целокупното население сака да стапи во редовите на турската војска. Примена е телеграма со информација за наводно доаѓање на некаков брод со товар оружје за албанските доброволци."

Следната вест можеби нè упатува на вистинскиот број турски ефективи што се или ќе бидат употребени во борбата против востаниците:

„Софија, 5 септември. — Веродостојните извештаи добиени од Истанбул, укажуваат дека Турција наскоро во Македонија ќе има војска од 400.000 војници. Оваа огромна концентрација на воени сили во Европска Турција предизвика голема вознемиреност во Бугарија, а се верува дека тоа ќе ги вознемири и европските сили. Се знае дека турската влада наидува на сериозни

тешкотии во префрлувањето на трупите од Азија во Македонија. Разликата во климата предизвикува многу трајни загуби во полковите што се дојдени од врелите региони на Азија."

Податоците за бројот на турските трупи се земени од турски извештаи, а се однесуваат до разните фази на Илинденското востание. Ние сега располагаме со податоци што ги изнесува историчарот Христо Андонов-Полјански, а се однесуваат до бројната состојба на турските трупи од средината на август 1903 година. Тогаш османлиските сили стационирани во Македонија изнесувале: „239 баталјони, 39 ескадрони и 74 батерии. Конкретно, целокупниот состав изнесувал 167.300 пешадинци, 3.700 коњаници и 440 топови". Јасно е дека овој број од ден на ден растел, така што, веројатно, некаде при крајот на септември или почетокот на октомври, ја достигнал бројката што е спомената, т. е. околу 400.000 војници. Меѓутоа, нема сомневање дека е неблагодарна задачата да се утврди бројот на ангажираните трупи и дека наведените цифри треба да се земат како приближно точни.

Што се однесува до вооружувањето, на обете страни пушката била главно оружје, но додека Турците имале и артилерија — околу 440 топови — востаниците имале само неколку мали топчиња, изградени од црешово дрво. Турците, значи, биле надмоќни како по бројот на војниците, така и по вооружувањето.

Во известувањата на агенцијата Авас и на весникот „*Ел дија*" не се наведува директно колкав бил бројот на вооружените востаници, но за тоа сепак на интересен начин се зборува во следнава вест:

„Софија, 1 септември. — Деветстотини Македонци што побегнале во Малко Трново и во неколку блиски села ја преминаа бугарската граница и се засолнаа во Бугарија. Според извештајот што го донесе Револуционерниот комитет од боиштата, сега востаниците ќе формираат вооружени чети, чиишто број на војници ќе достигне 15.000 луѓе."

Значи, се работи за бројка далеку помала од онаа на Турците.

Притоа, треба да се укаже на една важна околност: со востаниците бил целиот народ. Сепак, како што веќе знаеме, тоа не било доволно да се победи една толку голема турска војска. Народот знаел дека ќе биде поделен во борбата и дека уште подолго време ќе остане неослободен.

2. Борби се водени насекаде во Македонија, само што не почнале насекаде истовремено. Додека борбите во Битолскиот округ почнале на 2 август 1903 година и таму добиле најголем замав, дотогаш во другите краишта на Македонија почнале нешто подоцна и немале такви размери како во Битолскиот округ.

Во извештаите на новинската агенција Авас, односно на уругвајскиот весник „*Ел дија*", природно, најмногу се споменуваат Битола и битолскиот крај, но се зборува и за други краишта и за други градови. Исто така, се споменуваат Солун и Скопје, првиот повеќе како извор на информации.

Весникот „*Ел дија*", на 14 август, ќе ја објави веста за паѓањето на Клисура и на Писодер во рацете на востаниците, а потоа за разурнувањето на Крушево и за поразот на Албанците. Во веста се вели:

„Солун, 29 август. — Македонските востаници ги заседоа местата Клисура и Писодер. Турските трупи одново го бомбардираа местото Крушево, разурнувајќи го на тој начин. Освен тоа, поразени се Албанците и нивните одреди во регионот на Дејерско (веројатно Богарско)."

Имало и информации за паѓањето во турски раце на градот Невеска, кого пред тоа го држеле востаниците. Веста на Авас за тоа гласи:

„Солун, 29 август. — Во овој миг е примена вест дека отоманските вооружени сили, по долги и крвави борби, го повратиле градот Невеска. На боиштето паднале 200 Бугари."

И во оваа вест се споменуваат Бугари. Тоа не е случајно; со оглед дека веста доаѓа од Солун, востаниците се нарекуваат Бугари.

Во една друга вест за плановите на Турците одново се споменува Клисура, па во таа вест на Авас се вели:

„Истанбул, 1 септември. — Во вестите за Македонија се опишува ситуацијата во оваа провинција како мошне сериозна.

Судирите меѓу царските сили и востаниците се зачестени во сите окрузи на Македонија и на Румелија. Се дознава дека Турците распоредиле бројни сили во Клисура, место близу до бугарската граница, за да го спречат влегувањето на бугарски доброволци."

Многу повеќе се зборува за градот Крушево во веста на Авас што е емитувана од Солун на 6 август:

„Солун, 6 август. — Телеграфот во правец на Битола се наоѓа во прекин. Еден гласник, што стигна, известува дека Бугарите го дигнале во воздух конакот во Крушево и, притоа, со динамит убиле педесет Турци. Одмаздувајќи се, турските трупи го запалиле селото Дихово, близу до Битола."

Уште една друга вест донесува информации за борбите во Крушево. Таа вест доаѓа од Софија и во неа се вели:

„. . . Тукушто е примена вест дека близу до Крушево се водени крвави борби . . ."

И во една поширока информација се зборува за Крушево. Информацијата е објавена на 14 август, а е емитувана од Истанбул на 13 август. Таа гласи:

„. . . Градот Крушево и натаму го држат револуционерите. Меѓутоа, опколен е од страна на 4.000 турски војници со артилерија, кои настојуваат на јуриш да го заземат . . ."

„Ел дија", уште во бројот од 19 август, донесува вест од Софија, од 18 август, во која се вели дека:

„. . . турските трупи го заседоа Крушево и ги масакрираа сите христијани и повеќе службеници во турскиот Монопол . . ."

Во бројот од 22 август, *„Ел дија"* објавува:

„Истанбул, 21 август. — Примена е информација дека турските трупи ограбиле и запалиле 22 христијански села околу градот Крушево."

Следниот ден, на 22 август, агенцијата Авас, односно весникот *„Ел дија"*, објавува поединости за заземањето на Крушево од страна на турската војска. Тие поединости се изнесени во извештаи од Солун. Веста гласи:

„Солун, 22 август. — Денес овде е примен следниов извештај за последните настани во Крушево. Кога револуционерите го зазеле Крушево, го окупирале грчкиот кварт и го истакнале своето знаме на куќите од грчките државјани. Турците дошле во Крушево на 10 овој месец, но востаниците веќе биле повлечени, освен 400 луѓе од редовите на градското население. Иако ниедна пушка не пукнала против Турците, овие почнале да го бомбардираат градот и го продолжиле бомбардирањето сè додека не биле разорени 300 станбени згради и 250 дуќани. Меѓу првите се мошне убавите куќи на Грците и на Власите. Уништени се и грчката црква и училиштето. Материјалната штета предизвикана од бомбардирањето се цени на повеќе милиони франка. Минатата среда Турците убиле околу 200 бугарски востаници, кои се предале во едно село близу до Битола."

За Крушево се зборува и во веста објавена на 26 август:

„Софија, 26 август. — Расте вознемиреноста на народот предизвикана со информациите добиени од Македонија. Се дознава дека турските трупи го искористиле нападот на Крушево за да ги распарчат телата на 90 жени и деца и да ги набијат на копја главите на 15 трговци. Убивање е вршено во сите места на Битолскиот вилает."

Овие убиства ги имаат осудено и самите Турци — без оглед дали нешто ќе преземат или не — па таквата осуда е спомената и во веста објавена на 28 август:

„Скопје, 27 август. — Овде е воспоставен вонреден суд на Битолскиот вилает, пред кој треба да одговараат 40 турски офицери и други исто така бројни турски функционери, кои се обвинети како извршители на злосторствата направени во Крушево."

Во веста од Солун од 22 август се вели дека востаниците се сместиле во „грчкиот" кварт, дека ги окупирале „најдобрите грчки куќи", дека на нив истакнале револуционерни знамиња, дека грчките училишта и цркви биле бомбардирани и дека, со тоа, е нанесена штета од неколку милиони франка.

Се разбира, не се работи за никакви грчки куќи, зашто овде и нема Грци, туку се работи за Власи, кои живееле заедно со Македонците. Фактот дека се споменуваат грчко училиште и црква, е само знак колку Грците имале развиена пропагандна активност и меѓу Власите, основајќи свои училишта и цркви.

Интересни се и вестите за учеството на македонските жени во борбите на востаниците. Така, една вест од 14 август гласи:

„Софија, 30 август. — Во вестите примени од Македонија се вели дека жените се приклучиле кон машките членови на своите семејства во борбата против Турците."

И во следнава вест се истакнува учеството на жените во овие борби:

„Истанбул, 24 август. — Со телеграма јавуваат од Беурбан дека турските трупи убиле осум беспомошни жени. Една жена убила некој Турчин и ранила друг, кој се обидел да ја убие."

За масакрите што ги извршила турската војска, а особено башибозуците, зборува и делот од извештајот во франкфуртскиот весник „Франкфуртер цајтунг", во кој се вели:

„Франкфурт, 18 август. — „Франкфуртер цајтунг" објавува телеграма од Солун во која се вели дека низ реката што тече близу до Битола непрестајно пливаат нагрдени тела на жени и деца, жртви на башибозуците."

Против борбата на востаниците Турците, значи, одговарале со општ масакр. Меѓутоа, не смее да се

заборави дека храбрата востаничка војска ослободила и неколку градски населби (Крушево, Клисура, Невеска), како и пространа македонска територија, и дека многу жестоки борби се водени во сите региони на Македонија.

Покрај местата споменати во досегашното излагање, овде, по азбучен ред, ќе ги наведеме градовите и селата во кои дошло до судири:

Адријанополис, Амафало, Баница, Белово, Беурбан, Буф, Буково, Горна Рибница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Дихово, Добулаки, Екши Су, Енице, Икумадел(?), Карбуница, Корица, Кочани, Лерин, Певгули, Пемике (порано веќе ги спомнавме градовите Битола, Скопје, Солун, итн.).

Авас и *„Ел дија"* го наведуваат и податокот дека востаничките сили биле составени од околу 15.000 вооружени борци. Она што не е тука наведено тоа се големиот број вооружени востаници, односно народни маси што биле готови да се борат против турската солдатеска.

Особено треба да се укаже на тоа дека имало востаници кои едноставно сакале да загинат за да ја помогнат со тоа борбата на македонскиот народ за слобода. Тие се жртвувале и останале непознати. Малку се револуциите во светот во кои револуционерите се бореле за остварување на целите на своето движење, а не за сопствената положба по победата. Македонските востаници биле готови на сите жртви што ги донесува со себе револуцијата во оваа економски заостаната земја. Ним им било туѓо да му се качат на грб на народот, тие со својот народ делеле и добро и зло.

Не располагаме со податоци за тоа колку турски војници и башибозуци загинале за време на Илинденското востание. Такви податоци Турција не објавувала. Информациите што му ги давале на новинарот на Авас турските власти се ограничувале само на бројот на востаниците што загинале во борбите. Сите поединечни борби не можеле да бидат опфатени со овие извештаи на турската команда, односно на надлежните турски власти и установи за информирање на новинарите. Историчарот Данчо Зографски, наведува податок дека

во Илинденското востание се уништени 201 село, дека 12.440 куќи се запалени, дека се убиени 4.895 мажи, жени и деца и дека 70.000 луѓе останале без покрив над главата. Според податоците на историчарот Христо Андонов-Полјански, во востанието настрадале 201 населено место, изгорени се 12.400 куќи, а без покрив над главата останале 70.836 луѓе, додека избегале повеќе од 30.000, а 8.816 мажи, жени и деца биле убиени.

Ваквото несовпаѓање на податоците може да се објасни со тоа што се користени различни извори и дека податоците се собирани и објавувани во разни периоди.

Меѓутоа, без оглед на изворот што е користен и на периодот од кој потекнуваат податоците, бројот на загинатите и настраданите од турските зулуми изгледа навистина мал во однос на размавот на борбите за време на Илинденското востание, каде што се дигнало и старо и младо за да се извојува долго очекуваната слобода. Востаниците напаѓале ненадејно и устремно. Во тој момент народниот револт се згустил и паднал врз непријателот против секоја човекова слобода, и социјална и национална и друга. Не треба да се заборави дека Турците ги сметале Македонците во Македонија како жители од втор ред и спрема нив постапувале најнечовечки, како да се работело за животни, а не за луѓе. Секој Турчин, било да е на власт или не, можел да фати и да фрли во затвор секаков Македонец или Македонка, да ги изложи на најбрутални мачења, да ги убие, а притоа пред никого да не одговара.

Во Илинденското востание ќе дојде до израз големиот револт на Македонците. Востаниците налетувале на секој Турчин што бил војник или офицер; не постоела таква сила што би можела во тоа да ги спречи. Од друга страна, османлиите постапувале подмолно: ја напаѓале рајата, т. е. она население што до вчера го газеле, што го сметале помало од маково зрнце и го терале без поговор да ги исполнува сите нивни барања. Се работи за судир, значи, меѓу две војски, од

кои едната ги претставува Македонците, а другата Турците, војска на поробени и војска на поробувачи. Затоа, борбата ќе биде немилосрдна, затоа е и логично да биде многу поголем бројот на жртвите од двете страни.

Во извештаите на агенцијата Авас и на дописникот на *„Ел дија“* читаме дека востаниците го напаѓале и масакрирале голоракото турско население по селата на Македонија, дека убивале турски жени и деца, како што зборувале Турците, постоела опасност востаниците да ги нападнат дипломатските претставништва, а притоа Турците биле немоќни да ги заштитат. Несомнено е дека овие „податоци“ потекнуваат од турски извори. Зашто, работите биле сосем поинакви. Не постоела опасност по голоракото турско население во Македонија, ниту по безбедноста на странските мисии акредитирани кај турската влада. Странските мисии тоа мошне добро го знаеле и затоа не му обрнувале никакво внимание на пишувањето на турскиот печат за нивната загрозеност. Во овој поглед, Турците наполно ги разобличил извештајот од самите дипломатски претставници при отоманската влада. Овој извештај е објавен во вестите на новинската агенција Авас и на дневникот *„Ел дија“*. Тој гласи:

„Истанбул, 30 август. — Во конзуларните кругови се демантира веста што ја проширија турските власти во врска со тоа дека востаниците извршиле насилства во муслиманските села. Востаниците само ја разурнале тврдината во округот Дуботинци и запалиле некои села чиишто жители претходно ги напуштиле.“

Немало, значи, случаи кога востаниците „убивале голорако турско население“ само затоа што е муслиманско, ниту пак кога востаниците на кој било начин го малтретирале тоа население. Стварноста била подруга со својот проглас издаден по повод основањето на Крушевската република, востаниците го повикуваат муслиманското население да им се придружи, заедно да се борат против заедничкиот непријател, преживеаниот фсудален турски султан и другите главатари, кои подеднакво го експлоатираат муслиманското население како и македонскиот народ.

Една друга телеграма подобро ги покажува интенциите на востаниците во поглед на самото востание, а особено нивниот став спрема муслиманското население. Во неа, меѓу другото, се вели:

„Софија, 15 август. — Во регионите на Македонија се шири проглас во кој се вели дека востаниците не се борат само за себеси, а уште помалку за Кнежество Бугарија, туку за светите права на човештвото."

Според тоа, ваквото востание не можело да биде вперено против „голоракото муслиманско население". Борејќи се за ослободувањето на својата земја, востаниците наедно се бореле за „светите права на човештвото". Тоа го имале тие на ум, тоа бил нивниот идеал. така зборувале нивните водачи.

Турците сакале уште една работа да искористат: различната верска припадност на населението. Во тоа имале извесен успех кај Албанците од муслиманска вера. Меѓутоа, општо земено, Албанците ќе имаат добро држење во однос на востаниците. Сите други за Турците — и Македонци и Албанци — биле работници, т. е. „аргати", според тоа и не постоела никаква разлика меѓу Македонците и муслиманските работници.

3. Меѓународните, а и балканските услови во кои се одвивало Илинденското востание не биле поволни. Светските сили биле „слободни", т. е. не биле ангажирани со војни, па настојувале — и на тоа работеле — македонското востание некако да го искористат. Впрочем, како и балканските држави, кои исто така се обидувале да извлечат за себеси корист од востанието. Наместо и едните и другите, големите сили и балканските држави, да му помогнат на македонскиот народ да се ослободи од многувековната турска доминација, да му помогнат да создаде своја држава или да си избори автономија во рамките на Турската империја, големите сили, како и балканските држави, работеле на тоа да извлечат што поголема корист, и тоа од крвта и солзите на македонскиот народ.

Големите сили „наоѓале" свое население среде Турската империја и се бореле интересите на тие „нивни поданици" да не бидат повредени. А какви тоа Руси, Австро-Унгарци, Германци, Французи итн. имало

во границите на Турската империја? Се разбира — никакви. Исто така, и балканските држави сметале дека „нивно население живее во Македонија и тие појавувале империјалистички стремежи. Во тоа најдалеку ќе отидат Бугарите, т. е. бугарските империјалисти, кои тврдат дека Македонците се всушност Бугари, и т. н. „западни Бугари", додека великосрбите и великогрците тврдат дека Македонија ја населуваат Срби, односно Грци.

Балканските држави ќе ја ангажираат и „науката", за да докажат дека Македонците се всушност Бугари, Срби или Грци; во Македонија ќе испратат свои владики и свештеници, свои учители; нивните воени кругови ќе праќаат во Македонија вооружени чети. Тие чети се полни со разни авантуристи, кои ќе јадат и пијат низ Македонија. Меѓу нив, се разбира, ќе се најдат и борци што чесно и искрено им припаѓаат на тие чети, сметајќи дека се борат за слободата на Македонија, не гледајќи ја целата опасност што ѝ се заканува нејзе од ново поробување. Еден дел од народот ќе ги прима овие чети, надевајќи се дека тие се борат и дека еден ден навистина ќе ѝ донесат слобода на Македонија. Турските власти сето тоа ќе го следат и, во договор со извесни агенти на заинтересираните држави, ќе вршат блокада кога се работи за навистина македонски чети со македонски раководители, како што е Гоце Делчев, кого го следеле и на крајот го убиле (4 мај 1903 година, село Баница). За тоа време турските власти дозволувале, помалку или повеќе, слободно да вилнеат низ Македонија оние чети на балканските држави за кои агентите на овие земји веќе им јавиле дека ќе поминат низ Македонија.

Големите сили вршеле демонстрации со своите флоти, кои длабоко завлегле во турските води. Пред турскиот брег, заправо со присуството на своите флоти, тие се заканувале дека ќе истоварат трупи на почвата на Турција. А што не дошло до тоа придонело неединството на големите сили, односно нивниот заеднички интерес да се зачува територијалниот интегритет на турската држава во тој момент. Се разбира, постоеле и други причини што не дошло до интервенција од

страна на големите сили. За политиката на големите сили ќе стане малку повеќе збор во следната глава, а ќе зборуваме и за политиката на балканските држави во однос на Македонија и на Илинденското востание.

4. Што се однесува до прашањето дали македонските востаници издавале прогласи или весници посветени на Илинденското востание, можеме да кажеме дека тоа го правеле. Пред сè, објавен е Крушевскиот манифест за Илинденското востание. Во него се зборува за целите на Илинденското востание и се повикуваат муслиманите да им се приклучат на востаниците или барем да останат неутрални, зашто востаниците се борат и за делото на сиромашните муслимани.

Можеби прогласот, што дописникот на Авас од Солун го вика Манифест, е всушност Крушевскиот проглас. Еве како гласи телеграмата во која се споменува тој проглас:

„Солун, 30 септември. — Востаничкиот комитет соопшти дека објавил еден манифест со кој го повикува муслиманското население да се дигне против владата."

Една друга телеграма е емитувана од Софија и гласи:

„Софија, 5 август. — Една телеграма е примена во Р..., место близу до турската граница, а во неа се јавува дека вчера таму стигнал еден агент на Македонскиот комитет, кој меѓу населението раздал една прокламација на овој комитет упатена до македонскиот народ. Прокламацијата е вака формулирана:

До нашите браќа од Македонија.

Адријанополис е вооружен и смета на вашата помош. Вие можете сами, со ваши сили да им се противставите на моќното ќарство и на вашите неподносливи непријатели. Вашиот нескротлив дух веќе постигна да стрепери турската власт. Сто илјади султанови војници и наши небројени неверници (муслимани, м. з.) не можат да се спротивстават на вашето напредување. Жртвувавте сè што имавте пред олтарот на слободата. Од длабочината на срцето ве молиме да не ја напуштате борбата. Нека дојдат нови борци што ќе ги заменат оние што паднаа во борбата. Вашиот хероизам го уплаши непријателот и тираните веќе стануваат уморни. Почнаа нови денови за татковината. Останува да се направи уште еден чекор и вековната тиранија ќе биде збришана. Зората на слободата се раѓа на хоризонтот на нашата татковина и се очекува уште само овој удар за да светне наполно сонцето на слободата над македонската земја."

Во истава телеграма се вели дека во цела Македонија е објавен еден проглас. Тој проглас е мошне важен, со оглед на тоа што во него се зборува и за иднината на македонската револуција. Тој проглас е значаен и по тоа што македонските револуционери се дистанцираат од Бугарија, се дистанцираат од која било балканска земја. Во телеграмата од Софија — вреди уште еднаш да се потсетиме за неа — за ова прашање, покрај другото, се вели и следново:

„Во другите региони на Македонија е објавен еден проглас во кој се зборува дека востаниците не се борат за себе самите, уште помалку за Кнежество Бугарија, туку за светите права на човештвото."

Значи, не „за самите себеси", а уште помалку „за Кнежество Бугарија", туку „за светите права на човештвото". Тоа, нема сомневање, личи на социјализам, на нешто повеќе од социјализам каков што ние го познаваме, на општество во кое нема да има граници, во кое луѓето ќе ги уживаат сите човечки права и во кое „сите права на човештвото ќе бидат остварени", а тоа би било една повисока фаза од денешниот социјализам. Во тоа била суштината на Илинденското востание, тоа биле и идеите, водечките идеи на ова востание.

Можеби постоеле и други прогласи, како и летци, кои кружеле од човек до човек, само што тогаш луѓето, главно, биле неписмени, така што овие летци и нивната содржина биле наменети за мал број писмени луѓе. Сепак, таквите материјали одиграле извесна позитивна улога.

Многу поголема улога одиграле весниците. Со посредството на извештаите од Авас, нам ни е пристапен само весникот „Автономија". Не можам јас да кажам

до колкава мера овој весник бил навистина македонски, т. е. до колкава мера ги застапувал целите и идеите што ги навестува неговиот назив. Но, уште самиот збор „автономија“ зборува дека тој се залагал за автономија и ја поддржувал борбата за овие цели. Во вестите на агенцијата Авас и на весникот *„Ел дија“* не се зборува за изгледот на овој весник, ниту за неговата содржина, но, судејќи по неговиот назив, се залагал за самостојна држава, која без никакво мешање однадвор ја остварува својата политика, својата економија, својата култура. Прашањево го нагласуваме затоа да се знае и да се има предвид дека македонскиот народ ја сакал автономијата и се борел за самостојност, дека тоа биле неговите цели, а не автономијата, како збор, да биде фалсификат на нешто друго, зад зборот автономија всушност да се крие бугарската политика.

Користениот збор „автономија“, како фраза што всушност треба да ја покрива великобугарската идеја за создавање на „велика Бугарија“, е стар колку и великобугарската идеја, поттикната од Санстефанскиот мировен договор, со кој Бугарија навистина станала голема и ги остварила своите идеали на бугарската буржоазија, но тоа траело кратко.

Великобугарската идеја вклучува и фалсификат кој, под називот „автономија на Македонија“, ја подразбира идејата за Македонија во составот на Бугарија. Меѓутоа, авторите на таа идеја заборавааат еден важен факт, имено — дека под „автономија“ треба всушност да се подразбира автономија, дека по автономијата треба да уследи уште поголем степен на политичка слобода, а не поставување на Македонија под заштита на бугарската држава. Авторите на паролата „автономија“ сакале со неа да го придобијат македонскиот народ, кој целосно бил за вистинска автономија на Македонија. Далеку отишле оние што на македонскиот народ, под фирмата „автономија“, всушност му нуделе приклучување на Македонија кон Бугарија. Целокупнава идеја ја измислиле великобугарските империјалисти.

И уште нешто за автономијата. Во настојувањето со зборот „автономија“ да го придобијат народот, тој народ тие всушност го мамеле, нудејќи му „автономија“ како маска за приклучување кон Бугарија, на ист начин како што тој народ го убедувале дека е дел од бугарскиот народ. Но, не може да постојат два вида автономија: овој збор или значи вистинска автономија, за која се изјаснил целиот македонски народ, или претставува обична измама, јадица што им е понудена на Македонците, со цел, откако ќе ја проголтаат, полесно да го прифатат и присоединувањето кон Бугарија. На Македонците им претстоело да се определат кој вид автономија ќе прифатат!

5. Што се однесува до прашањето дали македонските востаници имале некоја влада и некое слично тело што би ја насочувало борбата на востаниците и би воспоставило односи со големите сили и со балканските земји, можеме да кажеме дека востаниците имале своја влада, која била „зад границите“, т. н. „задгранична влада“, со седиште во Софија. За ова прашање не пишувале Авас и *„Ел дија“*. За тоа пишувале истакнатите македонски историчари Љубен Лапе и Манол Пандевски. Доволно е да се прочитаат нивните трудови, па да стане сосем јасна оваа проблематика.

„Задграничната влада“ додека ја воделе Гоце Делчев и Ѓорче Петров, работела беспрекорно. Таа ќе успее да воспостави нужни контакти, да се тргне од бугарската влада, да го насочува ослободителното движење во Македонија итн. Таа се бори против две опасности. Прво — против опасноста „задграничната влада“ да се претвори во обична агентура на бугарската влада, и, второ, против уверувањето дека ослободувањето на Македонија зависи од надворешни, пред сè бугарски, интервенции и акции. Овие две опасности „задграничната влада“, под раководството на Ѓорче Петров и на Гоце Делчев, ги одбива со успех, што не може да се рече и за сите други „задгранични влади“. Поради тоа ќе биде потребно Главниот штаб да издаде стриктна директива „задграничната влада“ да не може да се впушта во разговори со странски влади, ниту да вету-ва нешто за што нема одобрение, како што е тоа, на

пример, еднаш сторено во разговори со руски претставници. Од друга страна, востаниците имале свое раководство во Солун. Кога овие две раководства — она во Софија и она во Солун — давале спротивни инструкции, покрај другото — предвреме да се подигне востанието (таа инструкција ја спровеле во дело толку добри борци), тогаш тие раководства и ја сносат одговорноста за неуспехот на востанието.

Постоеле повеќе „задгранични влади", но не е наполно познато што работеле тие влади и дали воспоставувале односи со странски влади. Сето ова треба да се испита и да се причека додека завршат тие испитувања. Треба овде да се наспомне и тоа дека раководствата на окрузите исто така стапувале во определени контакти, но не со владите на странските држави преку нивните мисии во Софија, туку со конзулатите на странските земји, и ним им поставувале определени прашања.

6. ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Самиот факт дека Авас — новинска агенција на една голема сила, Франција — се ангажирала и емитувала вести за Македонија и за македонското востание, придонел тие вести, информации и коментари да добијат публицитет во сите земји на светот, првенствено во земјите на големите сили. Таквата околност влијаела врз тоа информациите за Македонија, за состојбата во таа земја и борбата заради излегување од односната состојба да се прошират како во западните земји, така и во сите земји што имале свои весници и го користеле сервисот на Авас. Тоа, секако, многу значело за популаризацијата на Македонија и за запознавањето на нејзините проблеми, што имало за последица низ Европа да се појават многубројни позитивно ориентирани манифестации во полза на Македонија и во сите делови на светот да бидат објавени многубројни статии во прилог на Македонија. Не би се задржувал овде на многубројните митинзи во полза на Македонија што се одржани во европските земји, ниту на декларациите што се донесувани на тие митинзи, зашто тоа е главно познато. Би ја споменал, меѓутоа, телеграмата на Авас за пораката на папата Пиј X до христијанските владетели во европските земји, во која е изразен ставот на католичката црква во полза на Македонците. Повод за оваа папина порака до големите сили била нотата што големите сили ја упатиле до Портата, а во која станува збор за Македонија, за Австро-Унгарија, за Германија и Русија. Имено, до Високата порта тие пратиле нота во која од неа барале да се нормализира ситуацијата во таа турска провин-

ција, зашто Македонија се претворила во боиште. Вест, испратена од Рим, гласи:

„Рим, 7 септември. — Се соопштува дека папата Пиј X упатил до царот Фрањо Јосиф писмо во кое се истакнува дека водечките сили добро би сториле кога би се здружиле и би го прекратиле убивањето на христијани во Македонија."

Денес ние знаеме дека убивањето во Македонија не го „прекратиле" водечките христијански сили на Европа, туку самата Турција, и тоа онака како што таа сакала: со масакр на македонските револуционери и на обични селани. Не мислиме да го потенцираме напорот на Пиј X и на католичката црква во прилог на Македонците, туку само ја истакнуваме нерешителноста на водечките сили, кои не го прекратиле убивањето на Македонците. Најмногу што сториле се состоело во тоа да извршат притисок врз Турција, така што на крајот е склучен договорот во Мирцштег. Тој притисок бил постојан и ѝ правел незгоди на Турција, а требало да претставува поддршка на македонските востаници. Таква улога одиграло и руското соопштение за движењето на руската флота. Во врска со тоа, Авас ќе емитува телеграма во која се вели:

„Петроград, 15 август. — По наредба од Министерството на воената морнарица, повеќе бродови од црноморската ескадра добија наредба да се упатат во турските води."

На 19 август, пак „*Ел дија*" објавил телеграма на Авас во која се вели дека „. . . весникот ‚Стандард' информира дека италијанската флота добила наредба да се концентрира во водите на Сицилија и да биде во готовност и, доколку ѝ биде наредено, да исплови кон Турција".

А на 22 август „*Ел дија*" ќе ја објави следнава вест на Авас од Истанбул:

„Од извештаите собрани во амбасадите на големите сили и во официјалните кругови на оваа престолнина, се заклучува дека отоманската влада нотите што ѝ ги упатиле Русија и Австро-Унгарија ги оценува како директна интервенција на овие сили во внатрешните работи на Отоманската империја. Еден турски дипломат на висока положба изјавил дека со таквиот став се охрабрени оние што ги поттикнуваат безредијата во Македонија и дека тие станале поагресивни штом дознале дека една руска и една италијанска ескадра се упатени во турските води. Истиот функционер рекол дека неговата влада особено жали поради ставот на Велика Британија и на Германија, зашто за таквиот став не дала поводи и дека, освен тоа, верува дека Русија не ја известила Австро-Унгарија за својата намера да испрати една ескадра на пат за Турција. Наспроти слуховите што кружат во врска со заедничката демонстрација на флотите на овие сили во турските води, се знае дека Русија нема намера да предизвика конфликт со Турција, туку, напротив, ќе настојува да избегне сè што може да се изроди во нешто како меѓународен конфликт, за кој би биле повод настаните на Балканскиот Полуостров. Во дипломатските кругови во оваа престолнина превладува мислење што е мошне оптимистичко и воопшто не се верува дека постојат причини за страхување дека од настаните во Македонија би можело да се изроди меѓународен конфликт. Големите сили сакаат само да се нормализира ситуацијата на Балканот, а истовремено се обидуваат да избегнат сè што би можело да предизвика компликации. Некои дипломати се на мислење дека ситуацијата на Далечниот Исток е многу посериозна и поопасна за светскиот мир отколку што е онаа на Балканот, особено ако се има предвид вознемиреноста што владее во Јапонија. Од овластен извор се дознава дека јапонската влада само чека руската влада да попадне во тешкотии на Балканскиот Полуостров, па да преземе енергичен став во Кореја и во Манџурија. И тоа е една од причините да се влијае врз Русија, за да постапува со голема претпазливост да не го забрза текот на настаните."

Русија сметала со можноста за војна со Јапонија, па поради тоа не сакала да се ангажира на Балканот. И цитиранава вест покажува дека Русија пројавувала став на „оптимизам" во поглед на Македонија, меѓутоа, не во таа смисла таа да верува во успехот и победата на македонското дело, туку што очекувала дека нема вооп-

што да дојде до судир во Европа и, особено, на Балканскиот Полуостров и дека борбите во Македонија ќе завршат со она што се вика „пацификација“ на Македонија — а тоа, всушност, би значело масовно убивање на македонскиот народ од страна на Турците. Русија, значи, не сакала војна во Македонија, ниту пак воопшто сакала војна во Европа, туку настојувала да избегне воен судир со Јапонија.

Авас објавува информација за загриженоста на турската влада по повод упатувањето руска флота во турските води, а Русија тоа го прави истовремено кога очекува војна со Јапонија. Во веста на Авас се вели:

„Истанбул, 22 август. — Тефик-паша, турски министер за надворешни работи, го посети денес Зиновјев, амбасадор на Русија во оваа престолнина, и го извести дека неговата влада ги прифатила сите барања поставени на Турција во врска со убиството на рускиот конзул Ростоковски. Истовремено, побарал Русија да ја повлече својата ескадра од турските води, зашто доаѓањето на оваа ескадра станало предмет на многубројни коментари и предизвикало длабок впечаток кај народот, со оглед на тоа дека веста за нејзиното доаѓање се проширила со чудна брзина, иако не била објавена во ниеден весник. Европејците што живеат во оваа престолнина сметаат дека испраќањето на руската ескадра е предзнак за енергична интервенција на европските сили во Турција, со оглед на тоа што повеќе европски влади изразиле мислење дека палијативните мерки (досега преземени спрема Турција) не се доволни, за да се нормализира ситуацијата во европскиот дел на Турција.“

Уште една вест, овој пат од Истанбул, зборува за акцијата што значи притисок врз Турција. Таа телеграма гласи:

„Истанбул, 22 август. — Два англиски воени брода и еден француски крстосувач низ турските води.“

И во една вест од Вашингтон се споменува прашањето за истоварување странски трупи на територијата на Турција и, во врска со тоа, се вели:

„Вашингтон, 4 септември. — Пратеникот на Соединетите Американски Држави, акредитиран кај Високата порта, го извести со телеграма својот министер за надворешни работи, полковникот Хеј, дека ниедна европска сила не истоварила свои трупи во Истанбул, со цел да ги заштити своите претставници и своите граѓани. Во добро известените кругови во овој град, увераат дека Соединетите Држави ќе го следат примерот на овие сили, ако затреба, и со истоварување трупи, т. е. поморска пешадија.“

И германската влада ќе заземе став спрема настаните во Македонија и спрема улогата на големите сили во решавањето на прашањето за Македонија. Уште и во веста што овде ја цитираме се гледа германската наклоност спрема Бугарија, нејзината осуда на руските акции за упатување бродови во турските води и готовноста на Германија да спречи настаните во Македонија да се прошират во меѓународен конфликт, туку безредијата да се ограничат на своето поприште, Македонија. Таа телеграма гласи:

„Берлин, 22 август. — Текот во кој тргнаа настаните почнува да предизвикува голема вознемиреност во германските официјални кругови. Службените известувања примени од Софија зборуваат дека во бугарската влада владее голема вознемиреност поради убиствата што зедоа замав во Македонија, така што ниедна бугарска влада не може да се спротивстави пред притисокот на јавното мислење.

Испраќањето руски и австроунгарски ескадри во турските води го зголемува стравот меѓу трговците и банкарите што имаат свои интереси во Турција.

Владата, од своја страна, останува неосетлива, иако е подготвена да интервенира заедно со другите големи сили и да ги преземе потребните чекори заради спречување да избие меѓународен конфликт, а безредијата да се ограничат на нивното денешно поприште. Во Министерството за надворешни работи предизвика изненадување упатувањето на една ескадра во турските води. Таму не е ништо познато за мотивите во врска со одлуката на руската влада и германското Министерство за надворешни работи не побара објаснување од руското министерство, зашто страхува дека таквото

барање би можело да предизвика погрешна интерпретација."

Весникот *„Ел дија"* од 20 август објавува вест на Авас во која се пренесува пишувањето на еден белгиски весник за стремежите на македонскиот народ и се вели дека македонскиот народ, всушност, се стреми кон реформи. Оваа телеграма гласи:

„Брисел, 20 август. — Весникот „Л'индепанданс Белж" пишува дека големите сили заклучиле договор за прекратување на бунтот во Македонија и за спроведување реформи кон кои се стремат Македонците. Русија би ги зазела протоците Дарданели и Босфор, Австрија би ја окупирала територијата на Македонија, а Италија би ги контролирала бреговите на Албанија."

Од Лондон стигнува телеграма со слична содржина:

„Лондон, 3 септември. — „Тајмс", во информација од Истанбул, пишува дека една австриска и една руска армија наскоро ќе извршат воена окупација на Македонија."

Меѓутоа, Авас јавува од Париз дека кризата во Македонија нема да доведе до општ пожар, т. е. светска војна, што значи дека големите сили знаеле колкава е силата и колкав е дострелот на востанието во Македонија. Телеграмава гласи:

„Париз, 21 август. — Весникот „Л'Голоа" пишува дека Ке д' Орсеј не верува дека сегашната криза во Македонија може да доведе до општ пожар."

Некои големи сили ѝ давале совети на Турција како да постапува со револуционерите и со бунтовниците и како да го реши македонското прашање. Така, во една вест на Авас, што ја пренесува *„Ел дија"*, се вели:

„Истанбул, 21 август. — При приемот што Абдул Хамид го приреди за дипломатскиот кор по повод годишнината од своето крунисување, амбасадорите на Русија и на Германија му препорачаа на турскиот суверен да спроведе енергични мерки во сите немирни провинции."

„Енергични мерки" наменети за македонскиот народ, кој дигнал востание, би значеле да се спречи со примена на сила „немирните провинции" да дојдат до својата слобода и со оружје да се разбие македонското

востание. Тоа, големите сили ѝ го препуштиле на Турција, која ваквата задача ја извршила успешно, го задушила востанието на македонскиот народ, испотепала голем број револуционери и селани, ги зазела и оние територии и градови на Македонија што биле веќе ослободени.

Телеграмите што веќе ги цитиравме, а кои ги објавил Авас и ги пренел *„Ел дија"*, покажуваат дека на големите сили некои работи не им биле јасни, или барем доволно јасни, но дека постапиле онака како што им зборувал нивниот инстинкт и реалниот однос на силите во тој момент и на тоа подрачје.

Веќе истакнавме дека агенцијата Авас, со своето известување, ја популаризирала борбата на македонскиот народ и дека големите сили, благодарение пред сѐ на таквото известување, сфаќале дека македонските востаници, се бореле за целост на својата територија и на својот народ. Поради тоа големите сили и се залагале Македонија да добие еден христијанин за гувернер, откако сфатиле — што е важно и денес — дека не се работи ниту за српски, ниту за бугарски, а уште помалку за грчки народ и востаници, туку за еден посебен народ, што заслужува да биде самостоен и независен, а не приклучен кон оваа или онаа од трите балкански држави со кои била Македонија опкружена.

Денес ние можеме да ја оцениме смислата на одделните потези на големите сили во време што било уште далеку од нивното дефинитивно поставување и создавање сојузништво пред Првата светска војна, зашто тогаш била одвај 1903 година и одделни сили допрва барале свои сојузници, така што не можело да се знае какви сојузништва ќе се склучат ако стане неминовен општ воен судир. Кој тогаш можел да мисли за Македонија и за нејзиното востание, кој можел да ѝ се замери на некоја од балканските држави поради тоа што застанала на оваа или на онаа страна, кој можел да знае какво значење би имало ако некоја од балканските држави заземе ваков или инаков став? За големите сили тогаш се покажало како најдобро решение работите да останат такви какви што се во даденият момент, да не се мешаат во востанието, опреде-

лувајќи се за или против него, туку да се определат за статус-кво.

Под таков агол треба да се набљудуваат и информациите на Авас, кои јасно покажуваат каков бил ставот на големите сили спрема македонското прашање и начинот за кој сметале дека е прифатлив за неговото решение. Еве и некои наши заклучоци за односот на големите сили спрема востанието во Македонија и спрема решавањето на македонското прашање.

Пред сè, востанието во Македонија придобило толку големи размери, што за него не пишувал само печатот во балканските и, воопшто, во европските земји, туку и надвор од ова подрачје, дури во Северна и Јужна Америка. Така и во една мала земја во Јужна Америка, како што е Уругвај, весникот *„Ел дија“* бележел сè што јавувал Авас од Европа во врска со македонското востание.

Тоа востание, значи, со својот интензитет нема да ја изненади само Турција, туку и големите сили, кои ги држеле конците на она што се случувало во светот, а им дошло добро на оние на кои им се вдавала можност да го искористат и на Турција да ѝ поставуваат такви барања и услови какви што таа никогаш не би прифатила под нормални услови.

Тоа почнало со „големата грижа“ на големите сили за правата на македонскиот народ, за правото на Македонците да имаат, на пример, своја администрација, да се зачува целоста на македонската територија и народ, да се спроведат определени реформи.

Потоа, се поставува прашањето за дипломатските интереси и интересите на дипломатските претставништва на големите сили во Турското царство и граѓаните на тие земји, кои барале заштита, како што тврделе нивните влади, зашто им се заканувала опасност од регуларните и нерегуларните турски трупи, па евентуално и од побунетите маси и од нивните помагачи. Турските власти уште го поттикнувале тој страв од востаниците, со цел на тој начин да ги заплашат големите сили, иако од извештаите на конзулите на големите сили во Македонија може да се види дека не им се заканувала никаква опасност на нивните граѓани.

Големите сили, значи, имале доволно причини, оправдувања и изговори да интервенираат кај Високата порта, со цел таа да ги спроведе ветените реформи, но, ако затреба, да прибегне и кон пацификација на немирната провинција со преземање „остри мерки“ спрема побунетиот народ, а да ги заштити граѓаните на големите сили.

Во секој случај, Илинденското востание — сакале тие или не — ќе го искористат големите сили на Турција да ѝ постават две барања: прво, да изврши реформи во Македонија, и, второ, да ги заштити граѓаните на големите сили што живеат и работат во Турција. Со оглед дека Турција не можела да ги исполни овие услови, дошле други барања од страна на големите сили: барања за територијални отстапки, барање големите сили да се грижат за Македонците и — што е најважно — секоја голема сила да се грижи за своите граѓани. Барањата за територијални отстапки се движеле од барања за окупација на Македонија, па сè до одземање на Босфорот и Дарданелите од Турција. Потоа, големите сили барале нивни ескадри да патролираат во турските води, за да можат — во случај, „нивните граѓани да бидат загрозени“ — веднаш да интервенираат, па дури и да истоварат свои трупи среде Истанбул!

Истовремено, во балканските земји растат симпатиите спрема македонските востаници, се одржуваат митинзи и се донесуваат резолуции во нивни прилог. Ова особено важи за Бугарија, каде што народот масовно се изјаснува во прилог на Илинденското востание на македонскиот народ. Од друга страна, моќните реакционерните влади на балканските земји ги влечат своите земји по патот на империјализмот и заземањето туѓи територии, на патот кон заземање територии од Македонија, зашто само таа била земја што ѝ припаѓала на Турција, а не била турска, што значи — „ничија земја“, која просто може да се окупира и да ѝ се стави на чело еден крал, чиј било, кој било од балканските народи, кои имале свои држави. А владите на балканските земји, наместо да ги искористат солидарноста и симпатиите на своите народи спрема

македонското востание, ќе сакаат да ги искористат тие симпатии и солидарност само затоа да приграбат територија од Македонија. И таквите симпатии и солидарност тие навистина ќе ги искористат во балканските војни и во Првата светска војна.

Значи, паралелно со политиката на големите сили, и балканските земји водат империјалистичка политика за освојување туѓи територии. Таква империјалистичка политика ќе пројават во врска со Илинденското востание сите балкански држави. Посебно таков став ќе зазема Бугарија, па големите сили, познавајќи го тој факт, го знаат и тоа дека Бугарија нема да настапи како сојузник на востаниците во Македонија и дека од „стоте илјади до двесте илјади бугарски бајонети", што ги ветувал И. Гарванов на Солунскиот конгрес пред македонските револуционери, нема ништо да биде. Знаат дека ветената, т. н. „братска помош" од страна на Бугарите до македонските востаници претставува залулкување и илузија, заблуда, која треба да влијае врз македонските револуционери тие да се одушеват и да се решат да го подигнат востанието уште во 1903 година. Со други зборови, големите сили знаат дека за време на востанието Бугарија нема ни со прст да мрдне, додека македонските револуционери ќе гинат низ македонската земја, дека Бугарите нема да тргнат во војна против Турција, зашто се плашат особено од турската солдатеска.

Големите сили добро знаеле дека бугарската буржоазија само сакала македонските револуционери да ги поттикне кон војна против Турците, та во таа војна да го загубат животот, пред сè, големите револуционери, нивниот раководен кадар.

На сличен начин ќе постапат и другите балкански држави. И тие нема ништо да сторат за да му помогнат на македонскиот народ во своето востание. Како и бугарската влада, и тие прижелкуваат идејата на Внатрешната организација да не се оствари, зашто таа организација се потпира врз внатрешните сили, а не врз помошта од балканските земји. Во тоа, се разбира, најдалеку ќе отидат Бугарите, кои Македонија ја сметаат како „своја територија".

Балканските држави, значи, се однесуваат како големите сили. За нив македонското востание е акција на еден поробен народ, која треба да се искористи.

Што се однесува до македонското востание, веќе рековме дека во споредба со турската војска, востаниците биле доста слабо вооружени, зашто имале само пушки и малку топови, дека имало сè на сè 15.000 до 20.000 вооружени борци, додека Турците биле далеку подобро вооружени и располагале со регуларна и добро обучена војска од 200.000 до 400.000 војници, со школуван офицерски кадар, со бројна артилерија итн. Се борел, значи, Давид против Голијат: разликата во воената сила меѓу востаниците и Турците била толку голема, што тоа било уочливо уште на прв поглед.

Сето тоа големите сили го знаеле и, во согласност со него, и ги одредиле својата стратегија и тактика. Нејќеле тие поради Македонија да влегуваат во судир со Турција. Инаку, многу и не се залагале за спроведувањето на т. н Мирцштегски реформи, зашто имале свои интереси во Турција, па повеќе им одговарало статус-кво од какви било промени.

Македонскиот народ бил препуштен сам да се бори, од бугарската помош немало ништо, на *Македонскиот народ* ниту можел, ниту сакал некој да му помогне, така што ништо не му преостанувало освен храбро да се фати во костец со надмоќната отоманска војска. Резултатите биле како што можело да се очекува, а последиците ги поднел исклучително македонскиот народ.

Таква судбина доживеале македонските револуционери, препуштени самите на себеси во големото Илинденско востание. Но, и покрај сите жртви и порази тоа востание ќе остане во свеста на македонските луѓе како светла страница во нивната историја. Напојувајќи се со подвизите од Илинденското востание, македонскиот народ во Втората светска војна, заедно со другите народи и народности на Југославија во Народноослободителната борба, ќе извојува победа и национална слобода — барем во оној дел од Македонија што се наоѓаше во Југославија.

7. УЛОГАТА НА СОСЕДИТЕ ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Видовме каква била улогата на големите сили во Илинденското востание. Соседите на Македонија биле од второстепено значење, но сепак имале влијание врз целокупниот исход на Илинденското востание. Имале удел во решавањето на македонското прашање со својата политика дека Македонија треба да ѝ припадне на една од нив, или да биде поделена, така што на секој сосед да му припадне „неговиот дел".

Уште далеку пред Илинденското востание, овие соседи во Македонија упатиле свои учители, свештеници, па и војска, во вид на четнички групи. Така Македонија, внатре во Турското царство, ќе стане место на судири, на влијанија меѓу учители, свештеници и воени формации од соседните земји. Целта на македонските соседи била овие свои политички акции да ги искористат така што секој од нив да може да се повикува на постигнати резултати во школството, во одгледувањето на верските традиции и на восната припадност, се со цел за „докажување" дека е Македонија „негова".

Но, кога почнало Илинденското востание, се покажало дека постои голема разлика меѓу ставовите на народите на балканските земји, од една, и нивните влади, од друга страна. Додека владите биле реакционерни, па затоа и против востание што би довело до автономија на Македонија, народите на овие земји гледале со симпатии на борбата на македонскиот народ и на почетните успеси на Илинденското востание.

Владите на соседните држави, меѓутоа, биле против тоа да се создаде македонска држава, зашто тоа ги расипувало нивните комбинации: Македонија да се приклучи кон оваа или онаа соседна земја, по што би уследила асимилација на македонскиот народ кон една од постојните балкански нации. Затоа, балканските држави и биле против создавањето на Внатрешната револуционерна македонска организација, зашто таа била за зајакнување и натамошно развивање на македонската нација Таквиот развој, се разбира, би ги оневозможувал владите на соседните земји да шпекулираат со Македонија, да го асимилираат македонскиот народ и од него да направат дел од својата нација.

Наспроти своите влади, соседните народи покажале симпатии спрема Илинденското востание, зашто во него гледале надеж за сопствено ослободување од внатрешниот притисок, или барем ублажување на притисокот што го трпеле од страна на своите државни власти.

Туку, да се вратиме кон бројките и цитирањето извештаи од страна на агенцијата Авас и на весникот *„Ел дија"*, за да ги илустрираме нашите тврдења или претпоставки.

Одбравме 56 информации и коментари, во кои станува збор за соседите на Македонија, каде што тие се посебно апострофирани (споменати се во значително поголем број информации!), а од кои најголем број доаѓаат од Софија (околу 20), од Истанбул (10), потоа — од Лондон (7), Атина и Белград (по 4), а следуваат Будимпешта (3), Виена, Париз, Берлин (по 2).

И овде Софија се истакнува со најголем број информации, а следува Истанбул. Ова не е случајно. Софија едноставно, со квалитетот на вестите, информациите и другите материјали, сакала да го покаже своето големо интересирање за Македонија, да им се наметне на сите тогашни фактори, а пред сè на големите сили, како арбитер за македонското прашање. Уште самиот квантитет на информациите од Софија зборува за настојувањето на бугарските политички фактори да им го наметнат своето мислење.

дека македонското прашање би требало да се реши со припојување на Македонија кон Бугарија.

Меѓутоа, во извештаите и во изјавите на бугарската влада до странските дипломатски мисии, како и во вестите и информациите објавени во софискиот печат, се забележува извесна постапност и градација. Додека изјавите на бугарската влада и пишувањето на софиските весници најчесто се однесуваат до тешкотиите со кои е соочена бугарската влада, има и поостри тонови. Постојат и изјави од бугарската влада дека таа „нема да може долго да издржи" поради Македонија да не интервенира со воена сила, затоа што тоа го бараат бугарските маси, особено оние што се наклонети кон Македонија; бугарската влада, исто така, изјавувала дека нема да може долго да ја смирува својата јавност и дека еден ден ќе мора да се вмеша во турско-македонскиот судир, зашто се заканува опасност од геноцид над македонското население. Меѓутоа, таквите изјави на бугарската влада, зад кои не стоела и нејзината готовност да се фати во костец со Турција, предизвикале таков ефект, што истата таа влада подоцна била принудена да дава мирољубиви изјави, па дури и да ветува дека нејзината војска ќе соработува со турската солдатеска во фаќањето на оние луѓе што илегално се префрлале во Македонија преку бугарско-турската граница. Таквите смирувачки изјави биле придружувани со декларации дека бугарската влада „била секогаш мирољубива" и дека нема никогаш да води војна против Турција.

Кога видела дека Турците сериозно се готват за војна против Бугарија, сметајќи ја неа како поттикнувач на востанието во Македонија, бугарската влада се уплашила дека би можела да биде вовлечена во војна со Турција, па за еден весник дала изјава во која се повикува дека постои договор меѓу Бугарија и Русија, со кој оваа, вторава земја, се обврзува да ѝ помогне на првата, во случај некој да ја нападне.

Бугарската влада, според тоа, употребувала различни методи за дејствување и пропаганда, во зависност од конкретната ситуација, која пак од ден на ден се менувала. Тие различни методи се движеле од отворени

закани против Турците, преку мирољубиви изјави за соработка со турската војска, па до повикување на односниот договор.

Ќе го повториме известувањето на Авас, односно информациите што се објавени во весникот *„Ел дија"*, кои, се надеваме, ќе ги потврдат нашите наводи. Така, Авас, односно *„Ел дија"*, уште на 13 август 1903 година, ќе го објават следново:

„Софија, 13 август. — Бугарската влада презема сè што е во нејзината моќ да го задржи револуционерното движење. Меѓутоа, ситуацијата е мошне тешка и постои оправдан страв дека владата не ќе може подолго време да опстојува пред притисокот на јавното мислење, па по извесно време ќе биде принудена да го прифати делото на Македонците."

Уште утредента, на 14 август, од Софија е емитувана и информација во која се зборува за економската ситуација во Македонија и за последиците што би можела таа да ги има во оваа провинција. Информацијата гласи:

„Софија, 13 август. — Економската ситуација во земјата е мошне критична. Трговците веќе не уживаат никаква доверба во странство, така што се принудени сè да плаќаат во готово. Од друга страна, влијанието на состојбата во Македонија ја направи уште потешка положбата на работничката класа, зашто нема работа. Меѓу трговците се зборува дека сегашнава ситуација не може веќе долго да трае и дека би било подобро да избие војна, која би ја разрешила ситуацијата, наместо да се продолжи неизвесноста во која денес живее земјата. Веројатно кнезот, кој се наоѓа во Унгарија, ќе изврши инспекција на трупите на границата пред да се упати во престолнината на земјата, и тогаш владата ќе донесе дефинитивна одлука за прашањето на Македонија. Членовите на владата изразуваат голем песимизам, зашто веруваат дека има поводи за општо убивање на христијаните во Македонија. Некои страхуваат дека би можело до тоа да дојде за неколку дена, а други мислат дека тоа ќе се случи по петнаесетина дена, но, во секој случај, кај мусли-

манското население во Македонија владее вознемиреност. Ако дојде до такво убивање, владата не би можела да остане на своето досегашно држење, туку би морала да интервенира во полза на револуционерите.

Во официјалните кругови сегашната ситуација ѝ се припишува на отоманската влада, која предизвика огорчување кај Македонците со своите остри мерки преземени против нив. Македонците, пред сè, ги притираше фактот што им е запленето оружјето. Со оглед дека се плашеа да не останат без секаква одбрана, Македонците не се колебаа да станат против отоманската власт, пред да им биде одземено целокупното оружје што го поседуваа."

Нема сомневање дека со вакви информации Бугарија го поттикнува македонскиот народ да подигне востание, ветувајќи му дека кога-тогаш ќе се замеша во турско-македонскиот судир. Тоа, значи, било ветувањето дека на македонскиот народ, кому му претстои немилосрдно убивање од страна на Турците, ќе му притекне на помош бугарската војска, со истовремено убедување дека на македонскиот народ не му преостанува ништо друго освен да дигне востание, и тоа што поскоро. Ваквите информации биле пресметани на тоа кај македонскиот народ да се создаде илузија дека Бугарија му е таков пријател од кој може да очекува помош, особено ако му се закани опасност од Турците, кои ги убиваат Македонците. Прашањето, значи, е поставено вака: или востание со помошта на „сојузниците" Бугари и ослободување на земјата од турското ропство, или приклонување пред турската сила, трпење и убивање на населението, како и други злосторства, и да се продолжи петвековното ропство под Турците.

Таква, значи, била политиката на Бугарија: од една страна, да ги поттикне Македонците кон востание против Турците, а од друга страна — на Турците да им даде до знаење дека востанието во Македонија може веднаш да се прекрати само ако тоа го сака бугарската влада, зашто се работи за нејзин народ, за Бугари во Македонија, кои таа влада сака само да ги заштити. Таква била бугарската политика спрема Македонија пред Илинденското востание, во периодот на

тоа востание и по него, со цел во кратки временски интервали да престанува и одново да се појавува во друг вид, но била секогаш присутна на Балканскиот Полуостров. Тоа е навистина една доста замрсена политика: треба да се покажува интересирање за Македонија и да се поттикнува народот кон востание, а истовремено да се истакнува дека бугарската влада „нема никаква врска" со востанието во Македонија. Притоа, за бугарската влада ќе биде основно — да се уверува целиот свет дека се работи за бугарски народ во Македонија.

Следната вест зборува за тоа како бугарската влада му ги презентирала на светот причините за востанието на македонскиот народ против Турците:

„Софија, 15 август. — Министерството за надворешни работи на Бугарија упати до големите сили нота со цел да докаже дека реформите ветени на Македонија се наполно неефикасни и дека не ги задоволуваат стремежите на Македонците да се ослободат од турското ропство."

Оваа вест имала цел да им покаже на големите сили дека Турците не можат да спроведат реформи (тие само „нешто ветуваат"), но дека Бугарите евентуално би можеле да ги задоволат аспирациите на Македонците.

Утредента, на 16 и на 17 август, се објавени вести од Софија во кои се зборува за состаноци на политички личности, за масовни митинзи во полза на македонската борба. Во вести од 17 август се вели:

„Одржан е голем митинг во прилог на македонското дело и еднодушно е изгласан предлог во кој се формулирани чувствата спрема востанието, а Европа и Турција се повикани да ги применат ветените реформи."

Со оваа вест се настојува да се создаде впечаток дека бугарското раководство се бори за „македонското дело", зашто во неа се зборува за предлог со кој од Турција и од Европа се бара спроведување на ветените реформи. Покрај тоа, во односната вест е речено дека тој предлог е „еднодушно изгласан", дека се „форму-

лирани чувствата" спрема востанието и, што е уште поважно, дека митингот бил масовно посетен. Не се излегло со големи барања, се почитувало Турското царство итн.

Во една друга вест, емитувана од Софија на 22 август, се вели:

„Софија, 22 август. — Група македонски личности што живеат во Бугарија одржа состанок на комитетот и упати повик до сите Македонци што се настанети во странство, барајќи од нив пари со кои финансиски би ја потпомогнале револуцијата. Овој комитет подготвува упатување на една делегација што ќе се обиде да ги посети шефовите на европските влади и од нив да побара да интервенираат кај европските сили во полза на Македонија."

На секоја револуција ѝ се потребни материјални средства и на секоја револуција ѝ е потребно да го известува светот, а првенствено големите сили, за целите на својата борба. Ние немаме што да додадеме кон оваа вест во врска со барањата на македонските револуционери, иако и парите и информациите можеле да послужат за цели што не биле македонски т. е. да не послужат за создавање автономна македонска држава. Важно е, меѓутоа, во оваа вест, која доаѓа од Софија, тоа што во неа се одрекува дека состанокот го одржале „македонски личности што живеат во Бугарија", со што се признава дека во Бугарија живее и една друга нација, која не е бугарска, т. е. Македонци. Ова е еден од повеќето случаи Македонците да бидат наречени Македонци а не Бугари, и веста да е објавена токму од Софија.

Интересна вест е објавена од Софија на 30 август, во која се вели:

„Софија, 30 август. — Владата им нареди на бугарските трупи да соработуваат со турските сили, со цел востаниците да се спречат да се префрлаат во Македонија."

Оваа вест го одразува стравот на бугарската влада од Турците, страв што владеел меѓу Бугарите и ги натерал да „соработуваат" со Турците. Значи, не да се борат против Турците, туку со нив да соработуваат, со цел „да се спречат востаниците да се префрлаат во Македонија". Каде е тука солидарноста со востаниците, каде е тука фаленьето на бугарското раководство дека на македонските востаници треба да им се пратат 100.000 до 200.000 бугарски бајонети, со цел Македонците да се ослободат од турскиот јарем? Каде се тука симпатиите на бугарскиот народ спрема македонските востаници, кога тие симпатии вака се предаваат? Јасно е дека од ветувањата на бугарското раководство за испраќање братска помош немало ништо. Како „ослободители" на Македонија, Бугарите отишле толку далеку, што дури и соработувале со Турците за да спречат револуционерните Македонци и други да се пробијат од Бугарија до Македонија, до борбените попришта на Илинденското востание.

Од погоре изнесеново јасно се гледа дека било празно вступувањето дека на Македонците, штом ќе почне востанисто, веднаш ќе им дојдат на помош Бугарите со своите „100.000 до 200.000 бајонети" и брзо „ќе ги разбијат Турците. Очигледно е дека целта на Бугарите била следнава: Македонците само нека го започнат востанисто, а потоа ќе видиме. Како што се гледа од цитиранава вест, Бугарите ги оставиле Македонците на цедило и дури пактирале со Турците. Со ваква тактика на доведување во заблуда, Бугарите често се служеле, и таа станала нивна вообичаена практика во надворешната и внатрешната политика.

Следната вест е интересна по тоа што покажува дека и на Турците им се случувало да забораваат дека нема да прават разлика меѓу Бугарите и Македонците, а и по тоа што се заканиле дека ќе ѝ објават војна на Бугарија ако таа не престане со тоа „директно или индиректно" да ги помага востаниците. Веста гласи:

„Истанбул, 31 август. — Кружат гласови дека Високата порта упатила до бугарската влада нота во која се заканува со објавување војна на Бугарија, ако оваа вистински не ги спречи Бугарите директно или индиректно да ги помагаат македонските востаници."

На ова, второ барање од турската влада, за кое станува збор во односнава вест, Бугарите веќе одгово-

риле, ветувајќи дека ќе ги спречат востаниците од Бугарија илегално да преминуваат во Македонија и дека во тоа ќе соработуваат со турската војска. Но, што се однесува до заканите на Турција дека на Бугарија ќе ѝ објави војна ако оваа на некој начин не ги задоволи турските барања, тоа е вест што е дојдена нешто подоцна отколку што Бугарите ветиле дека ќе спречат на востаниците во Македонија да им се дава директна или индиректна помош. Со тоа, всушност, се подвлекува она, што веќе го истакнавме, дека Турците направиле грешка, па, покрај Бугарите, ги споменале и Македонците, признавајќи ги како посебен народ, на кој му се укажува „директна или индиректна помош" од страна на Бугарија. Очигледно, турската цензура тоа го пропуштила, а од друга страна на Турците им е јасно дека се работи за два народа, бугарски и македонски.

На крајот, овде за нас се важни уште две вести, во кои се гледа како се однесувала бугарската влада кога настапила извесна опасност за Бугарија. Едната е онаа во која Бугарите се повикуваат на некаков „договор" меѓу Русија и нив, а кој ја обврзува Русија да ѝ се притече на помош на Бугарија, ако оваа биде нападната од некоја трета земја. Другата вест е онаа што Бугарија ја прикажува како „неутрална" и евентуална „жртва" на Турците, кои сакаат да ја нападнат Бугарија, која пак би ја прифатила војната со Турција доколку биде нападната, но не сака самата да започне „кавга". Овде ќе ги цитираме и двете вести:

Во првата се вели:

„Париз, 7 септември. — „Л'тан" ја потврдува верзијата на бугарскиот официјален весник „Дневник", орган на министерот Попов. „Дневник" објавува сензационална вест дека постои договор за воена соработка меѓу Русија и Бугарија, чијшто еден примерок Бугарија го поседува. Според формулациите од овој договор, Русите ѝ гарантираат на Бугарија дека во случај на војна со Турција, Бугарија ќе добие помош од Русија. „Л'тан" ја истакнува важноста на оваа вест и вели дека бугарската влада навреме ќе објави, како последно предупредување до Турција, на каква опасност

оваа се излага ако инсистира на своите закани против Бугарија."

Во втората вест се вели дека „(рускиот?) цар има намера да го посети Париз и дека претседателот на француската Република М. Лаомбе, ќе го покани да учествува во ловот што го приредува и дека, по тој повод, меѓу нив двајцата ќе се одржи конференција со цел подобро да се простудира проблематиката во врска со Исток и со Далечниот Исток."

Во таа вест се гледа како бугарската пропаганда се служи со две предупредувања против Турција. Прво предупредување е договорот со кој Русија се обврзува да ѝ помогне на Бугарија во случај оваа да биде нападната од Турција. Според тоа, вие, Турците, знајте дека ќе го пробате рускиот стап во случај да удрите врз Бугарија, а на Турција во тој момент не ѝ било до тоа да влегува во војна со Русија, земја од која уште порано се потплашувала. Второто предупредување е Франција, во која оди рускиот цар, како гостин на францускиот претседател, со кој ќе учествува на лов, што ќе овозможи прилика за интимни разговори меѓу двајцата државници.

Една друга вест од Авас е посветена на можноста еден ден да дојде до војна меѓу Бугарија и Турција, па се поставува прашање како Бугарија ќе се однесува спрема таа евентуална војна. За тоа зборува и министерот на војската во бугарската влада. Во вести се вели:

„Софија, 7 септември. — Во веродостојни извештаи од Варна се вели дека на седницата на владата, која неодамна е одржана во дворецот во Ексиновград, под претседателството на кнезот Фердинанд, одлучено с Бугарија и натаму да го застапува ставот што го имаше досега во однос на прашањето за Македонија и да донесе строги мерки да се спречи она што би можело да се протолкува како кршење на правото на неутралност од страна на Бугарија.

Се вели дека министерот за војна се изјаснил против идејата да се објави војна. Тој истакнал дека, прво, кнежеството нема можност да ги поднесе огромните трошоци на една војна, а Бугарија, од друга страна,

дека нема корист од вооружен судир со Турција, зашто големите сили не би ѝ дозволиле, благодарение на своите победи, да стекне некои предимства. Меѓутоа, ако Турција ѝ објави војна на Бугарија, оваа би можела наполно да се одбрани и да го задржи напредувањето на отоманските сили во текот на повеќе денови, т. е. додека бугарската војска не биде мобилизирана, за што се потребни околу петнаесет дена.

Споменатиот министер додал дека Бугарија никогаш не би ѝ објавила војна на Турција, но дека е готова да го прифати предизвикот ако отоманската влада доведе до судир.

Сакајќи да даде доказ за мирољубивите цели на бугарското кнежество, владата ќе реши да објави опсадна состојба во Софија, Бургас, Ќустендил и Филиполис (Пловдив), штом ќе се забележат првите знаци на немир во пограничната област.

Членовите на владата очекуваат големите сили, макар и со задоцнување, да дојдат до заклучок дека прашањето за Македонија не може да се реши без нивна интервенција."

Оваа вест мошне јасно покажува дека Бугарија не можела да води војна против Турција. Го покажува и тоа дека тоа го знаела и порано, кога во Македонија и во Врховниот комитет на Македонската организација, со седиште во Солун, се инфилтрирале бугарски емисари, кои на македонските востаници им советувале „што поскоро" да дигнат востание, а дека тогаш Бугарија „ќе скокне на помош" и дека бугарската војска мошне брзо „ќе се пресмета" со Турците. Сега истите тие Бугари ќе се покажат преслаби да водат борба против Турција. Бугарите, понатаму, тврделе дека би биле среќни кога би можеле да ја продолжат својата досегашна политика спрема Турција, значи — својот неактивен став спрема Турција — и така да постигнат оваа „неутралност на Бугарија" да не биде оквалификувана како закана со војна против Турција. Бугарската влада, исто така, истакнувала дека таа има право на неутралност и дека не може никој тоа право да ѝ го одземе.

Според тоа, целта на бугарската буржоазија била по секоја цена да предизвика војна, но војна во која не би се борела таа, туку Македонците. Со тоа, Бугарија би покажала дека таа не ги држи во своите раце сите „конци на војната и на мирот", па, следствено, и на т. н. реформи во Македонија. Таа сакала да им покаже на големите сили дека има блиски односи со Македонците, кои се „исто" како и Бугарите, дека полага право над Македонија и дека Бугарија е всушност вистински наследник на турскиот суверенитет над Македонија.

Бугарија, пак, на Македонците би сакала да им покаже дека без нејзина помош нема ништо од ослободувањето од Турците, дека Внатрешната македонска револуционерна организација е некое „недоносче" и дека, поради тоа, Македонците мораат да сметаат на „природната" помош од „своите браќа", т. е. Бугарите. Според тоа, во иднина треба да се води сметка за тој факт и да не им се препушта судбината на Македонија на „разни револуционери", не водејќи сметка за Бугарите, за расположението на „своите браќа" Бугари. Според тоа, во иднина, како што сметала бугарската влада, не требало ништо да се презема против Турција на своја рака, а притоа да не се сфати дека сè зависи од Бугарите и од нивната „помош".

Ваквите и слични измами на бугарската буржоазија во однос на Македонија станале речиси правило. Бугарската буржоазија го убедувала целиот свет дека тогаш кога се зборува за Македонците, всушност се работи за Бугари. Првата измама се состои во тврдењето дека Македонците се всушност Бугари. Бугарската буржоазија, имено, ќе ја измисли приказната дека Македонците, откако го зеле името на територијата Македонија, се нарекле себеси Македонци и дека, божем, се борат за „основање автономна Македонија", но дека штом ќе го добијат тоа, веднаш „ќе оптираат за Бугарија". Според тврдењето на бугарската буржоазија, тоа го правеле да ги измамат српските и грчките националисти, кои ќе помислат дека се работи за Македонци, за група луѓе кои не се сметаат Бугари. Срп-

ските и грчките националисти ќе помислат дека во таа „маса“ луѓе, кои не се сметаат за никаква нација, можат да создадат ваква или инаква нација, ќе помислат дека е тоа маса што може да се „моделира“ по желба, во составниот дел на српската или на грчката нација.

Меѓутоа, познато е дека Македонците, како такви, им се спротивставувале на Бугарите уште во минатиот век, т. е. тогаш кога српската социјалдемократија била во повој или воопшто не постоела. Го велиме ова поради тоа што бугарската буржоазија веќе постоела, а во српската социјалдемократија ја гледала онаа сила која од „безоблична маса“ (станува збор, всушност, за Македонците) сакала да направи Срби и да им ги спротивстави на Бугарите.

Македонците, како нација, на меѓународната сцена ќе се појават кон крајот на Втората светска војна; тогаш е признато правото во пописот на населението, кој го организира Отечествениот фронт на Бугарија, Македонците во Пиринска Македонија навистина да се декларираат како Македонци. Но, така се декларирале и Македонците во Австралија, во САД и Канада, кај-годе и да имаат македонски цркви и свои свештеници, кои дошле од Социјалистичка Република Македонија. По Втората светска војна, Македонците имаат десетици цркви во сите овие земји на Запад.

Бугарите во тие земји, пред војната, подигале цркви што ги викале бугарско-македонски, но денес тоа не можат, зашто Македонците не влегуваат во бугарски цркви. Меѓутоа, македонските цркви во тие земји ги посетуваат Македонци со високо развиена национална свест, големи македонски родољуби, кои издаваат свои, македонски весници и литературни списанија.

Поинаку не стојат работите ниту во земјите на Варшавскиот договор, каде што Бугарите би можеле да имаат поголемо влијание. И таму Македонците од Егејска Македонија, кои во тие земји се имаа населено по падот на граѓанската војна во Грција, останаа она што беа. Македонци. Нивните деца ја посетуваат Социјалистичка Република Македонија и учат од учебници што се издаваат во Скопје.

Но, да се вратиме на периодот меѓу двете светски војни и да кажеме неколку збора за политиката на Бугарија од тоа време. Пред сè, бидејќи спаѓаше во групата земји што ја изгубија војната, во неа се појави реваншизам против најблиските земји-победнички, во прв ред како знак на неслагање со одредбите на мирот заклучен во Париз, со кој земјите-победнички ги диктираат условите за мир и за територијални промени

Бугарија, во однос на новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна Југославија, водеше политика чијашто крајна цел беше рушење на таа држава. со цел самата Бугарија да се прошири до границите на некогашна велика Бугарија, создадена со Санстефанскиот мировен договор, која опфаќаше поголем дел од Македонија, од Косово и Србија. Поради тоа во Бугарија беа формирани чети што оперираа во Македонија. Се смета дека Југославија одвоила 15.000 од вкупно 16.000 жандарми за да се бори во Македонија против овие чети. Меѓутоа, таа борба не е водена само против нив, туку и против сè што во стара Југославија важеше како „бугарофилско“, така што последиците од политичките репресалии ги сносеа Македонците.

Една околност во врска со формирањето и уфрлањето чети од Бугарија во Македонија веќе споменавме. Политиката на Александар Стамболиски, кој, како претседател на бугарската влада од 1920 до 1923 година, изјавуваше дека Бугарија нема претензии спрема Македонија, а тоа е политика без крчмар. Се покажа дека таквата визија на Стамболиски беше преранета, зашто бугарската буржоазија беше посилна и со профашистичкиот државен удар од 1923 година ја собори неговата власт, додека самиот Стамболиски беше убиен во тој преврат.

Друга околност беше во врска со политичките убиства во Бугарија; жртви на тие убиства беа Македонци што заземаа одговорни функции во внатрешната македонска револуционерна организација. На тој начин, преку организирање политички убиства на истак-

нати Македонци, бугарскиот двор се ослободи од голем број македонски личности, кои можеа да ги поведат македонските маси во борба за ослободување на земјата. Тие убиства се случуваа главно во Софија, пред очите на бугарскиот двор, кој ништо не презеде да ги спречи. За овој масакр на Македонци во Софија зборува и Ангел Динев во својата книга „За политичките убиства на Македонци во Бугарија".

Одделно внимание привлекува прашањето што го споменавме во почетокот на оваа книга, а тоа е: од каде во некои текстови на агенцијата Авас и на весникот „*Ел дија*" називот „Бугари", кога станува збор за Македонци? Го наспомнавме и тоа дека тие текстови доаѓале од три земји: Турција, Грција и Бугарија, а дека другиот свет зборувал за Македонците како за Македонци, а не како за Бугари. Па и во текстовите од овие три земји понекогаш ќе се појави и називот „Македонци" било тоа да го пропуштела цензурата или поради некои други причини. Во еден дел од текстовите од овие земји се зборува за „Македонци", за „македонско востание", за „македонски револуционери", за „револуционери" за „христијанско население", за „македонски востаници", за „македонски револуционерен комитет", за „христијани", за „македонско дело".

Меѓутоа, постои објаснување за тоа зошто називот „Бугари" во многубројни текстови се користел за Македонците. Објаснувањето се состои во тоа што Турците ги трупале во ист кош и Македонците и Бугарите, бидејќи и едните и другите барале да се одделат од Грчката патријаршија и барале богослужбата во црквите и сите верски обреди да се одржуваат на словенски јазик, а не на грчки јазик, што ниту Македонците, ниту пак Бугарите го разбирале. Со оглед дека таквата бенифиција во црквите да се употребува словенскиот а не грчкиот јазик, ја барале и Македонците и Бугарите, а Турците и Грците биле тие што ја давале таквата дозвола, овие и Македонците почнале да ги викаат со едно име — Бугари. Тоа би можело да биде објаснувањето дека Грците и Турците сите оние што барале да се воведе словенскиот јазик во

црквите, почнале да ги викаат со исто име, Бугари; тие, имено доста тешко го разликувале македонскиот од бугарскиот јазик, а не се впуштале во анализирање на разликите меѓу двете нации. Таа збрка во називот Бугарите ја користеле.

Меѓутоа, Македонците не биле мешани со Бугарите во другите земји, што ги користеле услугите на сервисот Авас.

Една друга приказна на бугарската буржоазија објаснува зошто македонскиот човек, иако себеси божем се сметал за Бугарин, тврдел дека е Македонец а не Бугарин. Тоа е затоа — се тврди од бугарската страна — за да не се „сетат" или „налутат" српските или грчките националисти. Ете затоа, тврдат бугарските раководители — македонскиот човек, всушност се сметал себеси Бугарин, а не Македонец, како што се декларирал. Ако е така, тогаш Македонецот живеел во заблуда во врска со своето потекло, лажно се претставувал пред српските и грчките националисти, ги мамел и ги држел во незнаење, а сè заради приклучување кон „мајката Бугарија", без непотребни тешкотии и без евентуална воена интервенција од страна на српската или на грчката буржоазија.

Меѓутоа, давајќи такви објаснувања, се губат од вид некои елементи: дека македонскиот народ не може непрестајно да се лаже себеси и другите, постојано да живее во заблуда, дека не знае од каде е и каде оди. Тезата за Македонците ја оспорува и фактот дека Македонците што живеат во странство и по долготраен престој во Австралија, Канада и САД, и натаму се чувствуваат Македонци. Па и оние Македонци што живеат во источноевропските земји, и натаму се чувствуваат Македонци, наспроти спротивната пропаганда која со години доаѓаше од Комунистичката партија на Грција и на другите. Посебно, Македонците во Пиринска Македонија, и покрај административните забрани, и натаму се чувствуваат Македонци. Сето ова го демантира тврдењето дека е доволно Македонците да се најдат во „ослободената татковина", подразбирајќи ја Бугарија, додека за време на окупацијата го подразбираа и делот од југословенската територија под бугарска окупа-

ција — па да се чувствуваат Бугари. Факт е, исто така, дека при пописот на населението Македонците во Пиринска Македонија, се изјасниј како Македонци, а не како Бугари.

*
* *

За улогата на Србија и на Грција во Илинденското востание ќе кажеме значително помалку отколку што рековме за улогата на Бугарија, поради простата причина што во сервисите на Авас имало многу повеќе информации од Софија отколку од Белград и од Атина. Овдека ние се занимаваме со известувањето на Авас, односно на *„Ел дија"*, а не знаеме каква и колку била обемна дипломатската преписка што ја воделе Белград и Атина со своите пунктови во Македонија.

Не ни е познато ни тоа какви активности во тоа време се одвивале во Белград и во Атина, и каква била српската и грчката пропагандна дејност во самата Македонија. Знаеме дека и српската и грчката држава праќале свои свештеници и учители во Македонија, каде што испраќале и свои вооружени чети, и дека на одделни млади Македонци, ученици, им нуделе српска, односно грчка стипендија, очекувајќи дека тие еден ден ќе влијаат врз тоа Македонија политички да се ориентира спрема овие земји. Но, ова го дознавме од македонските историчари, а не од Авас, односно од *„Ел дија"*.

Овде ќе се задржиме само на оние информации што потекнуваат од главните градови на овие земји, од Белград и од Атина, иако ќе мораме да признаеме дека вестите од Грција доаѓале и преку Солун, дека информациите што се однесуваат до Србија и до Грција доаѓале и од другите европски центри.

Што се однесува до Албанија, за неа нема да зборуваме, не затоа што Авас не известувал за неа, туку затоа што политичките кругови во Албанија се определувале де за едната, де за другата страна, што можело тешко да се уочи кон која земја или кон која

група земји се приклонувале. Во секој случај, кај Албанците верата играла голема улога во нивната определба спрема Илинденското востание. Токму поради тоа што било нејасно — барем според извештаите на Авас — каква политика водат тогашните политички кругови, за тоа нема да пишуваме, туку накусо ќе се задржиме на тоа што Авас го јавувал од Белград и од Атина.

Во Србија и во Грција, имало политички превирања, и тоа такви што народите на овие земји биле помалку или повеќе наклонети кон револуцијата во Македонија. Меѓутоа, таквите превирања, а особено симпатиите спрема македонскиот народ во текот на Илинденското востание, не доаѓале до целосен израз во вестите на Авас, било затоа што таа агенција не можела секаде да стигне, па не ѝ биле пристапни тие информации, било поради тоа што на чело на односниве држави стоеле реакционерни влади. Тие влади, освен тоа, претендирале над Македонија, па не дозволувале да дојде до израз и да земе замав промакедонската расположеност на масите, кои одгледувале симпатии спрема Илинденското востание. Првата вест од Белград зборува за овие симпатии, но и за реакционерниот карактер на тогашниот режим во Србија:

„Белград, 14 август. — Властите конфискуваа многу воен материјал наменет за македонските револуционери."

Уште во втората вест од Белград се зборува за позитивниот одек на револуцијата во Македонија во текот на Илинденското востание.

„Белград, 17 август. — Во овој град, на 23 овој месец, ќе се одржи голем митинг во полза на Македонците, кои се дигнаа на оружје."

Во една вест од Атина се изразува негодување поради големите штети што се нанесени во борбите во дени во Крушево, а кои ѝ дале повод на грчката влада да се обрати до претставникот на големите сили:

„Атина, 20 август. — Владата упати до големите сили претставки во која се вели дека Турците во Крушево запалиле 302 грчки куќи, цркви и училишта. Владата протестира поради овие пустошења."

Грчката влада овде, веројатно, мисли на куќите и на другото што им припаѓало на Власите, а не на Грците, зашто таму Грци и немало. Било обичај, а и денес исто така, малцинствата да се присвојуваат и да се сметаат како делови од својата нација.

А како, Власите станале Грци — тоа не ни е познато. Единствено ни е познато што веројатно и им дало повод на Грците Власите да ги викаат Грци, фактот дека тие не се од словенско потекло. Меѓутоа, токму Власите во Крушево се држеле мошне добро за време на Илинденското востание. Да се присетиме само за Питу Гули, кој бил Влав, но кој се борел на страната на македонските револуционери и храбро загинал во таа борба.

Ќе пренесеме три телеграми на агенцијата Авас од Белград, во кои се изразени симпатиите на овој град спрема Македонија. Во едната од тие телеграми станува збор за одбивноста на Белград спрема тогашниот турски режим. Овие телеграми гласат:

„Белград, 30 август. — Во овој град е одржан голем митинг и е усвоена Резолуција со која владата се повикува да интервенира во полза на Македонија."

„Белград, 30 август. — На митингот кој е одржан во попладневните часови, говорниците — повеќето политичари — го осудија сегашниот турски режим."

„Белград, 31 август. — Двесте српски граѓани-доброволци, вооружени и опремени, тргнаа утринава во Македонија, за да се борат против турските трупи."

Овие три вести ја покажуваат не само промакедонската расположба на Србите, туку и јасно ја потврдуваат нашата теза дека востанието било автохтоно, а не бугарско — во овој, вториов случај, Србите не би ни учествувале, зашто токму поради Македонија и не биле во добри односи со Бугарите.

8. САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА И НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Денес не треба никого да убедуваме дека постојат македонската нација и македонскиот јазик.

За сите научни средини македонската нација и македонскиот јазик се непобитни факти. Ние мислиме дека е од големо значење дека токму научните центри во земјите на Варшавскиот договор ги прифатија македонската нација и македонскиот јазик наспроти неоспорното бугарско влијание во тие земји.

Некои манифестации на ова признание во земјите на Варшавскиот договор ние веќе споменавме. На пример, пишувањето на Советската енциклопедија од пред Втората светска војна. Исто така, споменавме дека Македонците што живеат во западните земји, како што се Канада, САД и Австралија, не само што се чувствуваат припадници на македонската нација и на македонскиот јазик, туку подигнаа многубројни цркви и повикаа свештеници од СР Македонија.

Овојпат нема да правиме историски осврт, врќајќи се назад сè до царот Самоил. Ќе споменеме само дека проф. д-р Стјепан Антољак, инаку по народност Хрват, го изјави следново за „Нова Македонија" (од 29 март 1986, стр. 5), по повод излегувањето на својата книга „Средновековна Македонија", која ја има напишано заедно со д-р Бранко Панов:

„На пример, престојувајќи во бројни архиви, во потрага по извори, утврдив дека уште во IX век во многу документи едноподруго се менуваат имињата: Македонци, Бугари. Значи, уште оттогаш постои оваа разлика."

Д-р Стјепан Антољак користи архивски податоци од IX век, кои јасно докажуваат дека во тоа време живееле два народа, македонски и бугарски. Според тоа, смешно е кога една делегација на бугарското раководство докажува дека во средниот век постоел само еден народ, бугарски, и тоа го прави пред наша делегација, која е добро запозната со историјата, па и со онаа средновековната, за што јасно зборува и цитатот од д-р Стјепан Антољак. Сепак, добро би било — доколку не е тоа досега сторено — да им се даде на македонските историчари написмено она што бугарските делегации го зборувале за средниот век, за постоењето само на Бугари, а не и на Македонци — податоци од средниот век со кои бугарската делегација манипулира и паѓа во еуфорија. Македонските историчари, во тој случај, би располагале со документ што покажува дека тезата на бугарското раководство има полно слаби места, кога се обидува да докаже дека македонскиот народ никогаш не постоел. Научните „докази" за таквата аргументација не треба ни да се побиваат, македонскиот историчар би можел само да се насмее над таквата аргументација.

Бугарските раководители изнесуваат такви неумесни тврдења, што човек мора да се запраша — дали тоа не го прават поради целосно незнаење, задоени со невистини и митови за Македонија и за Македонците, кои им ги оставила во наследство бугарската буржоазија, или пак не се тоа едноставно симптоми на империјализам спрема една туѓа територија, симптоми што бугарското раководство се обидува да ги прикрива со разни митови и фалсификати?

Кога во Бугарија ќе почнат да се јавуваат сè поизразити знаци за капиталистички начин на производството, тогаш ќе се појават и знаци за освојување нови пазари, кои би биле потребни за пласман на бугарската стока и за купување суровини за бугарската индустрија. Тогаш доаѓа на ред и Македонија како нов пазар, но тука е внесен и „националниот момент", т. е. Македонија е барана, како да е таа составен дел од Бугарија, како да живеат Бугари во Македонија. Кога тоа ќе го видат македонските патриоти, се спротивставуваат, па така ќе дојде до „раскин" меѓу Бугарите и Македонците. Бугарите како да се чудат поради тоа, а буржоазијата веднаш ќе најде и „објаснување" за тој факт во „великосрпското влијание", во тоа што великосрбите божем ги наговориле Македонците веќе да не се декларираат како Бугари, туку како Македонци, та еден ден, по диктат на великосрбите, да се прогласат за Срби. Новото, пак, бугарско раководство, овој раскин ѝ го припишува на српската социјалдемократија.

Очигледно, овде новото бугарско раководство ги измешало последиците со причините. На српската социјалдемократија тоа ѝ припишува некоја активност, пред таа да се појави и почне да дејствува. Судирот меѓу Македонците и Бугарите нема да го предизвика никаква социјалдемократија, која и не постоела, туку судирот ќе настане поради тоа што Македонците се чувствуваат како друга нација, дека не се чувствуваат Бугари. Навистина, постои некоја поранешна активност во однос на Македонците, но таа потекнува од великосрпските кругови а не од српската социјалдемократија. Всушност, судирот меѓу Македонците и Бугарите веќе постоел кога почнале да се јавуваат великосрпските идеи, и застапниците на тие идеи сакале едноставно да го искористат со цел еден ден Македонците да ги привлечат на своја страна. Значи, не влијаат великосрбите врз Македонците да се одделат од Бугарите, зашто тие биле веќе одделени, туку целта на великосрбите била тој постојан расцеп уште да го продлабочат.

За тој расцеп пишуваат во весниците и Бугарите и, во продолжение, ние ја цитираме статијата на бугарскиот новинар и писател Петко Рачов Славејков, објавена во 1870 година во весникот „Македонија", а под наслов „Македонското прашање". Во статијата на П. Р. Славејков, меѓу другото, се вели:

„Најпосле македонското прашање излезе на виделина и се појави во печатот. Велиме — најпосле, зашто тоа прашање не е нова работа. Ние го слушаме веќе од пред десетина години од страна на некои Македонци."

П. Р. Славејков вели дека отпрвин луѓето „не ги сфатија премногу сериозно“ тие препирки од младите македонски патриоти и продолжува:

„Така и ние мислевме до пред една до две години, кога новите разговори со некои Македонци ни покажаа дека работата не е во голи зборови, туку дека се работи за идеја што мнозинството сака да ја спроведе во живот...“

Ова се зборови на П. Р. Славејков за прашањето дали постојат Македонци. Тој, јасно, тврди дека не постојат два народа и дека Македонците се всушност Бугари. Славејков вели дека не гледа докази за тврдењето на „македонистите“ дека македонска нација постои независно од бугарската.

„Македонистите“ не можеле да му дадат докази, но тие македонски патриоти зборувале со „многу жар“ за тоа дека македонска нација постои независно од бугарската. Иако не можеле да му дадат дефиниција за нацијата така како што денес тоа го прават вештите марксисти, тие биле мошне близу до таа дефиниција и со едноставни зборови го објаснувале она за што на денешните марксисти им се потребни многубројни зборови за да ја дефинираат нацијата. Македонците мошне добро чувствувале дека нешто ги прави одделна нација, го чувствувале тоа онака како што децата не можат да ја формулираат дефиницијата за нација, но, мошне добро знаат кон која нација припаѓаат. Зашто, македонското дете, впрочем како и бугарското или кинеското, не треба да се праша кон кој народ припаѓа. Децата знаат што се, а тоа го имаат научено од своите родители.

Но, важно е дека П. Р. Славејков признава дека „македонистите“ рекле дека „мнозинството“ сакаат прашањето за формирање на македонската нација да го „спроведат во дело“ и дека тоа не се само „празни зборови“. Друго што П. Р. Славејков признал е тоа што има веќе „десетина“ години откако македонистите сакаат да формираат нација, а тоа значи некаде во 1860 година. Од последново следува дека почетоците на македонската национална свест треба да се бараат многу порано од тој датум. Исто така е добро што

П. Р. Славејков рекол дека младите луѓе, тие „македонисти“, така се определуваат веќе десетина години, врз основа на што може да се заклучи дека тие не биле ничие оружје, туку искрено дејствувале во согласност со фактот дека веќе имаат своја, македонска нација. Свеста за своја, македонска нација се јавила, значи, далеку пред појавата на српската социјалдемократија. Тука Бугарите се измамиле, оценувајќи дека српските социјалдемократи биле тие што ги терале Македонците на раскин со Бугарите и на создавање своја сопствена нација.

Ете така во Бугарија се стават последиците пред причините, па тогаш се добива една невистинита слика за реалноста и за настаните од минатото.

Ако во средниот и во XIX век ситуацијата била таква како што е погоре опишана, т. е. поинаква отколку што денес тврдат бугарските автори, каква била тогаш по Илинденското востание и по Првата светска војна?

Ситуацијата била ваква: Се создала ВМРО (Обединета), како организација што треба да ги продолжи традициите на македонското ослободително движење, и тоа сега на три територии, во три држави: Југославија, Бугарија и Грција, кои меѓусебно ја поделиле Македонија. Оттука, ВМРО (Обединета) требало политички да дејствува во тие држави, а е основана со знаење на Коминтерната, така што комунистичките партии на овие земји се должни да ја помагаат во борбата против националните буржоазии.

Познат е ставот на Коминтерната за македонското прашање: Таа го признавала постоењето на македонската нација Познат е ставот на Коминтерната за тоа дека таа нација зборува на посебен, македонски јазик (ја споменавме статијата во Советската енциклопедија), но дека бугарската држава сака овој јазик да исчезне, да биде заменет со бугарскиот јазик, итн.

Најпосле, од времето на Втората светска војна, постои писмо на Трајчо Костов (кое исто така го споменавме) за постоењето на македонската нација и за ставот на лидерот на бугарскиот народ Георги Димитров,

што ќе го цитираме овде (објавен во статијата на Перо Коробар, „Нова Македонија“ од 22 март 1986, 3 стр.):

„Не е доволно принципиелното прашање дека се Македонците посебен народ, дека Македонците не се Бугари ниту Срби, дека се тие Македонци. Тоа е неопходно, но, недоволно. Македонското население во Пиринскиот крај треба отсега да се подготвува. Треба да се работи на културно зближување на тоа население со населението во Федеративна Југославија. Неопходно е широко културно спојување меѓу Македонците од Пиринскиот крај и Македонците од Социјалистичка Република Македонија. Неопходно е негување на македонскиот јазик и на македонската книжевност. Неопходно е Македонците од Пиринскиот крај да се запознаат со историјата на македонскиот народ.“

Ете, така зборувал Георги Димитров на оној проширен Пленум на ЦК на Бугарската комунистичка партија, одржан непосредно по војната.

Потоа, при крајот на 1946 година, во Бугарија ќе биде извршен попис на населението, во кој Македонците ќе го искористат даденото право да се декларираат заправо како Македонци, а не како Бугари. Попис от ќе покаже дека 70 отсто од населението во Пиринска Македонија се декларирало како македонско. Сите подоцнежни пописи на населението покажуваат дека Македонците во Пиринска Македонија се Македонци, а не Бугари, сè додека еден ден нема да дојде наредба од Софија дека Македонците во бугарската држава мораат да се декларираат како Бугари. Така, Македонците постојано бројно се смалуваат, додека наполно не „исчезнат“. Во Бугарија бугарската нација ќе стане „хомогена“, „социјалистичка нација“. Наполно е забрането декларирањето на граѓаните како припадници на која било друга нација освен бугарската. Така, рекомските Македонци во Бугарија ќе „исчезнат“, а подоцна тоа ќе се случи и со Турците во неа. Сето ова се одигрува во текот на неколку години.

Видовме каква збрка предизвика Информбирото во односите меѓу Југославија и Бугарија, но тогаш за БРП (к) уште постоеше македонскиот народ. Меѓутоа,

наскоро исчезна и македонскиот народ, но исчезна тогаш кога на чело на Бугарија дојдоа други луѓе, а со нив и друга политика, па БРП (к) се врати кон буржоаската политика спрема македонското прашање. Така пред наши очи се одвиваше процесот на мошне брзо менување на националната политика на Бугарија во правец на онаа политика што ние ја викаме бугарска буржоаска политика. Така ја викаа и Георги Димитров и другите членови на БРП (к) во негово време. Од безрезервното признавање на македонската нација, БРП (к) првин ја „укина“ македонската нација во Пиринска Македонија, а потоа и во Вардарска Македонија, тврдејќи дека „таканаречената македонска нација“ се развила „на тлото на бугарската нација“, па, според тоа, и не е никаква нова нација, туку е тоа нација што е „исфабрикувана“ во нова Југославија, па во оваа земја е создадена македонска нација, не само „на тлото на бугарската нација“, туку и „во борбата против бугарската нација и држава“.

Не може денес да се разликува она што го зборувала бугарската буржоазија од она што сега, под закрилата на БРП (к), го зборуваат одделни бугарски автори. Но, ако не постојат разлики во содржината, постојат разлики во зачестеноста и острината — нешните автори многу почесто пишуваат за тоа; тие се и поостри од буржоаските автори, и единствено по тоа може читателот да ги разликува.

Ние пак ќе се вратиме кон известувањето на агенцијата Авас и на весникот „*Ел дија*“, со цел на читателот да му предочиме што пишувале односната новинска париска агенција и односниот весник од Монтевидео во врска со Илинденското востание. Вистина, некои другари ме предупредуваа дека Бугарија за време на Илинденското востание, пред самото востание и по него, вршела силен притисок врз средствата за јавно информирање и дека извештаите на новинските агенции во тоа време биле полни со бугарски изјави, односно бугарски неточности, пред сè во тврдењето дека во Македонија живее бугарско население.

Точно е дека тогашната бугарска буржоаска влада била мошне агресивна, дека просто ги опседчувала редакциите на весниците и новинските агенции, дека бројни неточности и фалсификати пуштала во светот, но ние сметавме дека Авас, по природата на својата работа, е должен да ги бележи и изјавите на одделните влади според тоа и на бугарската, и дека, благодарение на Авас ние дознавме дека бугарската влада зборувала и имала намера за такво нешто во тоа време. Од каде би знаеле дека бугарската влада толку работи неточно претставила, да не бил Авас? Според тоа, не треба да му се лутиме на Авас, зашто оваа новинска агенција само го емитувала она што бугарската влада го изјавувала или имала намера да го стори. Впрочем, така е и денес. Она што, на пример, некој д-р К. Палешутски го зборувал и пишувал, го одобрувала и Софија штом дала согласност за печатење на неговата книга. Инаку, неговата книга за „македонското прашање" и не би била отпечатена, па не би дознале што мисли денес бугарската влада за прашањата што ги изнесува авторот во својата книга. Според тоа, она што се печати и се изнесува во јавноста, на некој начин, претставува и мислење на владата. Така постапуваме и со она што е објавено за време на Илинденското востание.

Но, ние сметавме и на тоа дека бугарската влада ќе направи и некоја грешка во текот на Илинденското востание давајќи информации за Авас и дека цензурата во еден момент ќе попушти и дека тогаш ќе избие во јавноста она што било вистинито, она што навистина се случувало. И навистина, во оној хаос од различни информации, најдовме и такви кога попуштило вниманието на бугарските (и на другите) цензори, па така вистината излезе на виделина. Според тоа, потребно е само внимателно да се читаат извештаите на Авас и на другите новински агенции и внимателно да се читаат весниците од тој период, па да се утврди кои биле вистинските настани и како се тие толкувани, како и тоа каква била политиката на тогашната бугарска влада.

Најпрвин ќе цитираме една вест емитувана од Турција на 16 август 1903 година. Станува збор за изјава на д-р Рали, претседател на грчката влада. Во својата изјава д-р Рали вели:

„Настојуваме да ги ограничиме (борбите — н. з.) во регионот каде што се пролева крв и се надеваме дека проектот за реформи, што треба да бидат воведени во Македонија, ќе ја подобри ситуацијата на оваа нација."

Значи, д-р Рали зборува дека реформите ќе ја подобрат ситуацијата на „оваа нација", т. е. признава дека се Македонците нација.

Во друга вест, емитувана од Софија, се вели:

„Софија, 16 август. — На состанокот на привржениците на Македонците е изгласана резолуција со која се организира движење што ќе ја принуди Бугарија да интервенира."

Оваа вест ја издвоивме за да се види дека во Софија постоеле „привржаници на Македонците", што значи и тоа дека во овој град или земја постоеле и такви што не биле „привржаници на Македонците". А може ли да се замисли таков народ во кој сите припадници на тој, бугарски народ, не се „привржаници на Македонците", ако тука всушност се работи за „Бугари" и ако Бугарите на своите браќа треба да им помогнат? Зошто воопшто би постоеле „непривржаници на Македонците?"

Поради истава причина, ќе цитираме една телеграма од Белград:

„Белград, 17 август. — Во овој град, на 23 овој месец, ќе се одржи голем митинг во полза на Македонците, кои сега се дигнаа на оружје."

Оваа телеграма ја цитираме поради две причини: најпрвин затоа што во неа Македонците се викаат Македонци, а не Бугари, и второ, имајќи ги предвид српско-бугарските судири, ваквиот митинг не би можел да се одржи во Белград кога Србите би знаеле дека се работи за Бугари во Македонија, а не за Македонци што се „дигнаа на оружје".

Една телеграма од Софија заслужува да ја објавиме во целост:

„Софија, 22 август. — Една група од 30 македонски личности што живеат во Бугарија одржа состанок на комитетот и упати позив до сите Македонци настанети во странство, барајќи пари со кои би се помогнала револуцијата. Овој комитет подготвува една делегација што ќе се обиде да ги посети шефовите на европските влади и од нив да побара кај големите сили да интервенираат во полза на Македонија."

Оваа информација мошне јасно кажува дека, покрај Бугари, во Бугарија живеат „триесетина македонски личности" и дека, освен нив, „тие триесет личности", секако живеат и други Македонци покрај Бугарите. Во прашање се, значи, два народа, македонски и бугарски, кои самите знаат за своите меѓусебни разлики.

Интересна е една вест, исто така од Софија, која зборува за Македонците и за нивниот премин преку бугарската граница. Таа гласи:

„Софија, 1 септември. — Деветстотини Македонци, кои побегнаа во Малко Трново и во неколку села од таа околија, ја преминаа бугарската граница за да се засолнат во Бугарија. Според извештајот што го објави Револуционерниот комитет и го доби од бојиштето, сега тој број востаници, кои формираат вооружени чети, ќе достигне вкупно 15.000 луѓе."

Во оваа вест, значи, се вели дека Македонците се „засолнале во Бугарија", а тоа значи дека претходно живееле во некоја друга земја, различна од бугарската, т. е. во Македонија, каде што живее друг народ, македонскиот.

Сега ќе цитираме уште една телеграма овојпат дел од прокламацијата што е упатена до македонското население. Тој дел гласи:

„Софија, 5 септември. — „. . . Вчера таму стигна еден претставник на Македонскиот комитет, кој му ја раздели на населението прокламацијата на овој комитет, упатена до народот на Македонија . . ."

Информацијава вака завршува:

„Во другите региони на Македонија е објавена прокламација во која се вели дека востаниците не се борат за себеси, уште помалку за Кнежество Бугарија, туку за светите права на човештвото."

Ние веќе ја цитиравме оваа телеграма и ги истакнавме интернационалните сфаќања на револуционерите и нивната несебичност во борбата против тиранијата на турскиот режим, значи истакнавме нешто што ретко се гледа и во модерните резолуции. Но, овојпат, сакавме да го истакнеме фактот дека македонскиот народ не се борел за „Кнежество Бугарија", туку „за светите права на човештвото". Тоа значи дека за револуционерите во Илинденското востание не постоела посвета работа од делото на човештвото, дека овие револуционери никогаш не се бореле за „Кнежество Бугарија", кое било нешто друго, туку „за себеси", т. е. за Македонците, за нешто друго што не било Бугарија.

На крајот, ќе цитираме дел од една телеграма што е испратена од Букурешт. Во неа, меѓу другото, се вели:

„Букурешт, 5 септември. — . . . Одлуката на владата беше мотивирана од агитацијата што ја вршат во Романија мнозина пратеници Македонци и Бугари, ентузијазирајќи луѓе за востанието . . ."

И во оваа телеграма од Букурешт јасно се разграничени Македонците од Бугарите, и овде новинарот не ги меша Македонците и Бугарите.

Би можеле да наведеме уште такви телеграми, но важно е дека тие не се од оние земји што ги нарековме друг свет, туку од Турција и Грција, земји што Македонците ги изедначувале со Бугарите.

Важно е и тоа дека отсекогаш, кога се прикажува лажна состојбата на нештата, на крајот ќе победи вистината. Ова правило ќе се потврди и во случајот на лажното идентификување на Македонците и на Бугарите. Државните цензори во еден момент згрешиле, и тогаш излегло на виделина дека Македонците не се никакви Бугари, туку нешто сосем друго. Последново, видовме, го велат и оние што биле најзаинтересирани Македонците да бидат Бугари или Македонците да не постојат како нација.

Интересен е фактот дека протагонистите на оваа фалсификувана и невистинита реалност секогаш или во многу случаи се служат со невистини, нереални

идеи и чудни барања. Денес, да речеме, тие се најголеми „шампиони на мирот"; иако припаѓаат кон воените блокови (и Бугарија и Грција), тие имаат најмногу иницијативи за мир (ПАСОК), предлагајќи Балканот да стане безатомска зона, иако Грција ја отстапи својата територија на еден блок на неа да инсталира свое атомско оружје. Од друга страна, Бугарија — верувале или не — воведе одликување за мир под името на Никола Вапцаров, иако и Бугарија припаѓа кон еден блок и, како таква, е во првите редови во случај на војна со другиот блок. Со воведувањето на ова одликување, Бугарија постигна две предности: прво, Никола Вапцаров го прогласи за Бугарин, иако е добро познато дека е тој македонски револуционер и дека на Македонија ѝ посветил голем број песни; и второ, на тој начин Бугарија се јавува како мирољубива земја, како земја што држи до мирот.

За среќа, денес не можат да поминат изјави што не се засновани врз факти, ниту празни декларации. Со други зборови, не се бара само формата, туку содржината, значи — не предлози за мир и за безатомска зона, туку вистински мир и вистинска безатомска зона, а тоа може да се постигне, покрај другото, ако не се припаѓа кон ниеден блок.

Ако југословенските народи не треба да се убедуваат дека постои македонска нација или македонски јазик, ако на нашите иселеници во САД, Канада, Австралија и Јужна Америка не треба да им се даваат никакви објаснувања дали постои или не македонска нација и македонски јазик, зашто тоа го докажа и самиот македонски народ со својата историја, во текот на која поднел многу човечки жртви во борба токму против оние што тоа го оспоруваат — тогаш таа нација и тој јазик навистина постојат.

Но, колку човечки животи се изгубени и колку човечка енергија е потрошена за да се докаже оваа вистина! На крајот, таа е докажана и за тоа мошне јасно и убедливо зборува постоењето на Социјалистичка Република Македонија. А за другите делови на Македонија, за оние во кои во соседните држави Македонците останаа како малцинство, за нив го бараме она што им припаѓа на националните малцинства во светот, т. е. пред сè културна, јазична и друга слобода, а тоа е она што не се готови да го дадат Бугарија и Грција.

Во решавањето на македонското прашање се раководевме со теоријата на КПЈ, односно СКЈ, дека секој народ е слободен и дека во Југославија на секој народ треба да му се даде право да ја изрази својата индивидуалност. Така постапивме со сите народи на Југославија, па и со македонскиот народ.

ЗАКЛУЧОЦИ

На крајот од оваа книга треба да дадеме заклучоци, т. е. да го рекапитулираме сè она најважно што е досега речено.

Зборувавме најпрвин за одекот на Илинденското востание на македонскиот народ од 1903 година во Латинска Америка, поточно во Уругвај, врз основа на пишувањето на весникот *„Ел дија"* кој пренесувал извештаи од француската новинска агенција Авас. Тоа било настан што бугарската буржоазија сакала себеси да си го припише, додека српската буржоазија (барем во средствата за јавно информирање) го игнорирала, а грчката буржоазија поскоро била на страната на вековните поробувачи, Турците, одошто на страната на македонските востаници. Албанскиот народ (поради големото мнозинство припадници на муслиманската вера) бил повеќе на страната на Турците или бил неутрален.

Според тоа како известувала француската новинска агенција Авас, така пишувал и дневникот *„Ел дија"* во Монтевидео.

Што забележал и за што известувал Авас?

Авас бележел сè што можел дописникот на таа агенција да дознае и јави до својата централа во Париз. Пред сè, агенцијата известувала за жестоките борби на македонските востаници со регуларната турска војска и со башибозуците. Така, дописникот јавил за битката кај Крушево, град што го ослободиле востаниците, и за борбите меѓу храбриот народ и турската војска на други места, а тие борби имале такви размери, што ѝ запирал здивот на цела Европа. Дописникот наоѓал многу докази за злосторствата на турската војска и на башибозукот над невооружениот македонски народ. Јавувал и за случаи кога турски војници ограбувале македонски села, а потоа ги палеле, додека народот едноставно го испотепале или го прогониле во турски и други краишта. Потресни се извештаите на дописникот за реки полни со трупови на македонски жени, деца, старци.

Француската новинска агенција наведува податоци и за тоа колкави воени сили биле ангажирани од едната и од другата страна и, притоа, констатира дека против 15.000 до 20.000 востаници биле ангажирани околу 150.000 турски војници, за да се спомената подоцна дури и 400.000 турски војници ангажирани во операциите низ Македонија. Податоците за жртвите од страна на Македонците што се овде наведени се земени од македонски историски извори.

Други податоци што ги дава Авас се однесуваат до времето на востанието. Според Авас, востанието почнало на 6 август. Меѓутоа, ние знаеме дека востанието е подигнато на 2 август, што значи дека на Авас му требале 4 дена од турското министерство да добие соопштение за избивањето на востанието и тоа да го пренесе до монтевидеанскиот весник *„Ел дија"*. Со оглед на фактот дека Уругвај е оддалечен околу 10 илјади километри од Европа и со оглед на тогашните технички можности, тоа било релативно брзо, особено ако се има предвид и задржувањето на оваа вест од страна на турското министерство за војна.

Овде ја истакнуваме улогата на весникот *„Ел дија"*, сметајќи дека тој, како и целиот Уругвај, бил на страната на македонските револуционери, кога секојдневно објавувал што се случувало на боиштата во Македонија и на тоа прашање му посветувал посебна рубрика, која излегувала секој ден, почнувајќи од 6 август.

Посебно внимание ѝ посветувале на улогата на француската агенција Авас, сметајќи дека, со своето известување, таа дејствувала во прилог на македонскиот народ. Авас, имено, известувал за Илинденското востание, следејќи ги настаните низ извештаите од турското министерство за војна, низ извештаите за седниците на европските влади, низ информациите за

пишувањето на печатот, како и за средбите и изјавите на претставниците на балканските влади, а и на самите учесници во востанието — но не и оние што го застапувале македонското дело. И покрај овој недостаток, Авас објавил голем број извештаи за Илинденското востание и е заслужен за тоа што тој настан го следеле сите весници што биле претплатени на неговите извештаи.

Оваа агенција известувала и за работи што нам би можеле да ни изгледаат неточни. Меѓутоа, задачата на една новинска агенција е да објавува и работи што не ни се допаѓаат, или не ѝ се допаѓаат дури ни на самата агенција — ако за нив така зборувал некој државник или напишал некој весник. Известувачите на Авас, се разбира, сфатиле каква е вистината, па поради тоа, треба внимателно да се читаат нејзините извештаи, за да се види што било во нив позитивно за македонскиот народ и за неговата револуција. А борбата за историската вистина е работа на историчарите, а не на новинските агенции.

Посебно внимание во оваа книга им е посветено на големите сили и се констатира дека тие дејствувале во сообразност со своите интереси. Нивни интерес бил да ја искористат во што поголема мера трагичната ситуација во која се наоѓал македонскиот народ и, колку што е можно, да приграбат од територите што тогаш се наоѓале под турска власт. Во тоа особено се истакнувале Русија и Австро-Унгарија, на кои, како и на другите големи сили, им било во интерес да се одржи статус-квото, а на ниедна не ѝ одговарало да влезе во војна.

Но, констатирајќи ги овие основни црти на политиката на големите сили, не треба да се заборави она позитивното што тие сили го сториле за македонскиот народ во неговата револуционерна борба.

Големите сили, пред сè, вршеле силен притисок врз Турското царство. Оттука тоа и не можело своите сили да ги концентрира против побунетите Македонци; големите сили исто така го пропагирале македонското дело, истакнувајќи дека македонскиот народ е обесправен и барајќи во Македонија да се извршат потребните реформи. Најпосле, тие биле иницијатори за мирцштегските договори, со кои биле предвидени тие реформи.

Во книгата, потоа, се зборува за балканските земји, кои во своите планови веќе сметале со Македонија како своја територија и кои го приспособиле и своето обнесување кон таа желба. Во приспособувањето на својата дневна политика кон актуелниот момент, најдалеку отишла Бугарија. Таа претендирала за анексија на цела Македонија, земја чиишто територии денес ги викаме Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија. Со ваквите свои претензии таа ги приспособила своето школство и културната дејност, а потоа и политичката, со цел да ја оствари идејата што бугарското буржоаско раководство настојувало да ја наметне врз преговарачките страни уште кога е составен Санстефанскиот мировен договор, договор што никогаш не стапил во дејство, зашто тоа не го допуштила другата страна, но дал поттици за создавање еден мит, митот за т. н. санстефанска Бугарија, т. е. за „целокупна Бугарија". Освен бугарската буржоазија, тој мит ќе го прифатат и некои раководители на БКП.

Во времето спроти Илинденското востание бугарската буржоазија влијаела врз некои луѓе од штабот на востаничките сили, наметнувајќи им ја замислата тоа востание да се подигне што поскоро, а вступувајќи им дека бугарската војска „веднаш" ќе влезе во акција на страната на востаниците.

Ова вступување на бугарската буржоазија имало цел што поскоро да го предизвика востанието, но така што самата таа во него да не учествува, востанието да претрпи пораз, па тогаш македонските револуционери да дојдат до заклучок дека сами, без бугарската војска, не можат ништо да сторат. Така, бугарската војска ќе остане на своите позиции, без да се помрдне, па дури и ќе заклучи сојуз против востаниците со вековниот непријател, Турција.

Треба овде да се истакнат уште две прашања што ги третира Авас, а се однесуваат до востанието во Македонија од 1903 година. Првото се однесува до неизвесните услови во Македонија, кои турскиот режим

— редовната војска, башибозуците и турската администрација во Македонија — го наметнал врз оваа земја, така што македонскиот народ се чувствувал како роб. Таквата состојба продолжувала и траела пет векови, така што македонскиот народ единствен излез гледал во револуција, во востание, што го подигнал на 2 август 1903 година. Неговата појава така ја оценил и Авас.

Второто прашање се однесува до идното уредување на Македонија. За него би можел да се даде следниов одговор: Македонија сакала да биде независна и целосна, а ако тоа не е можно, тогаш да оствари автономија во рамките на Турското царство. Меѓутоа, настаните што ќе уследат — тоа добро го знаеме — ќе доведат до поделба на Македонија на три дела меѓу Србија, Бугарија и Грција. Секоја од нив зела по еден дел и така, на сметка на Македонија, ја зголемила својата територија. Според тоа, Македонија и македонската нација не се изградувале на „телото" на оваа или онаа нација, туку обратното. Така и Бугарија се изградувала на „телото" не само на нејзиното „тело", туку и на културата и политичката историја на Македонците. Така постапуваат само оние што сметаат дека немаат доволно свои вредности.

Но, ова е веќе друга тема, за која вреди да се зборува по друг повод.

Овојпат да се задржиме на големиот одзив на Илинденското востание од 1903 година и да кажеме дека ова востание одекнало дури и во Јужна Америка, во Уругвај. Тоа значи дека тоа востание било големо и значајно. Поради тоа и не е случајно што ги инспирирало сите наши луѓе во Втората светска војна, што за него и денес се пишува и што постојат низа аспекти за кои треба и натаму да се пишува. „Ќе дојде втор Илинден" зборуваше еден познат македонски поет. Како таков „втор Илинден" се смета Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) во манастирот Прохор Пчињски во 1944 година, на 2 август, кога ова тело се конституира како највисок претставник и законодавно тело на македонскиот народ во заедницата на братските народи и народности во СФРЈ.

КОН ОВА ИЗДАНИЕ

Велиме — кон ова издание, бидејќи своето прво објавување книгава го доживеа во 1989 година, во реализација на скопскиот издавач „Огледало". Првото на српскохрватски јазик, со цел што поголем број читатели од тогашна Југославија да се запознаат со обработената тема, а второто — во превод на македонски јазик — нашиот читател, без разлика дали е во својата татковина или далеку од неа, да се запознае со досега непознати одгласи за Илинден на својот, роден јазик. Впрочем, тоа беше превосходна желба и на покојниот амбасадор Борис Миљовски, автор на делото „Илинден и Уругвај", и на неговата сопруга Мирјана Миљовска, која го помогна печатењето на оваа книга. Делото е автентично, на оригиналот.

Книгава обилува со одзиви за Илинденското востание на македонскиот народ од 1903 година. Меѓутоа, не во оние земји на тогашна Европа чијашто напредна јавност и официјална политика, повеќе или помалку, реагираа на маките и страдањата на овој народ под долговековно ропство. Туку — во Латинска Америка, во далечниот мал, а денес за нас голем Уругвај, во неговиот убав главен град Монтевидео. И во дневниот весник *„Ел дија"* . . . Накрај, како што истакнува по еден повод Борис Миљовски, „книгава претставува и пресметка со оние сили што не ја признаваат македонската нација".

Факсимили од „Ел дија“ со вести за Илинденското востание

"EL DIA" 9 de agosto de 1903

EN TURQUIA

"VIENA 8. Circula el rumor en esta capital de que un turco ha hecho fuego sobre el cónsul de Rusia en Monastir.

CONSTANTINOPLA. 8 Comunicaciones oficiales hacen suponer que la policía de Philippolis ha sorprendido a una asociación revolucionaria Los miembros al verse perdidos y que no podían eludir la policía arrojaron una bomba de dinamita."

"EL DIA" 10 de agosto de 1903

EN TURQUIA

"La Insurrección Macedónica"

"SALONICA 9. Trescientos insurrectos búlgaros ocuparon un puente sobre el río Veclara, a dos horas de distancia de esta ciudad.

CONSTANTINOPLA (. El combate de la población de Strovich ha sido encarnizado. Un tren lleno de heridos turcos ha llegado a Salónica.

El cuadro es imponente. El gefe Hilmi Pachá telegrafía que los rebeldes de Villayet y Monastir han degollado a los niños y mujeres, quemando vivos a los prisioneros. Los musulmanes están aterrorizados.

SAN PETERSBURGO 10. El asesinato del cónsul de Rusia que vivía en Monastir ha sido confirmado.

LONDRES 10. The Daily Telapegh de hoy lunes anuncia que los comités macedonios y armenios se han puesto de acuerdo para hacer triunfar la insurrección contra Turquía."

En Turquia

La insurreccion macedónica

SALONICA, 9—Trescientos insurrectos búlgaros ocuparon un puente sobre el río Veciara, á dos horas de distancia de esta ciudad.

CONSTANTINOPLA, 9—El combate de la poblacion de Strovich ha sido encarnizado.

Un tren lleno de heridos turcos ha llegado á Salónica.

El cuadro es imponente.

El gefe Hilmi Pachá telegrafía que los rebeldes de Villayet y Monastir han degollado á los niños y mujeres, quemando vivos á los prisioneros.

Los musulmanes están aterrorizados.

SAN PETERSBURGO, 10—El asesinato del cónsul de Rusia que vivia en Monastir ha sido confirmado.

LONDRES, 10—*The Daily Telrapegh* de hoy lúnes, anuncia que los comités macedonios y armenios se han puesto de acuerdo para hacer triunfar la insurreccion contra Turquia.

Noticias de Italia

ROMA, 10—Telegrafian de Cogne (Valle de Aosta), que el rey está cazando en esas montañas, y que ha matado ya veinte gamizos y 17 stombecchi, clase de venado de los Alpes.

"EL DIA" 10 de AGOSTO DE 1903

...ral M. Labat cuenta como ...
...e con los Humbert y explica los pre...
...estos que seguía en una entrevista
...ro con ellos y á la cual asistieron M.
...nier y M. Amaral.
...spensor interesado de pasos para
...ar á M. Valle el haber recibido de
...ro Catalina una suma de $ 20.000 fran...
...abogado Labat dice que en esa ocasión
...es indispensable que M. Caillaux
...ercanía le Cerle y emplee á este
...ogni que M. Waldeck Rousseau ha
...ebido en el asunto.
S. 12—En el proceso de los escán...
...gnitori, los peritos calígrafos decla...
...los abogados demandantes Franc...
...de letra de los hermanos D'Aurig...

...ario Mr. Barrere y un dependiente
...a Bernain D'Argence para hacer
...emás poderes á nombre de Craw...

...se cree le corresponden que
...cargos retirará cartas á Berlín y

Noticias de Italia

...12—Cree...ción los cardenales que
...a capital para asistir á las
...sones de 12 á XIII y el nuncio...
...á en diciembre.
...or Herrero y Espinosa abandonó
...o.
...12—El gobierno español ha com...
...al gobierno francés, por la retirada
...ada en el subsecretario de Montalivet.

...12—El Papa Pío X, cuya de cada...
...actualmente. Hoy se pasó por
...a del Vaticano, á quien le dijo lo
...rarios saber, lo mismo que á el
...ranos.
...12—Se asegura anuncian que en
...as otras capillas se han desplomado
...terremoto
...pacíficos de las iglesias, están

...8, 12—Se ha abierto un nuevo
...Volcán Vesubio, el cual expulsó
...re de lava que llegó á la falda,
...ruido...endo una extensión de
...metros de ancho, por el doble de

...3—El diario «L'Italien» anuncia
...idad el Papa, enviará próximamente
...orta al obispado de esta capital,
...ena encíclica político religiosa.

...8, 12—Las poblaciones de los
...del Volcán Vesubio, sonabanlos
...nes marítimos, los que acampan
...illes. El aspecto que presenta el
...nomeno, visto desde este cla...

...—El periódico «Il Giornale d'I...
...e la noticia de que se ofreció al
...ernador Sotelli la secretaría de
...Vaticano, pero agrega su desi...
...
...l nuncio en Monaco.
...Monseñor Merry del Val ha
...do nuevo apostólico en Viena.
...Monseñor Chiesa fué nombrado
...uevo cargo en Urugua...
...—El Italien protesta de la noticia
...ará una protesta de la Santa
...el veto formulado por Austria
...
...e redactará en los términos
...reconoce la soberanía del
...ordenes.
...—Anuncian de Niza que la ...

...heridos de muy poca gravedad.
...Por el momento la cifra de muertos
...el campo de batalla asciende á cuatrocientos cadáveres y
...numerosos heridos.

En Turquía

LAS INSURRECCIONES MACEDÓNICA

Continúan los combates

Descontento de los soldados turcos

El gobierno búlgaro

CONSTANTINOPLA, 12—Los búlgaros mu...
...ieron en el combate librado en las cercanías de Seroviteh.
Las tropas turcas tuvieron 20 muertos.
En las inmediaciones de Petrigo hubo nue...
...vos combates, cuyos resultados se ignoran.
SOFIA, 12—Se teme que ocurra muy en breve una masacre de musulmanes en Macedonia.
Las fuerzas después de un encarnizado bombardeo, destruyeron la localidad de Ka...
...lleo.
Anteayer circuló el rumor de haber ocurrido un combate encarnizado, cerca de Krushevo.
...Lerin, á Lifer.
CONSTANTINOPLA, 12—Comunican de Salónica que en los distritos de Dibra, Ki...
...rilleo, y Radovitz continúan los conflictos entre los albanezes y los turcos.
Continúan tratando los asuntos en las po...
...blaciones.
CONSTANTINOPLA, 12—Circula el rumor de que cunde la indisciplina entre los soldados turcos que operan en Macedonia.
Esto sucede principalmente porque el gobierno no les paga los sueldos.
Diariamente llegan contingentes de soldados que vienen con armas á los revolucionarios.
CONSTANTINOPLA, 13—El gobierno ofrece $ 1000 oro á la viuda de Restowitch, cuyo esposo fué asesinado en Monastir.
El gobierno desea arreglar satisfactoriamente el incidente, y á la mayor brevedad.
CONSTANTINOPLA, 13—El gobierno despachó al gobernador del distrito de Musch, Armenia, donde los kurdos han cometido últimamente varios asesinatos.
SOFIA, 13—El gobierno búlgaro hace cuanto está en sus fuerzas para contener el movimiento revolucionario; pero la situación es tan difícil que se teme que el gobierno no pueda resistir por mucho tiempo la presión de la opinión pública y que se vea pronto obligado á abandonar la causa de los macedonios.
Se espera con ansiedad el regreso del príncipe Fernando.
Respecto al viaje del príncipe, que se encuentra ahora en Rumelia, inspeccionando las tropas estacionadas en la frontera turca, dirigiéndose á esta capital, y que el gobierno adopte entonces una conducta definitiva en lo referente á la cuestión de Macedonia.

La convención azucarera

LONDRES, 12—El subsecretario de la «Cámara de los Comunes» anunció el decreto promulgado por el cual se prohibe, á partir desde el primero de Septiembre, la importación de azúcares de Francia, Holanda y Alemania, á menos que estos sean de grado no superior al

políticos.

Gabinete servio

BELGRADO, 12—Tres ministros del gabinete servio han presentado su dimisión.
Rey Pedro Karageorgevitch, con motivo de la victoria obtenida en el parlamento por los ministeriales intransigentes, ...

El trust naval

LONDRES, 12—Ha sido aprobado en la Cámara de los comunes y adoptado por 92 votos contra 19, la resolución favorable á la actitud del gobierno con las compañías de navegación de Cunnard y el trust presidido por el señor Morgan.

De Chile

SANTIAGO DE CHILE, 12—Con motivo de que los carniceros se declaran en huelga.
—Se crearon dos escuelas alemanas en la capital.
—Se presentó un proyecto para relaciones artísticas sud-americanas.
—Se comisionó al ingeniero señor Ramírez que se encuentra en el extranjero en Comisión, hizo á todos para establecer carreras en la zona de los ríos Quillota y Concepción para dar salida á los minerales de la costa.
SANTIAGO DE CHILE, 12—Con motivo de ignorarse que la peste bubónica se ha manifestado en algunos casos en los puertos vecinos fatales.
—Fueron invitados á hacer uso de la palabra en el banquete que se ofrecerá á la delegación argentina, Sr. Tezy, en el Teatro Politeama, los señores Ramón Barros Luco, Mac Iver y Emilio Edwards Cotecido.
VALPARAISO, 13—El buque correo que debía salir para la semana entrante, con destino al Atlántico. Se tiene el proyecto que recale en los Estados Unidos, con objeto de que la oficialidad visite, la estatua de Saint Louis.
Se presentó aquí un nuevo caso sospechoso de peste bubónica.

La cuestión del Acre

Arreglo Israel-Bolivia

RIO JANEIRO, 13—Se sabe que las proposiciones hechas por la cancillería boliviana á Bolivia para dar una solución á la cuestión del Acre consisten:
En una indemnización de 3.000.000 de libras esterlinas.
Construcción del ferrocarril de Madera á Mamoré.
Cesión de un puerto en Madera para exportación de los productos bolivianos.
Varias franquicias aduaneras.
Bolivia exige, según se asegura, 2.000.000 de libras esterlinas.
Todavía no se ha recibido respuesta del gobierno boliviano y se espera que traerá el vapor el correo.

Noticias comerciales

BUENOS AIRES, 12—El Banco ... aumentará su capital á ... pesos.
El fondo de la caja de conversión es de 35.000.000 $ oro.
Se venden en 5951 cuentas corrientes $ 19.75 oro los 500 ...

M. Zanevieff y le han manifestado su pésame por el asesinato del cónsul de Monastir, y han declarado al mismo tiempo que el gobierno castigará debidamente al culpable que se halla arrestado.

El ministro de Grecia dirigió de Suiza, á la Sublime Puerta una nota por la cual pide protección para los súbditos establecidos en los distritos perturbados de Macedonia.

CONSTANTINOPLA, 10—Comunican de Salónica que varias bandas de búlgaros quemaron quince aldeas turcas del distrito de Okhrida.

CONSTANTINOPLA, 10—El Sultán telegrafió al czar Nicolás II expresándole su sentimiento por el asesinato del cónsul ruso.

El gobierno de Rusia exige plena satisfacción y un castigo ejemplar para los asesinos.

En las cercanías de Sorovitch efectuóse un nuevo encarnizado combate.

La Sublime Puerta sigue enviando refuerzos y el gobierno de Bulgaria refuerza las guarniciones fronterizas con Turquía.

LONDRES, 10—El comité macedónico pasó una circular á las potencias europeas pidiéndoles obliguen á Turquía á nombrar un cristiano para gobernar á Macedonia y un consejo de vigilancia también cristiano.

LONDRES, 11—*The Times*, publica un telegrama de Sofía diciendo que el causante de la insurrección en Macedonia es el gobierno turco, que con sus persecuciones exasperó á los macedonios.

El nuevo Papa

СОДРЖИНА

1. Увод — — — — — — — — — — — — — — — 5
2. Улогата на агенцијата Авас (денес: агенција Франс-прес) и на весникот „Ел дија“, дневник од Монтевидео, Уругвај — — — — — — — — — — — — — 15
3. Причини за Илинденското востание — — — — — — 27
4. Цели на Илинденското востание — — — — — — — 37
5. Некои воени аспекти од борбата на турската војска против Илинденското востание — — — — — — — — 41
6. Големите сили во Илинденското востание — — — — 63
7. Улогата на соседите во Илинденското востание — — 74
8. Самобитноста на македонската нација и на македонскиот јазик — — — — — — — — — — — — 93
9. Заклучоци — — — — — — — — — — — — — 106
Кон ова издание — — — — — — — — — — — — 111

Борис Миљовски: Илинден и Уругвај ; издавач: „Современост“, Скопје — 1992 ; превод : Евтим Манев ; тираж: 1.000 примероци; печат: ГИТ „Гоце Делчев“, Скопје (3720/92).

БОРИС МИЉОВСКИ (1921, РЕСЕН – 1991, СКОПЈЕ), ПОЗНАТ МАКЕДОНСКИ ПУБЛИЦИСТ, ДИРЕКТОР НА РАДИО СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА „НОВА МАКЕДОНИЈА", ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО БРАЗИЛ (1968–1973, САО ПАОЛО), АМБАСАДОР ВО УРУГВАЈ (1976–1980, МОНТЕВИДЕО), АМБАСАДОР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, БЕЛГРАД.